МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
Свети Николе – Битола – Р.С. Македонија



Факултет за правни науки

Магистерски труд на тема:

Споредба на казнениот систем помеѓу САД и РСМ

Изработил:
Верица Јосифова

Ментор:
доц. д-р Марија Гроздановска

Свети Николе, 2020

Апстракт

Со цел за заштита на државните интереси и вооедно процедурална правда, се воспоставуваат казнено-правните системи. Со нив се опфатени: полицијата, којашто му помага на обвинителот при истрагата, судот, којшто утврдува вина или невиност на обвинетиот заедно со поротата, обвинителот, којшто ја докажува вината и обвинетиот со неговиот бранител, кои ја докажуваат невината и ја спремаат одбраната. Заради важноста на овие два казнено-правни системи, преку компаративна анализа пробав да ја доловам суштината на нивните битни сличности и разлики, предности и недостатоци при постапувањето на полицијата, улогата на судот, спогодувањето за вината и одвивањето на судската постапка. При измената на ЗКП во РСМ во 2010 година, нашиот систем се доближува до казниениот систем во САД, но сè уште постојат недостатоци коишто треба да бидат доработени или коригирани. Овие недостатоци се образложени подобро во заклучокот.

Клучни зборови: вина, полиција, обвинет, обвинител, суд, порота, судење, бранител.

Abstract

In order to protect the state interests and at the same time procedural justice, the criminal legal systems are established. They include the police who assist the prosecutor in the investigation, the court that found the defendant guilty or not, along with the jury, the prosecutor who proved the guilt, and the defendant with his defense counsel who proved their innocence and prepared the defense. Due to the importance of these two criminal justice systems, through comparative analysis I tried to capture the essence of their important similarities and differences, advantages and disadvantages in the actions of the police, the role of the court, plea bargaining and litigation. With the change of the LCP in RNM in2010, our system is getting closer to the penal system in the United States, but there are still short-comings that need to be addressed or corrected. These short-comings are better explained in the conclusion.

Keywords: guilt, police, defendant, prosecutor, court, jury, trial, counsel

Содржина

Листа на кратенки **6**

Вовед **7**

1. Предмет и цел на истражување **8**

2. Општествена и научна оправданост на темата **10**

3. Хипотези **11**

4. Методологија на истражувањето **11**

ГЛАВА ПРВА – КРИВИЧНА ПОСТАПКА ВО САД **12**

1. Суштински карактеристики на кривичната постапка во САД **13**

2. Извори на кривичното право во САД **15**

3. Организација на кривичното судство во САД **16**

4. Постапување на полицијата **17**

4.1. Апсење на осомничениот **17**

4.2. Случаеви на воздржување на полицијата во однос на апсењето на осомничениот **18**

4.3. Претреси **19**

4.4. Миранда предупредување **20**

5. Појавување на уапсениот пред правосудниот службеник **22**

6. Постапка пред големата порота и прелиминарен претрес **23**

6.1. Големата порота **24**

6.2. Прелиминарен претрес **26**

7. Рочиште за изјаснување на обвинетиот за обвинението **28**

8. Спогодба за признавање на вината во САД **31**

9. Поротното судење **35**

9.1. Селекција на поротниците **36**

9.2. Претходно рочиште **38**

9.3. Одржувањето на судењето пред поротата и изрекувањето на кривичната санкција **38**

10. Жалба **43**

ГЛАВА ВТОРА – КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА **44**

1. Извори на кривичното право во Република Северна Македонија 46

2. Организација на кривичното судство на РСМ 47

3. Органи со посебни овластувања 49

3.1.Полиција 49

3.2. Постапување на полицијата 51

3.2.1.Претрес 51

3.3. Лишување од слобода 54

4. Доведување на задржаното лице пред службеникот за прифат 55

5. Стадиуми на кривичната постапка 56

5.1. Претходна постапка 57

5.1.1. Предистражна постапка 57

5.1.2. Полициски извиди – прва фаза во предистражната постапка 58

5.1.3. Прибирање потребни известувања на јавниот обвинител 60

5.1.4. Истражна постапка 63

5.1.5. Доказно рочиште 66

5.2. Обвинување 67

5.2.1. Обвинител акт 68

5.2.1.1. Рочиште за оцена на обвинителен акт 69

5.2.1.2. Рочиште за признавање на вина 70

5.2.1.3. Одлуки на судијата, односно на советот 71

5.2.2. Обвинителен предлог 72

5.2.3. Приватна тужба 72

5.3. Главна расправа 72

5.3.1. Видови пресуди 75

5.4. Постапка по правни лекови 78

5.4.1. Редовни правни лекови 78

5.4.1.1. Жалба против пресуда на првостепениот суд 78

5.4.1.2. Жалба на пресуда на второстепениот суд 83

5.4.1.3. Жалба на решение 84

5.4.2. Вонредни правни лекови 84

6. Забрзани постапки 87

6.1. Постапка за медијација 88

6.2. Постапка за издавање на казнен налог 89

6.3. Спогодување 90

ГЛАВА ТРЕТА – СЛИЧНОСТИ И РАЗЛИКИ ПОМЕЃУ САД И РСМ 97

Заклучок 104

Користена литература 109

1.Книги: 109

2.Закони: 111
3.Статии: 112

Листа на кратенки

САД - Соединети Американски Држави

РСМ- Република Северна Македонија

ЗКП- Закон за кривична постапка

КЗ- Кривичен законик

ЈО- Јавно обвинителство

УРСМ- Устав на Република Северна Македонија

ЗС- Закон за судовите

ВРСРМ- Врховен суд на Република Северна Македонија

МВР- Министерство за внатрешни работи

ДНК- Дезоксирибонуклеинска киселина

Вовед

Ја одбрав оваа тема од причина што сакав да направам споредба помеѓу казнениот систем на Република Северна Македонија и казнениот систем на Соединетите Американски Држави.

За да ги доближиме основните правни карактеристики на овие два големи системи коишто се различни, но сепак имаат и многу сличности, направив компаративна анализа. Нашиот казнен систем со измените е ориентиран кон казнениот систем во САД со воведување на новината спогодување помеѓу јавниот обвинител и обвинетиот заедно со неговиот бранител и ставање на активна улога на обвинителот за водење на целата постапка во соработка со правосудната полиција.

Како два различни казнено-правни система имаат предности и недостатоци кои подоцна ќе ги образложиме во заклучокот, претставуваат одлични системи за кои може да се направи споредба.

Голем дел е опфатен за анализата и концептот на истрагата и спогодувањето, со цел да се сфатат новите карактеристики кои се воведени како новина со измените на Законот за кривична постапка во РСМ во ноември 2010 година и кои претставуваат нешто ново во нашето законодавство.

Како голема разлика помеѓу овие два казнено-правни система се јавува улогата на полицијата којашто во САД има поактивна и позначајна улога, а кај нас улогата на полицијата е ограничена.

За остварување на целта на кривичната постапка потребно е „двобој“ на две спротиставени страни од кои едната ја докажува вината, а другата ја дава својата одбрана, со преземање на процесно-правни дејствија за брзо, економично и ефикасно одвивање на постапката пред судот којшто донесува одлука при претходно изведените докази пред него и нивна оцена. Со оваа одлука се манифестира општествената реакција за сторената повреда на кривично-правната забрана и остварување на слободите и правата на обвинетиот кои се индивидуални, како и остварување на заштита на процесните гаранции кои се воспостановени во домашните и меѓународните извори на правото.

Секои слободи и права на поединецот се ограничени само во дозволена мера којашто е потребна и е пропорционална со кривичната санкција и степенот на сомневање за стореното кривично дело, кои се под услови на пропишаните извори на кривичното право во САД и во РСМ.

Новината, спогодување помеѓу јавниот обвинител и обвинетиот, долги години претходно кај нас не се користеше од причина што се сметаше дека при одмерувањето на казната не треба да постои „договор“ или на некој начин „дијалог“ помеѓу јавниот обвинител и обвинетиот, но при воспоставување на овој институт се растерети судството и најде ефикасна примена во нашето законодавство.

1. Предмет и цел на истражување

Темата на овој труд се гледа и од самиот наслов: „Споредба на казнениот систем помеѓу САД и РСМ”. Во трудот се објаснуваат доминантните карактеристики на двата основни, големи казнено-процесни системи.

-Кривичната постапка на САД, за која е карактеристично дека е адверзијална (акузаторна) постапка;

-И кривичната постапка на РСМ која се ориентира кон акузаторната постапка после 2010 година, а која претходно беше ориентирана на инквизиторната постапка.

Кривичната постапка во САД се заснова на презентирање на доказите и вкрстено испрашување на сведоците. Оваа постапка дава дополнителни гаранции за воспоставување на заштита на правата на осомничените и на обвинетите при препознавањето, за време на судењето и во текот на постапката по жалба.

Овде како предмет ќе ни биде англосаксонскиот, односно акузаторните типови на постапки, во кои е карактеристично дека судот на рочиштето станува пасивен, односно изведувањето на доказите е препуштено на странките, додека судот е фокусиран на оцена на доказите пред него и која странка е невина. Овде судењето започнува со презентирање на доказите од страна на обвинителот, на кои одбраната може да одговори, а потоа и да ги изведе своите докази, односно доказите на одбраната, на кои обвинителот има можност да одговори, додека судот е ограничен под тоа прашање, а испрашувањето на странките е вкрстено.

Нашата држава долго време го применуваше поранешниот југословенски ЗКП, заснован врз моделот на т.н. мешовита казнена постапка која влече свои корени уште

од Наполеоновиот француски ЗКП и од него изведениот австриски ЗКП, во поранешна Југославија внесен најпрвин преку Кралството на Србите, Хрватите и Словенците. [1]

Кога се воведе новиот ЗКП во 2010 година со неговите измени, кривичната постапката во РСМ се ориентира кон западната идеологија на човековите права и акузаторната постапка за фер судење. Овие темели за меѓународните стандарди за човековите права се правно задолжителни за сите држави.

Целта на овој труд е да докажеме дека додека беше во сила стариот ЗКП во РСМ кривичната постапка беше од мешовит систем и имаше големи потешкотии во докажувањето на вина, додека со измените во 2010 година постапката се приближи до акузаторниот систем којшто го има САД. Иако со измените се приближивме до акузаторниот систем на САД ние сме сè уште далеку од него, од причини што кај нас не функционира и не е воведено поротното судење. Спогодувањето сè уште не е разработено како што е во САД и поради тоа имаме пренатрупани казнено-поправни установи и слични проблеми кои ќе бидат дополнително разработени во овој труд.

Материјата која ќе биде изложена во овој труд е систематизирана во: Вовед, Три глави и Заклучок, а ќе биде претставена на следниот начин:

Во **воведниот дел** е објаснет предметот и целта на истражувањето, општествената и научната оправданост на темата, употребените хипотези и применетата методолошка рамка;

Во **првата глава** ќе биде објаснета целата кривична постапка во САД, односно изворите на постапката, организацијата на судовите, полициското постапување, појавувањето на уапсениот пред правосудниот службеник, постапката пред големата порота и прелиминарниот претрес, рочиштето за изјаснувањето на обвинетиот за обвинението, спогодбата за признавањето на вината во САД, поротното судење и постапката за одлучување по жалба;

Во **втората глава** ќе биде објаснета целата кривична постапка во РСМ, односно изворите на кривичното право во РСМ, организација на кривичното судство во РСМ, органите со посебни овластувања, доведувањето на задржаното лице пред службеникот за прифат, стадиумите на кривичната постапка, редовните и вонредните правни лекови и забрзаните постапки;

Во **третата глава** преку табеларен приказ ќе бидат прикажани сличностите и разликите помеѓу овие две постапки, и

[1] Калајџиев, Г., Лажетиќ, Г., Неделкова, Л., Денковска, М., Тромбева, М., Витларов, Т., Јанкуловска, П., Кадиев, Д., (2018) Коментар на законот за кривична постапка, Скопје, страна 6

Во **заклучокот** ќе бидат претставени поважните заклучоци и препораки коишто произлегуваат од овој труд.

Цел на овој труд е да направиме присоединување на овие два казнено-правни системи преку нивно образложување и изведување на нивните сличности и разлики и да дадеме конкретна претстава за истите.

2. Општествена и научна оправданост на темата

Како ефективен начин за учење на правните култури, улога зема компаративното казнено право. Доминантните карактеристики во законодавството во сите земји се формираат со „позајмување" на доминантните карактеристики од големите држави. Казнената постапка за да биде усогласена со меѓународните норми за човековите права, односно да ги гарантира човековите права и слободи и да го заштити општеството од постојани напади мора постојано да се менува.

Како главни модели за кривичната постапка се законите на големите земји во Европа, како што се Германија, Франција, Австрија и Италија но и постапките во САД и Англија коишто важат за акузаторни постапки.

Овој магистерски труд има за цел да ги доближи основните правни карактеристики на казнено-правните системи во САД и РСМ за подобро разбирање на процесните институти во овие системи. Сакаме да ги претставиме и да ги образложиме овие два системи коишто се премногу различни, а и воедно премногу слични. Додека казнено-правниот систем во САД важи за постапка во која постојат три основни функции како што се: гонење, одбрана и осудување, оваа постапка во текот на годините покажала и големи недостатоци, затоа што ги заштитувала и вистинските престапници коишто можеле да ги искористат своите процесни права и слободи за одбегнување на правдата. Во РСМ, иако системот е во постојано прифаќање на големите идејни карактеристики како што се: владеење на правото и основните човекови права и слободи, овој систем се наоѓа во постојана криза од причина што постои (не)ефикасност на судските постапки и недоверба во судството што допринесува до распад на целиот правен систем во целина.

Реформите коишто треба да се воведат во овие два казнено-правни системи се: афирмирање на судското спогодување, ефикасна контрола врз полицијата и останатите органи и воведување на поголема улога на јавното обвинителство во целата постапка.

3. Хипотези

Хипотеза бр. 1

Според воспоставената практика во САД, голем дел од казнените предмети завршуваат со институтот спогодување за вина. Оваа хипотеза планираме да ја докажеме преку анализа на казнените предмети во САД.

Хипотеза бр. 2

Според воспоставената практика во РСМ, мал дел од казнените предмети завршуваат со институтот спогодување. Оваа хипотеза планираме да ја докажеме преку анализа на казнените предмети во РСМ.

Хипотеза бр. 3

Јавните обвинителства во РСМ можат да поднесат предлог спогодба и на тој начин да ја поедностават својата работа. Оваа хипотеза планираме да ја докажеме преку анализа на обемот на работа на Јавните обвинителства во РСМ за период од 2014 година до 2018 година.

Хипотеза бр. 4

Казнените системи во САД и РСМ се слични, но и едниот систем и другиот имаат свои предности и недостатоци.

4. Методологија на истражувањето

При изработка на овој труд ќе ги користиме квалитативните методи на истражување. Така ќе ги опфатиме индуктивниот и дедуктивниот метод, споредба, статистика, анализа и компарација. Исто така, е употребен и нормативно-правниот метод за анализа на пропишаните правни норми кои се поврзани во еден правен систем. Додека пак, со компаративниот метод се прави анализа на двата казнено-правни системи преку нивните сличности и разлики.

ГЛАВА ПРВА – КРИВИЧНА ПОСТАПКА ВО САД

Посебно карактеристично за англосаксонскиот и евроконтиненталниот казнено-правен систем е тоа што евроконтиненталниот систем го нарекуваме инквизиторен, додека англосаксонскиот го нарекуваме акузаторен. Иако оваа терминолошка определба не е коректна затоа што евроконтиненталниот систем содржи инквизиторни елементи, а во суштина тој претставува еден мешовит систем, како што и англосаксонските системи повеќе не се од чист акузаторен тип. Повеќе држави од Европа имаат мешовити кривични постапки, со исклучок на Италија која после последната реформа на своето казнено-процесно законодавство својата казнена постапка ја уредила претежно на акузаторни основи. Додека повеќе држави коишто припаѓаат на т.н. англиско говорно подрачје како што се Велика Британија, односно пред сите Англија и Велс, како и САД имаат типични акузаторни казнени постапки.

За евроконтиненталните казнени постапки е карактеристично дека во истрагата постојат силни инквизиторски елементи со почитување на правото на одбрана. Во овој тип на постапка основните казнено-процесни функции се строго одвоени, додека јавниот (државниот) обвинител не е типична странка затоа што тој како државен орган има должност да ги штити и општите интереси покрај странечките интереси, а пред сè интересите кои произлегуваат од начелото на вистина, на пример, обвинителот мора да собира докази кои го теретат обвинетиот, но и докази кои одат во прилог на неговата одбрана. Покрај тоа, судот е пасивен бидејќи обвинителот ги изведува сите докази пред судот.

За англосаксонската, односно акузаторната постапка е карактеристично тоа што судот е целосно пасивен во однос на изведувањето на доказите, така да изведувањето на доказите во основа е препуштено на странките додека судот се фокусира на проценката која странка во „доказниот двобој" пред него била поуспешна. Судењето започнува со презентирање на доказите од страна на обвинителството на кој одбраната во одредени процесни форми одговара, односно има прилика да даде одговор, за да би можеле подоцна да се изведат доказите на одбраната со можност да на нив одговори обвинителството. Сослушувањето, односно испрашувањето во текот на судењето е од странечки карактер, така што одреден сведок го сослушува прво странката којашто го повикала, а потоа противстранката, додека подоцна доаѓа повторно до сослушување на сведокот од странката којашто го повикала.

Современото кривично-процесно право се карактеризира со изразито спојување на елементите од овие два големи казнено-правни системи, што е последица на општите глобалистички тенденции, така и на потребата на вметнување на елементите кои се потенцијално ефикасни и корисни во казнено-правните системи, независно од тоа дали потекнуваат од едниот или другиот казнено-правен систем. Така на пример, денес многу евроконтинентални казнени постапки содржат и некои елементи на акузаторната постапка, за што е секако најтипичен институтот спогодба за вина. И многу акузаторни казнено-правни постапки прифаќаат некои решенија од евроконтинеталните постапки, а посебно во врска со зголемувањето на овластувањата на јавниот обвинител. Ова спојување иако е оправдано, сепак има свои граници кои во сериозна мера мораат да се засноваат и на присутната правна традиција на одредени држави. Не е едноставно, а по правило не е ниту оправдано да во еден правен систем кој веќе има воспоставено карактеристики на одреден казнено-правен систем, вештачки да се „калемат" доминантните елементи од друг таков тип, затоа што тоа може да доведе до огромни практични проблеми, а пред се неснаоѓање на субјектот во постапката во новиот казнено-процесен амбиент, што потоа по логика се сведува на неефикасен или неправичен казнен систем.

1. Суштински карактеристики на кривичната постапка во САД

Иако како „колевка" на англосаксонскиот систем е Англија[2], денес како типичен современ претставник на овој голем правен систем се смета САД.

Кривичната постапка во САД има две суштински обележја:

1. Кривичната постапка е **акузаторна**, односно во неа има процесен „двобој" на странките пред поротата која е формирана од обични граѓани и која одлучува за суштинското прашање во кривичната процедура, односно дали е докажана вината, додека судот има пасивна улога и треба да води сметка да не бидат прекршени некои процесни правила од страна на странките, и на изрекување на кривичната санкција доколку поротата утврди дека постои вина.

2. Во оваа кривична постапка има огромно значење **спогодбата за признавање вина (plea bargain)** така што на овој начин се решаваат најголем број започнати кривични постапки, иако формално претставува пропуст во однос на поротното судење

[2] Iyall, F., (2000) An introduction to British law,"Nomos Verlagsgesellschaft", Baden-Baden, страна 182.

кое мора да биде правило и е предвидено во Уставот на САД, во смисла да секој граѓанин кој е обвинет дека сторил кривично дело, има право против тоа обвинение после правичното водење на кривичната постапка, да се изјасни поротата која е составена од граѓаните, а без учество на судијата кој е професионалец во однос на изведувањето заклучок на докажаното или недокажаното обвинение.

Иако ги објаснивме овие две основни и суштински обележја на кривичната постапка во САД, постојат и други битни карактеристики како што се:

1. скоро потполна *неформалност на кривичната истрага*, која не спаѓа како дел на кривичната процедура, ниту се спроведува како основа на некоја посебна одлука, сите потребни дејствија се од страна на полицијата без донесување на формална одлука, која формално би означувала започнување на истрагата во која инаку доминира полицијата со можност на извесна улога на државниот обвинител што не е правило, туку се однесува за некои специфични ситуации кои не се толку чести во практика.

2. *Изразито доказна лимитираност на кривичната истрага* што се сведува на тоа што не може да се користи која било изјава во самата кривична постапка која е дадена додека траела истрагата, освен само кога се работи за изјава која е дадена од страна на осомничениот и само под услов стриктно да се почитувани сите негови права, односно правото на одбрана на обвинетиот дека сторил кривично дело, каде е посебно важно пред земањето на изјавата да му се кажани сите потребни поуки и известувања (Миранда правила)[3].

3. *Начелна ориентираност на кривичната истрага во однос на материјалните докази*, што претставува дека материјалните докази кои се прибавени во текот на истрагата можат да се користат и на судењето доколку дојде до подигнување на обвинение, но само доколку овие докази се прибавени на законит начин, овде се применува и познатата доказна концепција на исклучување на доказите кои сами по себе се правно нерелевантни, така и оние кои инаку како такви би биле сами по себе правно релевантни, но до нив се дошло на неправен начин “the fruits of the poisonous tree doctrine”[4].

4. *Жалба против пресуда* е со ограничено постоење и во практика е премногу ретка. Таа може да се уложи единствено во однос на изразено кршење на процесните правила,

[3] Тоа значи дека, кога станува збор за личните извори на докази, односно изјавите како докази кои се дадени во текот на истрагата на несудските органи (полиција), како доказ може да се користи само изјавата на осомничениот, под услов да се испочитувани сите уставни правила кои се однесуваат на елементарните права на осомничениот на одбрана, што се однесува на познатите Миранда правила.

[4] Плодови од отровно дрво.

односно повреда на правата, каде жалбениот суд не е должен да одлучува мериторно во секоја поднесена жалба, туку само ако прелиминарно оцени дека може да постои повреда на правата. Доколку одлучи во однос на конкретното прашање, има значење и за развој на понатамошната практика.

5. *Начелно недефинирање на утврдување на вистината како цел на кривичната постапка* – во оваа постапка суштински се утврдува успешноста на изведување на доказите од странките во своја корист, а не и кои се вистинските фактички елементи на кривичното дело кое е предмет на кривичната постапка. Оттука, всушност, и произлегува огромното формално и фактичко значење на признанието на обвинетиот и воопшто неговиот став во однос на обвинението. Доколку обвинетиот го признае обвинението, останатите докази нема да се изведат пред судот и судот нема да се впушта во какво било докажување, во однос на фактите кои самите странки не ги сметаат за спорни, без оглед на тоа што ова некогаш може да биде и проблем во некои екстремни ситуации, затоа што ова не одговара на она што е, всушност, вистина во конкретниот случај.

2. Извори на кривичното право во САД

Како што е претходно објаснето, изворите на кривичното право во САД како од материјална, така и од процесна природа се хетерогени. Во кривично-правната област се релевантни толкувањата и одлуките поврзани со IV, V, VI амандман во Уставот на САД во однос на федералниот систем на казнено-процесното законодавство, како и XIV амандман во уставот на САД во однос на државните системи на казнено-процесно законодавство, додека другите основни правила се формулирани во законите како на ниво на САД, така и во некои федерални прописи. Овде одредени правила произлегуваат и од обичаите и од стекнатата традиција, односно се засноваат на формално дејство на веќе претходно донесени судски одлуки кои стекнуваат претседентно значење и стануваат сопствен извор на право.

Статус имаат и т.н. Миранда правата[5], односно обврска на секој полициски службеник при моментот на апсењето на осомничениот да го поучи за своите уставни права.

[5] Miranda V. Arizona, 348 US 436(1966).

Во кривичната постапка се применуваат и федералните правила кои прв пат се донесени во 1975 година, а последен пат се менувани во 2009 година и се однесуваат на постапувањето на федералните окружни судови, на федералните жалбени (апелациони) судови и на Врховниот суд на САД[6]. Овие правила се применуваат за појаснување на прашањата кои се сврзани за оцена на способноста на вештакот, сведокот, начинот на сослушување, статусот на изјавите на сведоците за настаните кои не биле видени од нив лично, но само слушнале за нив од трети лица кои во практика не се дозволени како докази во судот, но можат да бидат презентирани заради утврдување на вистината во конкретниот судски случај[7].

3. Организација на кривичното судство во САД

Посебно внимание е посветено на американското сфаќање на федерализмот[8] кој претставува одлучувачки фактор во организицијата на американското право.

Се разликуваат три нивоа на управување: локален, државен и федерален.

Основна одлика на судскиот систем е постоење на паралелизам помеѓу судовите кои постојат во секоја од сојузните држави и федералниот судски систем. Поради специфичните карактеристики кои постојат во секоја сојузна држава, тешко можат да се издвојат некои заеднички карактеристики освен постоењето на три инстанци: првостепени, апелациони и највисоки кои ги има и во федералниот судски систем.

Во прв степен одлучуваат окружните судови, во втор степен апелационите судови, додека највисок судски орган е Врховниот суд во САД. При анализа на судската надлежност во кривичните предмети, пред окружните судови во сојузните држави, се упатуваат сериозни приговори во гаранцијата за фер-постапка, додека Врховниот суд во САД има дискрециono право да одлучи дали одреден предмет ќе се земе во разгледување.

Во САД постојат 94 федерални области, а федералното судство го сочинуваат:

-Врховниот суд на САД (US Supreme court);

-Апелационите судови (US Courts of appeal) – постои еден апелационен суд за федералната област и 12 регионални апелациони судови;

[6] Federal Rules of Evidence 2009, www.FederalEvidence.com.

[7] Federal Rules of Criminal Procedure 2009, http://www.law.cornell.edu/rules/frermp/.

[8] Федерализмот е симбол на слобода на американците и потврда дека тие сами управуваат на ниво на локална заедница, додека управувањето на некое повисоко ниво е од изведен карактер.

-Федералните обласни судови (US District courts) – се на највисоко ниво во федералниот судски систем; во секоја федерална област постои по еден областен суд, или вкупно 94 обласни федерални судови;

- Суд за меѓународна трговија (Court of International Trade);
- Суд за федерални барања (Court of Federal Claims).

Државните судови можат да се поделат во 4 општи категории:

- судови со ограничена надлежност,
- судови со општа надлежност,
- апелациони судови (intermediate appellate courts), и
- највисоки државни судови (courts of last resort)[9].

4. Постапување на полицијата

Како главна гаранција на заштитата на лицата, домовите, имотот и преписката се правата содржани во IV амандман. Во овој амандман е внесено противзаконитото ограничување на движењето на граѓаните и нивното апсење и противзаконитиот претрес и одземање предмети. При претресот, полицијата мора да обезбеди судски налог врз основа на разумна веројатност кога оваа дејствие ќе дојде до судот, тој мора да оцени дали полицијата постапила според предвидените гаранции и дали ги испочитувала предвидените услови.

4.1. Апсење на осомничениот

Апсењето претставува прв суштински контакт помеѓу државата и осомничениот. Односно, апсењето го спроведува некој од надлежните државни органи, каде што може да се најде класичната криналистичка полиција но понекогаш тоа може да бидат некои специјализирани органи како што се DEA, FBI и други.

Во САД постојат две основни врсти на апсење на осомничениот и тоа:

1. со налог и
2. без налог.

[9]Лажетиќ-Бужаровска, Г., Калајџиев, Г., Мисоски, Б., Илиќ, Б., (2011) Компаративно казнено процесно право, Скопје, страна 34.

Налогот за апсење може да го издаде судот по барање на државниот обвинител. Во некои случаи налогот може да се издаде и по барање на некои други лица како што се жртвите на кривичното дело, но само тогаш кога ќе се оцени дека постои веројатна причина за апсење.

Додека апсењето без налог може да се случи само за одредени кривични дела. Овде полициските службеници имаат прилично широки дискриционни овластувања, и полицискиот службеник може да апси одредено лице ако смета дека тоа лице извршило кривично дело, што претставува фактичко прашање. Конкретниот полициски службеник кој го уапсил лицето без налог, мора подоцна пред судот да даде изјава под заклетва и да ја потврди својата изјава. Во практика во САД 95% од случаите на апсење се реализираат без налог.[10]

4.2. Случаеви на воздржување на полицијата во однос на апсењето на осомничениот

Во некои случаи полицискиот службеник нема да го лиши од слобода конкретниот осомничен, без оглед на тоа што тој стекнал верување дека се работи за извршител на кривично дело. Се работи за следниве ситуации:

1.тривијални кривични дела;

2.ставот на жртвата во однос на потецијално кривично гонење;

3.консенсуални кривични дела.

Кога се работи за полесни деликти како што се: сообраќајните прекршоци, прекршоци сторени од страна на малолетник, пијанство, коцкање, полицискиот службеник може да одлучи осомничениот да не го лиши од слобода, туку само да го опомене. Овде се работи за комбинација на таканаречениот диверзијален систем којшто е сличен на евроконтиненталната кривична постапка каде во одредени ситуации јавниот обвинител не го гони кривичниот сторител од нецелисходност, туку бидејќи се работи за полесен деликт, се смета дека осомничениот не треба да биде лишен од слобода.

Полицијата, исто така, не го лишува од слобода осомничениот и тогаш кога се работи за одредена категорија на кривични дела и кога при тоа самата жртва на тоа

[10] Clack, G., (Ed) (2004) Outline of the U.S.Legal System, Bureau of Internatinal Information Programs United States Department of State, Washington, страна 97.

кривично дело не бара кривично гонење на осомниченият, односно ефективно не соработува со полицијата во целта на овозможување на кривичното гонење.

Во суштина, овде се работи за претходниот опортунитет на кривично гонење којшто е засновен како и тогаш кога државниот обвинител раководи со опортунитет што се однесува на неговата дискрициона оцена на неможност на докажување на кривичното дело, доколку би дошло до судење, од причина што исказот на жртвата е клучниот доказ но жртвата, покажува намера дека не сака да сведочи, или доколку би сведочела, таа со својот исказ не може да го товари осомниченият.

Според тоа, полицијата во практика се воздржува од апсење кога се работи за специфична ситуација која се одликува со континуиран однос помеѓу сторителот и жртвата, како што се соседските односи но и сопружниците, кога се очекува од полицијата да реагира на адекватен начин.[11]

Полицијата често не го апси осомниченият и во некои ситуации кога се работи за консенсуални кривични дела, односно кога е во прашање и вмешаноста на самата жртва на кривичното дело [12].

4.3. Претреси

Полицијата може да врши претрес на јавни површини без налог од причина што на вакви места постојат разумни очекувања за приватноста. Полицијата може да прислушкува и разговори кои се водат преку телефон, но доколку се работи за приватен телефон, прислушкуваното лице може да се повика на IV амандман, од причина што има право на приватност при водењето на разговорите преку својот телефон. Но, кога се работи за јавни говорници, овде не може да ги заштити IV амандман затоа што не постои очекување за приватност.

Претресот се одвива заедно со налог за претрес во кој мора да бидат содржани точни податоци за лицето, каде ќе се врши претресот и наведување на доказите кои се причина за претресот. Тој може да биде издаден за дом каде што живее лицето, канцеларија каде што работи, за претрес на возила како и при електронско и визуелно

[11] Clack, G., (Ed): Ibid., страна 97-98.

[12] Тоа не значи дека се така постапува кога станува збор за секое консенсуално кривично дело, односно било кое кривично дело „без жртва„ како кога се работи на пример за корупциски кривични дела или дела кои се однесуваат на купопродажба на дрога. Овде се работи за потешки кривични дела односно кога станува збор дека при извршување на таквото кривично дело практично не ствара жртва затоа што и таа самата е инволвирана во самото дело.

набљудување на отворен простор. Полицијата мора само да работи по опфатот на налогот за претрес и да ги примени потребните техники за да си ја оствари целта на налогот.

Полицијата при претресот може да забележи одредени предмети за кои смета дека се употребени, наменети или произлегле при вршење на кривично дело кои може да бидат одземени иако за нив не е издаден посебен судски налог.

4.4. Миранда предупредување

По одлуката на Врховниот суд во САД од 1966 год. во познатиот случај „Миранда"[13] полицијата има обврска пред осомничениот кој го апси пред испитувањето, да му го каже Миранда предупредувањето кое се сведува на следниов текст:

Вие сте уапсени. Пред да Ви се постави кое било прашање, морате да разберете кои се Вашите права.

Имате право да молчите. Не сте должни во кој било момент да не изјавите што било, ниту да одговарате на кое било прашање. Сè што ќе кажете, може да биде употребено против Вас пред судот.

Имате право да разговарате со адвокат поради советување пред да Ве сослушаме и имате право на присуство на адвокат во текот на сослушувањето.

Доколку не можете да си дозволите адвокат, а сакате да го имате, ќе Ви биде обезбеден.

Доколку сакате да одговарате сега на прашањата без присуство на адвокат, Вие и тогаш ќе имате право во кој било момент да го прекинете сослушувањето додека не разговарате со адвокатот.

Миранда предупредувањата се непосредно поврзани со Врховниот суд на правниот систем на САД, од причина што судот има големо значење во интерпретирањето на правните норми воопшто, а особено на одредбите на Уставот на САД. Пред донесување на одлуката во случајот Миранда, во практика се сметало дека правата на осомничените лица кои се лишени од слобода, испитувани, односно сослушувани од страна на полицијата, се исклучително поврзани за правната регулатива на државата, а дека федералните правила се дефинирани во Уставот на

[13] Miranda v. Arizona, 436 US. 499, 56 L. ED. 2nd 694, 86 S. Ct. 1602 (1966).

САД, така што пред таа одлука, основен критериум за оцена дали осомничениот дал признанија на полицијата, во судската постапка било особено важно дали ова признание било дадено слободно или доброволно.

Самиот Врховен суд во САД не сакал да се занимава со проблемите на доказниот стандард во некои значајни случаи кои се однесувале на полициското испитување на осомничениот, додека сè се сменило по една одлука која временски претходела на случајот Миранда. Тогаш Врховниот суд на САД одлучил дека осомничениот мора да ги има условните гаранции коишто се напишани во VI амандман во Уставот на САД, каде е посебно напишано тогаш кога осомничениот во текот на испитувањето побара да разговара со бранителот, испитувањето мора да се прекине за да му се овозможи бранител, но при таа одлука на Врховниот суд во САД сè уште било прилично недокажано, затоа што од полицијата не се барало да го извести осомничениот за правото да разговара со бранител.

Ернесто Миранда, 23 години, со мексиканско потекло, на 13 март 1963 год. бил уапсен во својата куќа и одведен во полициската станица во Феникс, каде е изведен поради препознавање[14], при што е идентификуван од страна на жената којашто била киднапирана и силувана, потоа бил одведен во просторијата за испитување и бил испрашуван два часа, по што признал извршување на две кривични дела.

Одлучувајќи по жалба во случајот Миранда, Врховниот суд во САД утврдил дека обвинението не може да ја користи изјавата на осомничениот, без разлика дали во ослободителна или обвинителна смисла, кога истата потекнува од осомничениот доколку:

1) осомничениот пред да биде испрашуван, не бил предупреден на своето право да молчи;

2) осомничениот не бил предупреден дека во текот на целата постапка на испрашување може да се повика на своето право на неизјавување;

3) осомничениот пред испитувањето не биде предупреден дека секоја изјава може да биде употребена како доказ против него;

4) не е испочитувано правото на осомничениот дека при испрашувањето може да присуствува и неговиот бранител.

Врховниот суд во САД заклучил дека со сите права кои му се гарантираат со Уставот, осомничениот мора да биде запознат, така што со давање на изјава постапува

[14] Се работело за класичен процес на препознавање лица (placed in lineup), слично како што е напишано и во нашиот ЗКП.

доброволно, свесно и разумно, при што доколку дојде во некоја фаза на постапката кога осомничениот ќе посака да се консултира со бранителот, тоа право не смее да му се скрати, исто како што доколку осомничениот покаже дека не сака да биде испрашуван, полицијата не смее да го испрашува.

Ернесто Миранда не бил во предност од тоа што неговото признание благодарение на одлуката на Врховниот суд во САД е исклучено како доказ, иако неговата жалба била усвоена, нему му било повторно судено за исто кривично дело [15], така што тој е повторно осуден на истата казна и првиот пат на 20 до 30 год. затвор[16]. Ернесто Миранда кој благодарение на одлуката на Врховниот суд во САД, станал светски познат и во април 1975 год. бил пуштен на условен отпуст, сепак, потоа брзо несреќно настрадал[17].

5. Појавување на уапсениот пред правосудниот службеник

По апсењето осомничениот се води на испрашување од страна на полицијата, а пред тоа му се земаат отпечатоци од прстите на осомничениот и го фотографираат, а притоа и за тоа мора да биде составен записник.

По спроведените полициски обврски, осомничениот, којшто е лишен од слобода без одлагање, мора да се спроведе пред одговорниот правосуден орган (пониско ниво на судски службеник, кој мора формално да биде во својство на судија, магистрат или комисионер). Врховниот суд на САД во 1991 год. донел одлука да максималниот рок на задржување на уапсениот од страна на полицијата, а до неговото спроведување поради судското сослушување кое би послужило за оцена на оправданост на апсењето, изнесува најдолго 48 часа.

При изведувањето пред суд на осомничениот, кого полицијата претходно го лишила од слобода, се остваруваат следните основни цели:

[15] Во САД важи начелото Ne bis in idem (prohibition of double jeopardy) но во овој случај можело повторно да се суди од обврска во новата кривична постапка да не се користи правно невалиден доказ, слично како што во нашата кривична постапка, при жалбената постапка се укине првостепената пресуда и предметот се враќа на повторно судење на првостепениот суд.

[16] Се работи за две казни кои се изречени кумулативно, како што се инаку во САД по правило изрекуваат казни за стек на кривични дела (што во овој случај значи од 40 до 60 год.), за две кривични дела коишто во овој случај биле за киднапирање и силување.

[17] Ернесто Миранда во февруари 1986 год. вечерта во локалниот бар, дошол во конфликт со млад Мексиканец којшто престојувал илегално во САД, бил избоден до смрт со нож.

1. На тој начин му се овозможува на осомниченият да биде запознаен со своите права со кои располага каде од посебно значење е Миранда предупредувањето односно склопот на информации коишто осомниченият ги добива преку предупредувањето, а во некои држави во САД е пропишано да пред судското сослушување осомниченият мора да добие поуки кои се однесуваат на други уставни права кои спаѓаат во елементарните права на одбрана во кривичната постапка (Bill of Rights) каде на пример спаѓа и правото на брзо судење, како и соочувањето на т.н. непријателски сведоци.
2. Со ова му се овозможува на правосудниот службеник пред кој е изведен осомниченият, да биде во можност да донесе одлука на пуштање на слобода на осомниченият со плаќање на кауција, или на одбивањето на пуштање на слобода на осомниченият со кауција, ако се работи за кривично дело за кое не може да се плати кауција, односно за кривични дела за коишто следува смртна казна (capital punishment cases), како и доколку се оцени дека постојат силни докази во прилог за постоење на вина на осомниченият, а истовремено постои и опасност дека би можел да побегне без оглед на кауцијата.
3. Кога се работи за полесни случаи, осомниченият може да биде испрашан од страна на правосудниот службеник формално дали се изјаснува како виновен или ја негира вината, при што доколку осомниченият ја признае вината уште тогаш би можела да му се изрече пресуда.
4. Кога е во прашање типично сериозно кривично дело, должност на судскиот службеник, пред кој е изведен осомниченият, е да утврди дали осомниченият бара прелиминарно сослушување и доколку бара, да биде прелиминарно сослушан, тогаш предметот се упатува пред големата порота.

6. Постапка пред големата порота и прелиминарен претрес

Пред самото судење, откако осумниченият е изведен пред правосудниот службеник, се одвива уште една постапка. Оваа постапка е од посебен вид како „меѓупостапка“, и има за цел да биде на некој начин „филтер“ во однос на обвинението, така што официјално се проверува дали се исполнети претпоставките за преминување во наредната процесна фаза. За разлика од повеќето европски кривични

постапки како што е на пример постапката во Германија, обвинителот во САД не може случајот непосредно да го изнесе пред суд кој е овластен да одлучува.

Во САД според правилата кои важат на федерално ниво, сите лица кои се обвинети за сторено кривично дело, V амандман на Уставот на САД им гарантира дека нивниот случај ќе биде разгледан од страна на големата порота. Меѓутоа, ова право е ограничено во практика со ставот на Врховниот суд во САД кој утврдил дека не е задолжително за државите членки на САД, така што само во половина од американските држави постои големата порота, при што и во некои од државите во кои таа функционира, постапката е ограничена само за одредени кривични дела.

Во државите во кои не постои голема порота, се пропишува друг вид на проверување дали се исполнети сите услови за продолжување на постапката, а тоа е одржувањето на прелиминарниот претрес, кој се сведува на еден облик на контрадикторна постапка која се одвива само пред судија поединец. Независно од формата во која ваквото сослушување се одвива, односно дали пред судија или пред големата порота, неговото значење е да се утврди (не)постоењето на веројатната причина на обвинетиот да му биде судено. Веројатната причина (propable cause) за судење, односно понатамошното одвивање на постапката, се сведува на одреден степен на сомневање дали лицето сторило кривично дело во поглед на тоа кој би требало да му се суди.

6.1. Големата порота

Големата порота е составена од 16 до 23 граѓани (во Тексас може да изнесува и 12 членови но, за донесување на одлука се потребни гласови „за“), кои се одбираат напосредно од одредени официјални листи како што се на пример, список на избирачи на одредено подрачје[18]. Постапката пред големата порота нема јавен карактер и јавноста е исклучена, во неа е присутна само една странка, а тоа е државниот обвинител.

Поротата, својата функција ја врши во временски период кој може да биде од еден месец до една година, а во текот на тој период може да има прилика, пред неа се изнесат и повеќе од илјадници случаи. Пред поротата се појавува само државниот

[18]J.M. Scheb and J.M.I. Scheb (2002) Criminal Law and Procedure, Fourth Edition,Wadsworth & Thomson Learning, Belmont, страна 475.

обвинител, како што е претходно напоменато, кој ги презентира доказите и го гради својот случај. Осумниченият, како и неговиот бранител, не само што не се присутни на оваа постапка, туку вообичаено тие и не знаат пред која конкретна голема порота се одвива постапката.

Доколку поголемиот број на членови на големата порота стекнат мислење и став дека постои веројатен степен на сомневање дека осумниченият сторил кривично дело, доколку постои веројатна причина за судење што се сведува на сомневање на веројатноста дали осумниченият сторил кривично дело, тогаш се донесува формалното обвинение. Доколку пак, поголемиот број на членови во големата порота одлучат дека нема веројатна причина за судење, нема да се подигне обвинение против осумниченият.

Со оглед на фактот дека позитивната одлука на големата порота одлучува во однос на обвинението и од неа произлегува формирањето на обвинението во формална смисла (indictment ili bill), одлучувањето на големата порота може да се смета за некој вид на контрола на обвинението, но не и на самото обвинение, бидејќи тоа и не постои се додека големата порота не одлучи дека тоа треба да се подигне.

Постапката пред големата порота и нејзината улога е често изложена на критики, затоа што поротата воопшто не ја преиспитува ниту контролира одлуката на обвинителот, тука само формално „става печат“ на неговото обвинение за да може да се продолжи постапката. Во практика околу 99,6% од случаите завршуваат со потврдено обвинение, што покажува дека големата порота никогаш не му противречи на обвинителот, што се илустрира во следниот коментар на Врховниот суд во Калифорнија: „Обвинителот има целосна контрола над постапката, тој ги повикува сведоците, ги презентира доказите, служи како правен советник на поротниците, укажувајќи им дали е прекршен некој закон и кој закон е прекршен. Големата порота е независна само во организационата смисла, со оглед на тоа и дека формално не е дел од обвинителството. Државниот обвинител денес е слободен да може да обвини во секое време кој било и за што било, а поротата тоа ќе го потврди“[19].

Во историска смисла во САД се истакнува постоење на два големи аргументи за постоењето на големата порота, а тоа се:

-Од една страна, поротата служи како контрола на обвинителот, како тој не би ја користил својата функција со цел да вознемирува невини лица или од одредени

[19] Bajovic, V., (2009) Sporazum o priznanju krivice- uporedno-pravni prikaz, Pravni fakultet Univerziteta u Beogradu, Beograd, страна 38.

политички причини, така што одредена врста на граѓани кои не се поврзани со случајот имаат прилика да се постават помеѓу „неетичкиот обвинител“ и „осомниченият“, и

- Од друга страна, големата порота, мора да му обезбедува на обвинителот, во секој случај, доволно докази за подигнување на обвинение, а не да обвинува произволно.

6.2. Прелиминарен претрес

Во поголемиот број на држави во САД големата порота е укината, од причина што се оди кон тоа кривичната постапка да се поедноставни и да стане поекономична. Како и што е претходно објаснето и во оние држави кои го задржале институтот Голема порота, нејзиното одлучување не е задолжително во секој случај, туку е резервирано само за одреден вид на кривични дела, додека за останатите дела се применува прелимиарниот претрес пред судијата[20].

Суштината на прелиминарниот претрес е да оцени дали постои веројатна причина за судење на лицето на кое му се става на терет дека сторил кривично дело. При прелиминарниот претрес доаѓа до израз начелото на усност, кое е инаку едно од основните одлики на адверзијалниот тип на кривичната постапка чиј претставник е американската кривична постапка.

При прелиминарниот претрес обвинителот е должен да пред судијата (examining judge), го презентира својот случај и да го поткрепи со докази, а обвинетиот има за право да ги испрашува сведоците вкрстено, како и да изведува други докази кои му одат во прилог на нему. Овде на некој начин се работи за судење пред судење, односно мини доказна постапка во однос на доказната постапка до која би дошло доколку се продолжи со кривичната постапка, доколку дојде до стадиум на класично судење пред порота. Во практика во оваа постапка одбраната одлучува „да не се бори“ во овој стадиум и да си ги чува своите аргументи за подоцнежниот тек на постапката.

Доколку судијата одлучи дека постои веројатна причина за одржување на судење, што се сведува на постоење на одреден степен на сомневање дека обвинетиот

[20] Овде се работи за прелиминарно сослушување или нешто како еден вид „мини судење“ каде и двете странки имаат прево на контрадикторно делување и можат да ги изнесуваат своите докази пред судијата кој го води овој процес кој може да одлучи во основањето на обвинението. Поадекватен термин за овој процес би бил „прелиминарно рочиште“.

сторил кривично дело за кое се терети, се оформуваат услови за понатамошен тек на постапката, односно за одржување на поротно судење.

Обвинителот е должен заедно со судијата да состави посебен формален акт (bill of information) во кој се прецизира обвинението и во кој се одредува каде и кога ќе биде одржано судењето. Овој акт претставува формално потврдување на обвинението, слично на одлуката на Големата порота која ја донесува кога постапката се одвива пред неа.

Доколку судијата го одбие обвинението, тоа претставува завршување на кривичната постапка во овој процесен стадиум, но таквата одлука нема дејство во смисла на начелото *ne bis id idem*, што значи дека обвинителот може повторно да го подигне обвинението доколку пронајде нови докази. Така да прелиминарниот претрес претставува посебен „филтер“ во однос на обвинението, со тоа што се одбива обвинениот кое не е доказно доволно поткрепено, од една страна се штити обвинетиот од беспотребното судење и сите непријатности и депривации кои за него секако произлегуваат од тоа, но од друга страна, му дава и шанса на обвинителот да прибави нови докази и факти во прилог на својата верзија на случувања, и доказно да го поткрепи новото обвинение во однос на истиот случај и понатаму да извојува „победа“ во постапка, од причина што доколку продолжи со обвинение кое што се држи на „стаклени нози“ би можело да дојде до одлука на поротата која би одела во прилог на одбраната, и тогаш начелото *ne bis in idem* би оневозможило повторно отпочнување на постапката за исто кривично дело, без оглед на евентуално појавување на некои нови обвинителни докази.

Табела бр. 1 – Статистички податоци за случаите во САД за 2018 година кои завршуваат со отфрлање на обвинението.

Прекршоци	Вкупно Обвинети	Неосудени			
		Вкупно	Отфрлени	Судење од страна на судија	Поротно судење
Вкупно	**79.704**	**6.595**	**6.275**	**83**	**237**
Насилни престапи	**2.879**	**373**	**326**	**14**	**33**
Имотни престапи	**10.045**	**1.081**	**1.029**	**9**	**43**
Престапи со дрога	**21.771**	**1.956**	**1.894**	**14**	**48**
Престапи со огнено оружје и други експлозивни направи	**9.362**	**615**	**533**	**18**	**64**
Сексуални престапи	**3.001**	**172**	**154**	**6**	**12**
Прекшоци на правосудниот систем	**1.077**	**95**	**90**	**1**	**4**
Имиграциони прекршоци	**25.575**	**700**	**680**	**6**	**14**
Општи престапи	**2.230**	**353**	**342**	**4**	**7**
Регулаторни престапи	**1.354**	**212**	**194**	**6**	**12**
Сообраќајни престапи	**2.410**	**1.038**	**1.033**	**5**	**-**

Извор: U.S. District Courts–Criminal Defendants Disposed of, by Type of Disposition and Offense, During the 12-Month Period Ending September 30, 2018

Достапно на: https://www.uscourts.gov/sites/default/files/data_tables/jb_d4_0930.2018.pdf

Според прикажаните податоци можеме да дојдеме до заклучок дека најголем број од случаите завршуваат со отфрлање, додека мал број од случаите доаѓаат до судење.

7. Рочиште за изјаснување на обвинетиот за обвинението

Доколку се исполнети процесните услови на обвинението, без разлика дали таа одлука е донесена од страна на поротата или пак, од судијата по одржаниот прелиминарен претрес, следното процесно дејствие се сведува на изведување на обвинението пред судот, поради изјаснување на обвинетиот за обвинението. Обвинителот или пак, некој службеник јавно го читаат обвинението пред судот каде

што присуствува и обвинетиот, кој притоа се информира на своето уставно право дека може да има бранител и доколку не може да си го дозволи, ќе му биде доделен по службена должност.

Обвинетиот во оваа фаза може да даде две спротивставени изјави, односно да изјави дека ја признава вината или пак, да ја оспорува својата вина.

Обвинетиот може на посебно образложен начин да се изјасни дека не се чувствува виновен и да се повика на материјално-правни причини кои неговото кривично дело не го прават кривично.[21]

Посебен вид на изјава е „пасивното признавање – nollo contendere“, односно овде се работи за изјава во која обвинетиот не ги негира причините кои се наведени во обвинението, тврдејќи дека тој не сторил никакво кривично дело или пак, тоа може да биде изразено во облик на тврдење дека тој не го разбира обвинението. Во овој случај, обвинениот прифаќа случајот да не се изнесе пред поротата, туку самиот судија да му ја изрече казната.

За да може оваа изјава да произведе образложен просецесен ефект, најнапред е потребно да биде прифатена од судијата, а во некои ситуации и обвинителот, но во прифаќањето на оваа изјава за обвинетиот се постигнуваат две основни предности во однос на „обичното“ признавање на вината и тоа: да му се овозможи на обвинениот да се „соочи“ со јавноста, од причина што и тој на таков начин избегнувал и формално да биде „виновен“ за кривичното дело, без оглед на тоа што и во таков случај тој ќе биде казнет,[22] и што ваква изјава може да се користи само во конкретни кривични постапки, што подразбира дека обвинетиот со тоа ефективно избегнува одредени последици во одредени видови на постапки (на пр. во парнична постапка за надомест на штета поради проневера). Меѓутоа, ваквата спогодба нема правно дејство доколку оштетениот веќе поднел барање за надомест на материјална штета, што води кон поведување на граѓанска постапка.[23]

---

[21] Skulic, M., (2010) Nacelo zakonitosti u krivicnom parvo, Anali Pravnog fakulteta Univerziteta u Beogradu, br.1/10, Beograd, страна 81-84.

[22] Оваа варијанта на изјава на обвинетиот потекнува од карактеристиките на адверзијалната постапка и неделувањето на начелото на вистината во таа постапка, во оваа ситуација обвинетиот не се декларира како виновен ниту се третира како виновен, но сепак се смета дека постои кривично дело и што е најважно обвинетиот ќе биде казнет за такво кривично дело. Иако е овозможена со регулатива во голем број на американските држави не е ни дозволена.

[23] Гроздановска, М., (2018) ПРИМЕНА НА СПОГОДУВАЊЕТО ЗА ВИД И ВИСИНА НА КРИВИЧНАТА САНКЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА -докторска дисертација - Правен факултет “Јустинијан Први” Скопје, Универзитет “Св. Кирил и Методиј” Скопје, Скопје

Овој вид на спогодување може да се применува само за оние кривични дела во кои не е предвидена смртна казна и тоа само во одредени држави во Америка. Се смета дека обвинетото лице кое ја склучува оваа спогодба, го прави тоа од причина што не може да се докаже неговата невиност и со цел да го избегне редовното судење.

Ваквата дадена изјава од страна на невино лице доведува до ситуација во која ваквата изјава не го решава претходното прашање за вина на обвинетиот кој подоцна во граѓанската постапка за надомест на штета може да ги негира фактите за стореното дело.

Оваа изјава треба да се разликува од Alford pleas кое се состои од признавање на вината на обвинетиот, кој истовремено тврди дека е невин затоа што не сторил кривично дело, но истовремено ја прифаќа санкцијата, што е возможно во САД а потполно неприфатено од европска перспектива.

Овој вид на спогодба најчесто обинетиот ја склучува од причина да не дојде до поротно судење затоа што се смета дека обвинителот поседува доволно докази со кои би можел да извојува осудителна пресуда.

Доколку обвинетиот е обвинет дека сторил три различни кривични дела, но во реалноста тој, всушност, сторил само едно, а обвинителот содржи докази со кои може да го осуди и за останатите две дела, обвинетиот се одлучува да склучи ваква спогодба за да ги избегне трошоците доколку би дошло до судење и во неговото криминално досие со оваа спогодба би имал помали последици.

Иако овие два вида на спогодување се слични, тие сепак се разликуваат според тоа што во nolo contendere пресудата подоцна не може да биде применета во подоцнежната граѓанска постапка за надомест на штета, додека со Alford plea може. Исто така, при склучената спогодба Alford plea обвинетите ја заштитуваат својата невиност, а пак со nolo contendere тие не признаваат вина.

Како што е постапката во САД, доколку обвинетиот ја признае вината, со тоа не постои повеќе спор и нема ни потреба да се одредува „кој е во право“ затоа што прашањето за вистината во адверзијалната постапка не е ни важно доколку обвинетиот се откаже од поротното судење. При тоа, не постои можност, ниту пак процесен механизам кој би го натерал на тоа доколку тој не сака.

Доколку обвинетиот изјави дека не е виновен, судијата закажува рочиште и постапката понатаму се води пред порота, и обратно доколку обвинетиот ја признае вината, нема ни да дојде до поротно судење, туку самиот судија ќе му ја изрече казната

без какво било изведување на докази во однос на кривичното дело кое обвинетиот го признал и кое тогаш се смета за неспорно.

Најпрвин е потребно судијата да го прифати признанието на обвинетиот, и доколку тој одлучи дека признанието е дадено доброволно и дека обвинетиот е свесен за сите импликации за своето признавање на кривичното дело, може да му изрече казна.

Значи, судијата не се впушта во проблематиката на оцена на доказниот кредибилитет на признанието, само е доволно судијата да провери дали е доброволно и дека обвинетиот е свесен на импликациите на своето признание. Не е потребно постоење на други докази кои би го поткрепиле признанието дополнително. Самото признание по себе овозможува обвинетиот да биде осуден, а неговата изјава со која ја признава вината, се смета како еквивалентна на формалното прогласување на виновен (formal verdict of guilty), до која доаѓа само пред поротно судење, па поротата по завршувањето на доказната постапка може заклучи дека обвинетиот е виновен.

8. Спогодба за признавање на вината во САД

Сè до педесеттите години на 19 век класичното поротно судење во САД секогаш било правило, додека plea bargaining е воведен во поограничен вид во втората половина на 19 век. Кога во дваесеттите години на 20 век оваа установа станала широко распространета во САД, но и тогаш во потполно неформален вид, без ниедна законска регулатива ниту пак, формално признание во судската практика, сè додека Врховниот суд во САД 1970 година со својата одлука во случајот „Бреди“[24] оваа долго постоечка практика формално ја оценува како согласно право.

Самиот збор означува договарање помеѓу обвинителот и обвинетиот, односно неговиот бранител, околу тоа што се спремни да пружат во замена на контравенција од другата страна, при што овој договор не мора да се однесува само на признавање на вината, туку и обвинетиот може да се обврзе на исполнување и на други престации (како што е сведочење во кривичната постапка против други обвинети). Кај нас спогодбата за признавање на вината се смета како „олеснување” на судот и некој вид на „релаксација“ на голем број на кривичните постапки.

[24] US Supreme Court, U.S. v. Brady, 397 U.S. 742,90 S.ct. 1463 (1970).

Најголемата причина за постоењето на спогодбата на признавање на вината во САД е поради тоа што „американскиот бранител“ спротивно од она што се применува во Европа (инвизиторска постапка) самиот мора да ги утврдува фактите кои одат во прилог на одбраната, односно да ги изведува доказите во корист на одбраната. Така на пример, одбраната мора сама да се справи со пронаоѓање на сведоци, како и обвинетиот да го подготви за вкрстено испрашување, што меѓувремено е поткрепено со значајно губење на време и финансии. Ова е за цел за заштедувањето на време и финансии, и затоа бранителот често е спремен да преговара со обвинителот, особено поради причина што во практика благодарејќи на едно добро „преговарање“ со обвинителот тој може повеќе да придонесе за својот клиент отколку што би успеал доколку би дошло до класично поротно судење.

Околу 90% од кривичните случаеви во САД не доаѓаат до класично судење, затоа што обвинителот и бранителот на обвинетиот[25] се договорат за обвинението и за „пресудата која „државата ќе ја предложи на судот“[26], што се сведува на ветување за ублажување на казната во замена за признавање на вината. Судбината на обвинението се решава виртуелно без судење, и при тоа улогата на судијата е да обезбеди исправна и законита процедура, како и почитување на уставните права на обвинетиот.

Графикон бр. 1 – Статистички податоци за случаите во САД во 2018 година колку од нив завршуваат со изјаснување за вина.



Извор – Administrative office of the U.S. Courts

Достапно на : https://www.pewresearch.org/fact-tank/2019/06/11/only-2-of-federal-criminal-defendants-go-to-trial-and-most-who-do-are-found-guilty/

[25] Најчесто се договараа овие двајца квалификувани правници за да можат и да донесат вистинска одлука,од причина што обвинетиот е „правен лаик“ и тешко дека би можел да парира на обвинителот.

[26] Се мисли на обвинителот кој е и репрезент на државата.

Само 83% од случаите кои дошле до судење завршиле со осудителна пресуда додека останатите 17% се ослободени од обвинение.

Постојат три основни видови на **plea bargaining,** односно спогодувањето за вината според предметот на нивното спогодување при што тие типови можат и меѓусебно да се комбинираат:

1. Редукција на обвинението така што обвинителот се фокусира на полесно кривично дело, односно полесен облик на кривично дело кое е предмет на обвинението;

2. Откажување на обвинителот од кривично гонење во поглед на поединечни кривични дела;

3. Постигнување на согласност на обвинителот и одбраната во поглед на казната чие изрекување ќе се предложи на судијата.

Секогаш мора да се постигне одредена варијанта на спогодба помеѓу обвинителот и обвинетиот (бранителот) што подразбира деа обвинителот се врзува на одредени концесии на одбраната, додека основната обврска на обвинетиот се состои од давање на изјава за признавање на вината.

Најзастапената варијанта на plea bargaining се сведува на договор помеѓу обвинителот и бранителот во однос на кривичното дело кое ќе го поведе обвинителот, па така обвинителот се обврзува да го гони обвинетиот за некое полесно кривично дело или некој помалку тежок облик на конкретното кривично дело, што е во интерес на обвинетиот со цел за добивање на помала казна и избегнување на социјалната сигматизација до која доаѓа откако ќе биде осуден за потежок облик на кривично дело и биде внесено во казнената евиденција. Посебна подваријанта на ваков облик на спогодба претставува обврзувањето на обвинителот дека тој нема да побара признатото кривично дело да се внесе во казнената евиденција.

Друга основна варијанта на plea bargaining претставува форма на постапување на обвинителот по начелото на опортунитет на кривичното гонење, затоа што овој тип на спогодба се сведува на согласност од страна на обвинителот поради добивање признание од страна на обвинетиот за одредено кривично дело, да се повлече од обвинение за друго кривично дело, иако за такво кривично гонење би требало да постојат потребни правни и процесни основи. Оваа варијанта има две основни подваријанти и тоа:

1. „вертикална“ варијанта, која се сведува на согласност на обвинителот да не го гони обвинетиот за некое потешко кривично дело, туку да се фокусира на кривично гонење во поглед на одредено полесно кривично дело, и

2. „хоризонтална“ варијанта која подразбира откажување од можно додатно кривично гонење за некое друго кривично дело поврзано со основното кривично дело во однос на кое обвинетиот се гони кривично.

Посебна варијанта на спогодбата за вина, претставува спогодбата во која обвинителот во замена за добивање на признание од страна на обвинетиот се согласува да во постапката против повеќето повратници, не го казнува како сторител „по навика“. Овде може да се забележи одреден вид на регуларна строгост во американскиот кривично-правен систем, бидејќи на сојузно ниво, а и во повеќе држави во САД е правило да доколку истиот сторител е осуден по трет пат за одредено кривично дело со елемент на насилство, биде формално третиран како криминалец од навика, а последнователно на тоа ќе му се изрече казна доживотен затвор.[27] Во замена за добивање на признание за вината, со примената на ова правило може да се откаже и тоа претставува исклучиво силен мотив на сторителот да се согласи на спогодба со обвинителот.

Постои и варијанта на plea bargaining која произлегува од начелната крутост на американскиот систем во поглед на стекот на кривични дела и правилата по кои се одредува надлежноста на судот. Доколку сторителот одговара за повеќе кривични дела кои се водат под различни судови, постапката се води во повеќето судови. Тоа претставува и посебно казнување во секоја од тие постапки, што е многу неповолно за обвинетиот, па тогаш во замена за признавање на вината од страна на обвинетиот на предлог на обвинителот, од страна на судот може да се одобри да се спојат постапките и да се водат од страна на еден суд, што резултира со благо казнување на обвинетиот.

Трета основна варијанта на plea bargaining подразбира согласност на странките во однос на казната, што во практика означува дека обвинителот се согласува да доколку добие признание за вината од страна на обвинетиот, за возврат предложи на судот изрекување на одредена поблага казна во однос на казната која би ја предложил во конкретниот случај. Обвинителот не може формално да му гарантира

[27] Ова е вид на генерална американска концепција, која е навистина строга и која за примарна функција има заштита на друштвата а не поправање на сторителот, или пак негова ресоцијализација, за разлика од поголемиот дел на системи во Европа кои ја имаат ресоцијализацијата на сторителот за цел. Категоријата на повеќекратните повратници се третира како непоправлива и како таква трајно се отстранува од друштвото, што се сведува на изрекување на казната доживотен затвор.

на обвинетиот кој со спогодба го признал кривичното дело дека судијата тоа ќе го испочитува. Судијата е формално слободен да го прифати признанието, и ако по општите правила оцени дека тоа е веродостојно и дадено доброволно и со свест за неговите последици, а да притоа казната ја изрече спрема својата слободна оцена, што не е поврзано со обвинителот.

Во практика често се случува да судијата изрече повисока казна од предложената, но по правило тоа отстапување не е енормно. На сојузно ниво, обвинителот може да му вети на обвинетиот дека судијата најверојатно би му изрекол соодветна кривична санкција со полно уверение дека судијата ќе ја испочитува препораката од страна на обвинителот. Доколку судијата не постапи така, тоа би можело да го разруши кредибилитетот на одредениот обвинител, но благодарение на тоа, истовремено би дошло и до масовно откажување на другите обвинети од спогодбата со обвинителот, односно не би се согласиле на признание за кривичните дела. Тогаш судовите би станале навистина брзо преоптоварени со предмети за коишто и самите судии се свесни, па затоа „спретно" ги прифаќаат предлозите на обвинителите во поглед на казнувањето, сето ова само кога казната е предмет во спогодбата за признавање на вината.

9. Поротното судење

VI амандман во Уставот на САД гласи: „Обвинетиот за секој вид на кривично дело има право на брзо и јавно судење, од страна на непристрасна порота во државата и на подрачје, во која и каде е сторено кривичното дело". Оваа уставна одредба во практика важи за сите кривични дела за кои следува казна од шест месеци затвор, или потешка казна, додека се сметка во однос на повеќе кривични дела за кои е пропишана казна помалку од шест месеци затвор, не постои право на поротно судење.

Освен правото на поротното судење, обвинетиот има право и на одбрана, односно најзначајно е неговото право да има бранител, кој ќе му биде поставен по службена должност доколку самиот нема финансиски средства за да го ангажира, како и правото да не може да сведочи против самиот себе, што претставува право на несамообвинување. Доколку се одреди постапката да се води само пред судија, обвинетиот може да се откаже од своето право на поротно судење, но доколку не го стори тоа, неговата судбина ќе ја одредува одлуката на поротата која на федерално

ниво ја сочинуваат 12 граѓани, додека на ниво на држава е можно да има порота и со помал број на членови.

Поротата има улога на истражување на фактите т.е. таа самата да одлучи за постоењето на не/вина[28]. Поротата нема право да одлучува за други прашања како која би била соодветна казна или соодветна пресуда или проблематиката на применување на правото, иако во некои држави е можно да самата порота му препорача на судијата одредена казна, иако за такво нешто не постои основа во федералниот Устав.

Пред самото поротно судење, кое е со чист адверзијален карактер, мораат да се применат следните активности:

1. Спроведување на избор на поротници, и
2. Одржување на претходно рочиште.

9.1. Селекција на поротниците

Пред непосредното започнување на поротното судење, неопходно е да се утврди конкретниот состав на поротниците. Поротниците својата функција не ја обавуваат во однос на неодреден број на случаи во одреден временски период, ниту пак се бираат за повеќе случаи, туку само за едно конкретно судење се бираат конкретни членови на поротата.

Поротата ја сочинуваат обични граѓани, а самата селекција на поротниците е „претходно прашање“ за кое се заинтересирани и двете страни, односно од самата порота зависи целисходноста на процесот, односно од нивната не/пристрасност, степенот на објективност, нивната склоност кон една страна, и други лични фактори. Американското адверзијално судење претставува еден вид на „шоу“ за поротата како еден вид на публика, па така двете страни се трудат да во поротата бидат повеќе членови кои би застанале на „нивна страна“, а да ги елиминираат оние за кои сметаат дека нема да им бидат склони на нивна страна. На пример, ако постои некој кој е потенцијален расист, сигурно не е подобен доколку му се суди на некој

[28] Вината, односно невината можат примарно да се сфатат како материјално кривичноправна категорија. Така што доколку поротата одлучи дека обвинетиот е виновен, тоа би значело дека обвинителот успеал со обвинението, а одбраната е поразена и обратно, ако поротата заклучи дека обвинетиот не е виновен тогај одбраната постигнала успех, а обвинението е поразено. Поротата со својата одлука констатира само формално дали постои вина или не постои во фактичка смисла, од перспектива на докажаност на обвинението, во поглед на не/успешноста на соборување на претпоставката на невиноста, во што поротата не навлегува ниту пак формално може да го стори тоа, во материјалноправната проблематика на вина како субјективен елемент на кривичното дело.

Афроамериканец, или пак жена која и самата била жртва на силување, не може да биде целосно објективна доколку му се суди на силувачот.

Во САД постои граѓанска должност да на секој граѓанин кој ги исполнува условите да биде поротник, да стане поротник доколку го повика државата. Граѓанинот не може без причина да ја одбие таа понуда, односно самото одбивање на оваа понуда претставува деликт и може да биде парично казнет. Како оправдани причини за неприфаќање на оваа понуда можат да бидат само некоја тешка болест, семејна ситуација и некои слични посложени причини.

Начелно, поротниците во првиот круг на бирање, може да опфатат и сто лица кои се бираат од страна на регуларна рутински водена евиденција на граѓани, како на пример списокот на избирачи на одредено подрачје, па дури и списокот на возачи, односно оние кои поседуваат возачки дозволи и сл.

Примарно од списокот на поротници се елиминираат оние лица кои изгледаат како неподобни, односно за кои се смета дека би биле премногу пристрасни во конретни случаи. Правилно е да се собере група на потенцијални поротници во судот каде што јавно се прашуваат за одредени нивни квалификации и особини кои би можеле да бидат помалку или повеќе подобни за да бидат поротници во конкретен случај, што се сведува на таканаречениот процес „*voir dire*“ а можни се и голем број на прашања како што се на пример: „Дали сте државјанин на САД?“, „Дали добро го владеете англискиот јазик?“, „Дали сте вие или некој во вашата фамилија осудени за некое кривично дело?“, „Дали сте читале нешто за случајот и дали имате веќе формирано мислење за него?“

Во минатото постоела можност да се бара изземање на потенцијални поротници од која било причина, но до неодамна тоа е променето со одлука на Врховниот суд во САД, кој толкувајќи го XIV амандман на Уставот на САД, дошол до заклучок дека не е дозволена елиминација на поротниците која би се засновала на одредена дискриминација на поротниците на која било основа.

На странките им се овозможува да се запознаат со списокот на сите потенцијални поротници, а потоа им се дава можност да означат и тоа без потребно образложување оние кои ги сметаа за непосакувани, но притоа не смеат да го прават тоа неограничено, туку на федерално ниво им се овозможува да елиминираат десет поротника, односно дваесет во постапките за кривичните дела за кои е пропишана смртна казна, додека обвинителот може да бара елиминирање на шест поротници,

додека во поголемиот број на држави во овој поглед положбата на странките е изедначена.

Постапката за избирање на поротници може да трае навистина долго, а се завршува дури тогаш кога ќе бидат изберени 12 членови кои пред судијата полагаат заклетва дека непристрасно ќе ја донесат одлуката. Во некои држави постојат и пороти со по шест членови, исто како и што во некои држави во САД е дозволено да се изберат и „алтернативни поротници“ кои присуствуваат на судењето и го пратат текот на судењето, но не учествуваат во гласањето, односно во одлучувањето за не/постоењето на вина на обвинетиот, доколку одреден „оригинален“ поротник од која било оправдана причина биде оневозможен да остане во состав на поротата, тогаш него ќе го замени некој „алтернативен“ поротник.

9.2. Претходно рочиште

Пред започнување на самото судење, се одржува еден вид на претходно судско рочиште.

Двете странки, како и бранителот, пред судијата и поротата даваат изјава во поглед на доказите кои планираат да ги изведат во текот на судењето кои само ги наведуваат без детално објаснување, бидејќи основна цел на ова рочиште е да на поротата им се обезбеди увид во доказите на двете странки, односно да им го надовестат значењето и важноста на поединечните докази кои ќе бидат изведени, што им овозможува на поротниците да се снајдат подоцна кога ќе бидат изведени доказите на главното рочиште. По правило, во овој стадиум прв настапува обвинителот, а подоцна одбраната.

9.3. Одржувањето на судењето пред поротата и изрекувањето на кривичната санкција

Судењето суштински се сведува на доказен „двобој“ помеѓу странките пред поротата и судијата. Странките сами ги собираат и изведуваат доказите, додека судијата е доказно пасивен и неговата улога се состои од водење сметка во почитувањето на процесните правила во однос на начинот на изведувањето на

доказите, односно да не дозволи изведување на докази кои би биле во спротивност со законот, т.е. користење на правно безвредни докази.

Како и секој „двобој“ и овој „странечки дуел“ има два основни сегменти:

1. Напад, и

2. Одбрана.

Значи целокупното поротно судење се одвива во два основни дела – првиот во кој се реализира нападот на обвинителот и вториот, во кое е карактеристично спротиставување на одбраната во однос на нападот на обвинителот. Вообичаено во практиката се зборува за два случаи на судење:

1. Обвинителски случај (The prosecution’s case), и

2. Случај на одбраната (The case for defense).

Постапката започнува со изведувањето на доказите од страна на обвинителството. Постојат два вида на докази, материјални докази и оние докази до кои се доаѓа во текот на сведочењето. Во материјалните или физичките докази (physical evidences) спаѓаат различни предмети како што се на пример: чаурите од огненото оружје, самото огнено оружје, отпечатоци од прстите, резултатите од балистичкото тестирање, анализата на крв и урина, како и други предмети и документи. Во современата кривична постапка поголемо значење заземаат материјалните докази. За САД е карактеристично тоа што таму се разгледува дали овие докази се прибавени на легален начин што е и од пресудна важност, така што основна задача на одбраната кога сака да се спротистави на доказниот материјал на обвинителот и да го доведе до прашање легалитетот на прибавувањето на овие докази. Само во одредена мера, одбраната може да оспори одредени материјални докази, така што би тврделе дека не се апсолутно релевантни.

Кога се работи за исказите кои се земаат како докази до коишто се доаѓа по претходно испрашување и сослушување на сведоците, кои прво ги испрашува онаа странка којашто ги повикала т.е. примарно сведочење (examination in chief), а потоа следи можност на спротивната странка на оспорување на претходно дадениот исказ од истиот тој сведок. На крајот пак, го испрашува странката којашто го повикала истиот сведок (re examination). Кога одбраната го испрашува сведокот којшто прво обвинителот го испрашувал, тогаш нивна цел е овој сведок да го дискредитира, со тоа што би можела да го анулира неговиот исказ, односно процесно-доказно да го дискредитира (impeachemt of the testimony). Испрашувањето на сведоците во американските судови може да биде премногу непријатно и вулгарно. Одбраната може

да се обиде да го збуни сведокот, да го испаничи или пак, да го разбесни, да го наведе да изгуби самоконтрола, односно со тоа да обезбеди конфузно или конфликтно сведочење.

Овде е карактеристична пасивната улога на судијата, така што судијата не изведува никакви докази, ниту пак, зазема улога во испрашувањето на сведоците, туку тој само води грижа за тоа да во текот на постапката не се појават незаконити докази, т.е. странките да ги почитуваат правилата на изведувањето на доказите, начинот на испрашувањето на сведоците. Согласно на тоа, судијата може да забрани да му се поставаат прашања на сведокот кои не се однесуваат на предметот на кривичната постапка.

Улогата на поротата во текот на судењето е исто така пасивна, затоа што нивна задача е внимателно да го пратат текот на постапката и странечкото изведување на доказите за да можат потоа да донесат заклучок за постоењето или непостоењето на вина. На поротниците не им е забрането да поставуваат прашања било на сведоците или на судијата, но не смеат во текот на судењето да даваат коментари ниту пак, да составуваат какви било белешки. Ова не е забрането, ниту со устав, ниту пак со закон, но претставува вообичаена практика. Во последните години во Обласниот суд во Чикаго судијата John F.Grady со децении дозволувал на поротниците во својата судница да фаќаат прибелешки, а ваква практика имаат и најмалку четири апелациони судови во САД.

Судијата има важна улога и тогаш кога се работи за давањето на потребните поуки на поротата. Судијата има за обврска да им посочи на поротата одредени инструкции кои се однесуваат на примената на правото на утврдените факти, при што судијата мора својот „правен“ речник да го прилагоди и на поротниците кои се правни лаици. Посебно внимание се дава на објаснување на поротата чијашто страна сносува поголем товар на докажување во однос на одредени факти, односно какво е значењето на правната фраза „надвор од разумно сомневање“ (beyond a reasonable doubt).

Одлуката за вина ја донесува поротата при што таа одлука мора да биде донесена едногласно и не мора да биде образложена, односно треба да биде кратка и јасна дали обвинетиот е виновен или не. Доколку поротата го ослободила обвинетиот, со тоа е завршена кривичната постапка, но доколку поротата смета дека обвинетиот е виновен, тогаш судијата стапува на сцена, затоа што тој мора да ја изрече санкцијата. Судијата бара од службата за одредување на кривичните санкции да му прибави податоци кои се релевантни за обвинетиот, т.е. да му се достави извештај за

обвинетиот и кривичното дело во поглед на фактите кои се значајни за изрекување на кривичната санкција, односно одмерување на казната, посебно фактите за евентуален ран рецидивизам, финансиската и здравствената состојба, фамилијарното прашање. Кривичната санкција се изрекува на посебно рочиште на кое присуствуваат странките и бранителот, како и службеникот, за одредување на санкцијата, кој поднел извештај на судијата во однос на релевантините факти, и на тоа рочиште и двете странки можат да предлагаат кривични санкции и да се оспоруваат меѓусебно што е дел од начелото на контрадикторност во тој процесен стадиум, а свое мислење може да произнесе и службеникот за одредување на висината на санкцијата.

Кога станува збор за изборот на конкретна кривична санкција, во САД се применуваат прилично основани и релативно „механички“ формирани критериуми во вид на таканаречените директиви за одредување на казната. На федерално ниво, тоа се директиви за одредување на казната од 1987 година [29] со посебна одлука на Конгресот на САД со која на судиите им се овозможува да отстапат од директивите кога се работи за исклучително олеснителни или буквално отежнителни околности, при што директивите на Конгресот не се конкретизирани за какво било набројување на таков вид на околности, но одредени околности се стриктно исклучени а тоа се оние кои се однесуваат на расата, полот, националното потекло, вероисповест, социјално-економскиот статус, зависноста од дрога или пак, алкохол. Покрај ова голем број на држави во САД воспоставиле сопствени директиви за одредување на кривичните санкции.

[29] Sentencing Reform Act of 1987.

Табела бр. 2 – Статистички податоци за случаите во САД за 2018 година кои завршуваат со осудителна пресуда и казна.

Прекршоци	Вкупно Обвинети	Осудени и казнети			
		Вкупно	Се изјасниле за виновни	Судење од страна на судија	Поротно судење
Вкупно	**79.704**	**73.109**	**71.550**	**135**	**1.424**
Насилни престапи	**2.879**	**2.506**	**2.361**	**11**	**134**
Имотни престапи	**10.045**	**8.964**	**8.597**	**19**	**348**
Престапи со дрога	**21.771**	**19.815**	**19.378**	**25**	**412**
Престапи со огнено оружје и други експлозивни направи	**9.362**	**8.747**	**8.483**	**28**	**236**
Сексуални престапи	**3.001**	**2.829**	**2.710**	**8**	**111**
Прекшоци на правосудниот систем	**1.077**	**982**	**953**	**4**	**25**
Имиграциони прекршоци	**25.575**	**24.875**	**24.806**	**19**	**50**
Општи престапи	**2.230**	**1.877**	**1.808**	**8**	**61**
Регулаторни престапи	**1.354**	**1.142**	**1.094**	**5**	**43**
Сообраќајни престапи	**2.410**	**1.372**	**1.360**	**8**	**4**

Извор: U.S. District Courts–Criminal Defendants Disposed of, by Type of Disposition and Offense, During the 12-Month Period Ending September 30, 2018

Достапно на: https://www.uscourts.gov/sites/default/files/data_tables/jb_d4_0930.2018.pdf

Според прикажаните податоци можеме да дојдеме до заклучок дека најголем број од случаите завршуваат со изјаснување на обвинетиот за вина, додека најмал дел завршуваат со судење. Со ова ја потврдивме и нашата хипотеза дека најголем број од случаите завршуваат со спогодување за вина, а со тоа и се растоварува работата на судовите и се поедноставува постапката.

10. Жалба

Како обврска на судот по објавувањето на пресудата е да го поучи обвинетиот на неговото право на жалба без оглед на содржината на изјавата што претходно ја има дадено пред судот.

Жалбата може да се поднесе само за процедурални прашања или за погрешна примена на законот, што значително би влијаело на крајниот исход на постапката. Овде жалбата се сфаќа како средство за разрешување правни прашања отколку како начин да се укине првостепената пресуда и да се добие начин да се врати на повторно судење. Во САД постои забрана за двојно судење кое е содржано во V амандман во Уставот на САД (double jeopardy),т.е. поединецот мора да биде заштитен од неосновани и повторни обвинувања и судења од страна на обвинителството.

Обвинетиот може да поднесе жалба заради недоволната пружена правна помош од својот бранител којшто му бил поставен или ангажиран од него. Притоа, обвинетиот треба да докаже дека претрпел преголема штета од страна на грешките на својот бранител и да изнесе аргументи со кои ќе го убеди апелациониот суд дека пропустот што е направен влијаел врз целисходноста на постапката.

Жалбата не може да се поднесе против поротата која го прогласила за виновен, ниту пак, може да го обжали видот и висината на казната.

Доколку жалбата биде прифатена од страна на апелациониот суд, предметот се враќа на претходниот суд што ја донел обжалената пресуда. Ваква одлука може да биде донесена само поради недостиг на докази, неефикасна правна помош од бранител, пропуст на судот да забрани докази кои се противуставни и слично.

По враќањето на предметот, обвинителството е тоа кое одлучува дали вреди да се вложи напор и средства за преотварање на постапката. Иако предметот е вратен на повторно судење, тоа не значи дека обвинетиот ќе биде ослободен од вина, освен во случај да постои недостаток на докази.

Покрај жалбата до повисокиот жалбен суд, осуденият кој се наоѓа на издржувањето на казна затвор, а кој претходно ги искористил сите правни средства на државно ниво, има право да поднесе барање до федералниот суд (habeas corpus) со тврдење дека му се повредени правата од Уставот во САД и дека судот повторно мора да ги разгледа основите поради кои тој се наоѓа во затвор. Ваквото право кое во теоријата се нарекува „колатерален напад“ (collaterally attack) е предвидено со чл.1 од

Уставот на САД и претставува причина за значително одолжување на периодот од изрекувањето смртна казна до нејзиното извршување.

ГЛАВА ВТОРА – КРИВИЧНАТА ПОСТАПКА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Според стариот ЗКП којшто беше во сила до 2010 година, постоел мешовит тип на кривична постапка, којшто претставувал хибрид од двата модела, каде постапките кои биле започнати во тоа време, дале задолжение и на судот и на другите државни органи за целосно утврдување на вистината, односно сите странки учествувале во предлагањето и изведувањето на доказите. Додека според новиот ЗКП, судот е ограничен во доказниот материјал што го изнеле странките.

Целта на новиот ЗКП лежи во настојувањето да се воведат европски стандарди[30] за казнена контрола, да се овозможи правично водење на кривичната постапка, при тоа никој невин да не биде осуден[31], а на сторителот на кривичното дело да му се изрече кривична санкција под условите предвидени во Кривичниот закон и врз основа на законито спроведена постапка.[32]

Овде најзначајна улога зема Јавниот обвинител којшто е надлежен да ја спроведува истражната постапка во којашто ќе собираат докази за да се докаже вината на осомничениот со цел да му докаже на судот дека се исполнети условите за осомничениот да добие осудителна пресуда, којшто исто така, и е надлежен да ја спроведува предистражната постапка. Одбраната којашто е составена од обвинетиот и неговиот бранител, има можност за прибирање на докази уште во текот на истражната постапка за презентирање на одбраната на обвинетиот, но во текот на главната расправа постои изменета улога.

Оваа постапка е акузаторна, односно ја поведува Јавниот обвинител, но исто така може да се јави и приватен тужител за некои дела коишто може да се поведуваат со приватна кривична тужба.

[30] Акционен план за имплементација на Законот за кривична постапка, Скопје, јуни 2009 година, страна 46.

[31] Илиевски, Ј., Историја на Јавното обвинителство во Македонија - положба, улога, перспективи, докторски труд. страна 59,60.

[32] Димовски, С., Илиевски, Ј., Димитриевски, З., (2014) Јавност во кривичната постапка, Скопје, страна 19.

Постојат три вида на групи во зависност од тоа кои странки какви процесни дејствија преземаат и тоа:

- Процесни дејствија коишто се преземени од страна на овластен тужител и насочени кон наредби и постапувања уште во фазата на откривање и документирање на кривичното дело во коешто му помага правосудната полиција. Овие активности се поврзани со водењето на претходната постапка и раководењето на предистражната постапка, застапувањето на обвинетиот во текот на главната расправа и право на редовни и вонредни правни лекови;

- Процесни дејствија коишто се преземени од страна на обвинетиот и неговиот бранител коишто прибавуваат докази кои одат во прилог на обраната за да можат да ја презентираат тезата на одбраната и да го оспорат обвинението, можности за изведувањето на доказите коишто одат во своја одбрана во текот на главната расправа се до можностите коишто одат во постапката на превземање на редовни и вонредни правни лекови;

- Овластувања коишто му даваат функција на судот да ја задржува раководната заштитна функција при текот на постапката коишто и покрај измените на законот ја задржува оваа улога.

Како цел на кривичната постапката во РСМ е на сторителот којшто сторил кривично дело да му се изрече кривична санкција врз основа на законито и правично спроведено постапка.

Новиот ЗКП започна со примена во декември 2013 година којшто беше со реформи за подобрен казнено-правен систем. Како конкретни цели на оваа реформа се: подготовка на конзистентна стратегија за реформа на кривичното правосудство, забрзување на кривичната постапка и јакнење на Јавното обвинителство. При донесување на оваа реформа се зајакнува начелото на опортунитет на кривичното гонење, напуштање на обврската на судот во прибирање и изведување на доказите. Товарот на докажување е врз јавниот обвинител, зајакнета е улогата на Јавниот обвинител во предистражната постапка со ефикасна контрола врз полицијата[33], афирмирање на вонсудското спогодување и поедноставени постапки, воведување на претходна постапка со водење од страна на ЈО, воведување рокови за донесување писма и изработка на пресудата.

[33] Илиевски, Ј., (2013) Историја на јавното обвинителство во Македонија – Положба, улога, Перспективи, Докторски труд, Скопје, страна 35.

1. Извори на кривичното право во Република Северна Македонија

Во РСМ како извори во казненото процесно право се земаат домашните и меѓународните извори. Како главни домашни извори се: Уставот на РСМ (Сл.Весник на РМ, бр.52/91), Амандманите I и II (Сл.Весник на РМ, бр 1/92), Амандманот III (Сл.Весник на РМ, бр. 31/98), Амадманите IV-XVIII (Сл.Весник на РМ, бр. 91/01), Амадманот XIX (Сл.Весник на РМ, бр.84/03), Амадманите XX-XXX (Сл.Весник на РМ,бр. 107/05) – каде се пропишани главните одредби кои се однесуваат на кривичната постапка од кои најважни се: лицето обвинето за казнено дело ќе се смета за невино се додека неговата вина не биде утврдена со правосилна пресуда (чл.13 ст.1), никој не може повторно да биде суден за дело за кое веќе бил суден и за кое е донесено правосилна судска одлука (чл.14 ст.2), забрана на секој облик на мачење, нечовечно или понижувачко однесување и казнување (чл.11 ст.2), неприкосновениот статус на слободата, исклучок дека таа може да биде ограничена само со одлука на судот и во случај и во постапка утврдена со закон, лицето повикано приведено или лишено од слобода мора веднаш да биде запознато со причините на неговото повикување, приведување или лишење од слобода и има право на бранител во полициската и во судската постапка, лицето лишено од слобода мора веднаш, а најдоцна во рок на 24 часа од моментот на лишење од слобода да биде изведено пред суд, како и дека притворот по поднесување на обвинението може да трае, по одлука на суд најдолго 180 дена од денот на притворањето (чл.12,ст.1/4 и Амадман III), правото на жалба против одлуки донесени во постапка во прв степен пред суд (чл.15) и др.

- Закон за кривична постапка на Република Македонија (Сл. Весник на РМ,бр.15/1997;44/2002;74/2004;83/2008;67/2009; одлуки на УСРМ, У.бр.36/1998 ,Сл. Весник на РМ, бр.18/1999; У.бр.144/2003, Сл. Весник на РМ, бр.27/2004; У.бр.34/2005,Сл. Весник на РМ, бр.75/2006 и У.бр.63/2008, Сл. Весник на РМ,бр.53/2009), кој се применува за кривичните постапки што се започнати до отпочнувањето на примената на новиот ЗКП, и

- Закон за кривична постапка на Република Македонија (Сл. Весник на РМ, бр.150/2010; 100/2012), кој претставува македонски казнено-процесен закон со кој се регулира подрачјето на казненото процесно право.

Постојат и споредни домашни извори коишто опфаќаат и одредби од казнено-процесен карактер како на пример: Законот за правата на децата, Закон за судовите, Закон за Јавното обвинителство, Закон за полиција, Кривичниот законик, Закон за

извршување на санкциите и др. Можат да постојат и меѓународни извори на казненото-процесно право коишто се меѓународните договори. Меѓународен договор може да биде извор на правото само ако е ратификуван во согласност со Уставот на Република Северна Македонија..

Судската практика во РСМ, начелно, не се смета за извор на правото што произлегува од одпределбата во УРСМ.

Постои и правна анологија во казненото-процесно право и е дозволено само ако во ЗКП во своите одредби изречно се повикува на одредбите од другиот закон кои треба да се применат во конкретниот случај.[34]

2. Организација на кривичното судство на РСМ

Видовите судови, нивната надлежност, основањето, укинувањето, организацијата и составот се уредуваат со Законот за судови. Во кривичното правосудство судат основите судови, апелационите судови и Врховниот суд на Република Северна Македонија. Основните судови се основани за една или повеќе општини чие подрачје е определено со закон. Сите општини во државата се опфатени со постојната мрежа на основните судови, а во случај на формирање на нови општини, подрачјета определени со законот остануваат непроменети[35].

Постојат вкупно 28 основни судови кои судат во прв степен и се делат на основни судови со основна надлежност и основни судови со проширена надлежност.

Апелационите судови се основаат за подрачјето на повеќе судови од прв степен, а седиштето на апелационите судови се во Битола, Гостивар, Скопје и Штип.

ВСРСМ ја врши судската власт на територија на целата држава, со седиште во Скопје.

Основните судови со основна надлежност за подрачјето за кои се основани, се надлежни да одлучуваат во скратена постапка на кривични дела за кои со КЗ како главна казна е определена казна затвор до пет години, доколку за некои кривични дела не е предвидена надлежност на друг суд и за кривични дела за кои со посебен закон е определена надлежност на суд со основна надлежност, надлежни да постапуваат во

[34] Лажетиќ-Бужаровска, Г., Калајџиев, Г., Мисовски, Б., Илиќ-Димоски, Д., (2015) Казнено процесно право – Скопје, страна 23-24.

[35] чл.28,ст.3 од Закон за судовите, Службен весник на РМ бр.58/2006, 35/2008, 150/2010.

забрзаните постапки, посебните постапки во рамките на нивната надлежност, како и да одлучуваат за жалби и приговори во постапките кои се во нивна надлежност.

Основните судови со проширена надлежност за подрачјата за кои се основани се надлежни да одлучуваат за кривични дела за кои со закон е предвидена казна затвор над пет години, за кривични дела сторени од деца во судир со законот, одлучуваат за определување мерки со кои се навлегува во индивидуалните права на обвинетиот-определување, продолжување и укинување на мерката притвор, примената на посебните истражни мерки, одземање на предмети, претрес на дом, оценатa на основаност на обвинителниот акт, одлучуваат за жалби и приговори за постапките за кои се надлежни, постапуват во забрзани и посебни постапки предвидени со ЗКП, а постапуваат и по предмети за меѓународна соработка во кривичната материја, регулирана со закон.

Постојат 12 основни судови со проширена надлежност со седиште во Скопје, Битола, Прилеп, Охрид, Струга, Гостивар, Тетово, Куманово, Кочани, Велес, Струмица и во Штип. Во основните судови со проширена надлежност се формираат и специјализирани судски одлуки за криминалитет на децата[36].

Апелационите судови според стварната надлежност се второстепени судови кои решаваат по жалби против одлуки на основните судови од своето подрачје, решаваат за судир на надлежности меѓу судовите од прв степен, одржуваат расправа во случаи определени со ЗКП, како и други работи определени со закон.

ВСРСМ е надлежен да решава во втор степен против одлуките на своите совети кога тоа определено со закон, да решава во трет и последен степен по жалбите против одлуките на апелационите судови, да решава по вонредни правни лекови против правосилните одлуки на судовите и одлуките на своите совети кога тоа определено со закон и да решава за судир на надлежност меѓу основните судови од подрачјето на различните апелациони судови, судир на надлежност меѓу апелациони судови да одлучува по барање на странките за повреда на правото на судење во разумен рок и др.

Врховниот суд суди во состав од петмина судии. Судот ќе одлучи на општа седница доколку е поднесено барање за заштита на законитоста против одлука на ВСРСМ. Врховниот суд на општа седница е надлежен да разгледува и утврдува разни

[36] Лажетиќ-Бужаровска, Г., Калајџиев, Г., Мисовски, Б., Илиќ-Димоски, Д., (2015) Казнено процесно право – Скопје, страна 59-67.

прашања во врска со работата, судовите и судиите, примената на законите и судската практика.[37]

3. Органи со посебни овластувања

Како помошни органи на судовите и јавните обвинители, полицијата и другите органи со истражни овластувања во кривичната постапка имаат посебни овластувања, односно имаат улога на помошни, споредни субјекти.

Покрај полицијата, се појавуваат и други органи со посебни овластувања за откривање и расчистување на кривичните дела како што се: Финансиската полиција и Царинската управа на РСМ, Воената полиција и Управата за безбедност и контраразузнавање. Постојат и други државни органи коишто се исклучително значајни за откривањето и пријавувањето кривични дела и прекршоци за кои ќе дознаат или ќе ги откријат во своето работење, а тоа се: Управата за јавни приходи, Дирекцијата за спречување на перење пари, различните инспекторати и сл.

Нивната активност за откривање и пријавување во кривичната постапка се одвива во две насоки: во предистражната постапка и истрагата.

3.1.Полиција

Најважната алатка на ЈО во откривањето на кривичните дела и обезбедувањето докази е полицијата. Организацијата на полицијата, уредувањето на нивните надлежности, овластувања, права и обврски што произлегуваат од работниот однос на полициските службеници во МВР се уредени со Законот за полиција.

Иако во теорија е наведено дека ЈО раководи со предистражната постапка, во пракса полицијата е таа којашто има голема автономија, од причина што полицијата е пооперативна, ЈО овде е повеќе пасивно, не е информирано од страна на полицијата и другите органи се додека не се подготви кривична пријава и не доволен персонален кадар во обвинителството кое претходно треба да биде едуциран за спроведување на законот.

Со новиот ЗКП е воспоставена таканаречена правосудна полиција, овде се работи за криминалистичка полиција која е поврзана и соработува со ЈО. Уште во

[37] член 37, Закон за судовите, Службен весник на РМ бр.58/2006, 35/2008, 150/2010.

почетокот на најраната фаза на постапката правосудната полиција и ЈО треба да соработуваат.

Според новиот ЗКП под поимот правосудна полиција се подразбираат полициските службеници од криминалистичката полиција во МВР и припадниците на Финансиската полиција и со закон овластени лица на царинската управа, на којшто им е претпоставено ЈО и соработуваат заедно со него во откривањето и гонењето на кривичните дела и водењето на истражната постапка. Правосудната полиција мора да работи по налог на надлежните Јавни обвинители и да одговара пред надлежниот Јавен обвинител.[38]

Доколку постојат услови за сомневање дека е сторено кривично дело кое се гони, по службена должност, овластените службени лица коишто претходно ги споменавме, се должни да ги преземат потребните мерки за да се пронајде сторителот на кривичното дело, извршителот или соучесникот да не може да се сокрие или да побегне, да се откријат и да се обезбедат трагите на кривичното дело и предметите што можат да послужат како доказ, како и да се соберат сите известувања што би можеле да бидат од корист за успешно водење на кривичната постапка.[39]

При реализација на овие задачи им е пропишано цела серија овластувања како што се: барањето потребни известувања од граѓаните, извршување на преглед на превозни средства на патниците и на багажот, ограничување на движењето на определен простор, утврдање на идентитетот на лицата и на предметите[40], распишување потрага по лица и по предмети по коишто се трага, извршување на преглед на определени објекти и простории на државни органи заедно со присуството на одговорното лице и сл. При погоре наведените дејствија се составува записник или службена белешка за утврдените факти и околности при преземањето на одделни дејствија од интерес за кривичната постапка, како и за предметите што се пронајдени или одземени, за овие дејства е дозволено од судот да се бара да ја испита законитоста и да го утврди тоа со Решение.

При изготвување на кривичната пријава потребно е да се достават и предмети, скици, фотографии, набавени извештаи, скици од преземаните службени белешки,

[38] Бужаровска, Г., (2010) Истражни дејствија, Прирачник за практичари, Скопје, страна 16.
[39] Стамевски, В., Криминалистика, избрани теми, авторизирани предавања - страна 38.
[40] Стамевски, В., Криминалистика, избрани теми, авторизирани предавања - страна 55.

изјави и други материјали кои можат да бидат корисни за успешно водење на постапката.[41]

Како позначајни овластувања на правосудната полиција се сметаат следните:

-Фотографирање и земање отпечатоци од прсти на лицето за кое постојат основи на сомневање дека извршило кривично дело, и со одобрение на судот јавно да можат да ја објават фотографијата на тоа лице кога е неопходно за утврдување на идентитетот, и

-Земање на отпечатоци од прсти на лица за кои постои веројатност дека можеле да дојдат во допир со одделни предмети, како и биолошки материјал за ДНК анализа, ако е потребно да се утврди од кого потекнуваат.

Од сето ова наведено можеме да кажеме дека полициските органи иако се споредeн субјект во кривичната постапка, тие имаат важна улога во примената на соодветната криминалистичка техника и придонесуваат за откривање и зафаќање на извршителите на кривичните дела и за сузбивање на криминалитетот.

3.2. Постапување на полицијата

3.2.1.Претрес

Јавниот обвинител дава образложена писмена наредба до судот за претрес на дом и пребарување на компјутер, којшто го наредува судот, а во случај на опасност од одлагање може и да биде по наредба од страна на правосудната полиција.

При претресот на домот на обвинетиот или на други лица, се доаѓа кога е веројатноста голема дека ќе се пронајде обвинетиот кој се бара поради приведување, или пак се бараат траги на кривично дело или предмети кои се важни за кривичната постапка. Кога се презема претрес на лице може да биде поради веројатност дека кај него ќе се пронајдат траги или предмети важни за кривичната постапка. При претресот на домот на обвинетиот се претресуваат и подвижните предмети кои се затечени во домот и другите простории, кои се наведени во наредбата за претрес или пак, доколку постојат услови за претрес на затеченото лице без наредба[42].

Доколку станува збор за пребарување на компјутерскиот систем и компјутерските податоци кои ги користи лицето, тоа е должно да овозможи пристап до

[41] Стамевски, В., Криминалистика, избрани теми, авторизирани предавања - страна 91-105.
[42] Стамевски, В., Криминалистика, избрани теми, авторизирани предавања - страна 51.

нив и да ги даде потребните известувања за непречено остварување на целта на претресот.

Кога станува збор за претрес на лице, овој претрес опфаќа претрес на облеката, обувките, површината на телото, подвижните предмети што лицето ги носи или се во негово владение, просторот во кој е затечено лицето во време на преземањето на претресувањето и средството за превоз кое се користи во времето на претресувањето. Претресот мора да биде извршен од лице од исти пол, особено кога станува збор за соблекување на облеката од страна на осомниченият. Кога станува збор за претрес на интимните делови на телото или телесните отвори, е неопходно изрично одобрение од судот. Интимните претреси ги врши медицинско лице.

Барањето за издавање на наредбата за претрес може да биде поднесено во усна или писмена форма, доколку е поднесена во писмена форма мора да биде составено, потпишано и заверено во согласност со ЗКП. Во барањето за издавање наредба за претрес мора да биде наведено називот на судот, како и името и функцијата на поднесителот на барањето, фактите што укажуваат на веројатноста дека лицето, односно предметите ќе се најдат на означеното или опишаното место кај определеното лице и барање судот да издаде наредба за претрес заради пронаоѓање на лице или одземање на предмети. Усното барање може да биде поднесено во усна форма само кога постои опасност од одлагање и може да биде соопштено и по телефон или по друго средство на електронска комуникација. Судијата во претходната постапка по примањето на ова барање мора да одлучи веднаш, а најдоцна во рок од 12 часа по приемот.

Судијата ја издава наредбата за претрес во којашто мора да биде содржан називот на судот што ја издал наредбата и дали ова барање е издадено усно, органот на којшто се однесува наредбата, целта на претресувањето, идентитетот на лицето кое треба да се пронајде или опис на предметите што треба да се пронајдат, опис на местото што ќе се протресува, упатство дека оваа наредба треба да се изврши помеѓу 5:00 или 21:00 часот. Упатство дека наредбата и одземаните предмети треба да се предадат на судот без одлагање, поука дека обвинетиот има право да го извести својот бранител за претресот, но и дека овој претрес може да се изврши и без присуство на бранителот и потпис на судијата на претходната постапка кој ја издава наредбата и службен печат на судот. Овој претрес мора да се изврши во рок од 15 дена од денот на издавање на наредбата.

Пред почетокот на претресот извршителот на наредбата мора да се легитимира и да му ја предаде наредбата за претрес на лицето кај кое или врз кое ќе се врши претресот, да го поучи дека има право на бранител и доколку лицето го повика својот бранител претресот не може да се изврши се додека не дојде неговиот бранител. Претресот може да се изврши и без претходно наведените услови, само доколку лицето се смета дека е вооружено или дава физички отпор, доколку е нужно при сомневање дека е сторено тешко кривично дело од страна на група или организација, претресот да биде извршен во јавни простории и др. Доколку претресот се врши во простории на државни органи, треба да се повика нивниот старешина да присуствува на претресувањето. Претресувањето на домот или на другите простории или пак, на лицето треба да се извршува внимателно со почитување на достоинството на личноста и правата на интимност и безпотребното нарушување на куќниот ред. При претресувањето може да се одземат привремено само оние предмети коишто се во врска со целта на претресувањето на дадениот случај.

При секој извршен претрес мора да се состави записник. Записникот мора да биде потпишан од извршителот на наредбата што го врши претресот, лицето кај кое се врши претресот и лицата чие присуство е задолжително. Вршењето на претресот може да биде снимено со апарат за визуелно-тонско снимање, а пак предметите што се пронајдени можат да се фотографираат, коишто подоцна се приложуваат кон записникот и можат да се употребат како докази.

Доколку не постои наредба за претрес, сепак може да се влезе во домот доколку држателот на домот се согласува со тоа, но само ако таму се наоѓа лице кое по претходно издадена наредба на судот би требало да се притвори или присилно да се доведе, или пак, е затечен сторителот при извршување на кривичното дело кое се гони по службена должност за негово лишување од слобода, овде нема да се состави записник, туку на држателот на домот ќе му се издаде потврда во којашто ќе се наведе причината за влегување на домот и сите забелешки на држателот.[43]

[43] Лажетиќ-Бужаровска, Г., Калајџиев, Г., Мисовски, Б., Илиќ-Димоски, Д., (2015) Казнено процесно право – Скопје, страна 181-186.

3.3. Лишување од слобода

Лишувањето од слобода се врши врз основа на наредба од страна на судот којашто ја извршува полицијата, но може да биде, исто така, извршено и без налог од судот.

Наредба за приведување може да даде судот, доколку постојат услови за притвор, односно доколку постои основано сомнение дека одредено лице сторило кривично дело и доколку притворот е неопходен за непречено водење на кривичната постапка, односно: лицето се крие или постои опасност од бегство, постои опасност дека ќе ги сокрие, фалсификува или уништи трагите на кривичното дело, постои опасност дека ќе го повтори кривичното дело и сл. Оваа наредба за приведување се издава писмено и треба да постои име и презиме на обвинетиот што треба да се приведе и назив на кривичното дело што му се става на товар, службен печат и потпис од судијата кој го наредува приведувањето. Извршителот на наредбата го повикува лицето доброволно да појде, но доколку лицето одбива може да биде приведено присилно.

Кога постои лишување од слобода без налог од судот може да биде во посебни случаи само доколку лицето е затечено во извршување на кривично дело кое се гони по службена должност и може да го лиши од слобода секој, доколку постои опасност од бегство за што треба веднаш да се извести полицијата, или доколку лицето е затечено веднаш по извршување на кривичното дело под околности кои укажуваат дека сторило кривично дело. Правосудната полиција може да лиши од слобода само ако постои опасност на одлагање и е должна веднаш, односно најдоцна во рок од шест часа од лишувањето на слобода да го изведе лицето пред надлежниот судија во претходната постапка и за тоа да го извести Јавниот обвинител.

Правосудната полиција може да го задржи лицето лишено од слобода поради утврдување на идентитетот, проверувањето дали постои алиби, или од други причини е потребно да се соберат податоци за водењето на постапката против тоа лице. Лицето лишено од слобода мора да биде известено за причините за лишењето на слобода и за задржувањето, но исто така, и за делото за кое му се става на товар, да биде поучено за правото на молчење, правото на информирање на семејството или на некое негово

друго блиско лице, правото на бранител и лекарски преглед, ова се права коишто лицето ги има во времето во коешто е задржано.[44]

4. Доведување на задржаното лице пред службеникот за прифат

Откако лицето ќе биде лишено од слобода, најдоцна во рок од шест часа треба да се изведе пред службеникот за прифат, во посебно определени полициски станици, којшто пак, треба да одлучи дали лицето ќе се задржи поради причините за кои е притворено или ќе биде пуштено на слобода.

Лицата коишто се лишени од слобода се уведуваат во посебен регистер во информатичкиот систем на МВР. Јавниот обвинител има за задача редовно да врши увид и контрола во овој регистер, ваква задача, исто така, има и Народниот правобранител на РСМ. Јавниот обвинител мора да биде известен веднаш по приемот на лицето лишено од слобода од страна на службеникот за прифат. Ова известување треба да се внесе во записникот за задржување.

Во овој записник мора да биде внесен и приемот на предметите коишто се пронајдени и одземени од лицето што е лишено од слобода, како и да биде изготвен од страна на службеникот за прифат. Примерок од овој записник мора да биде доставен и до јавниот обвинител, лицето коешто е лишено од слобода и полициското службеник којшто го довел ова лице.

Службеникот за прифат има право и да издаде наредба за претрес на лицето лишено од слобода веднаш по неговото доведување во полициската станица. Оние предмети или траги коишто можат да послужат како доказ или пак, можат да ја загрозат безбедноста на лицето лишено од слобода или пак, некое друго лице, можат привремено да се одземат со потврда.

Лицето лишено од слобода има за право да му се изврши лекарски преглед доколку лицето се жали на повреда, болка или пак болест, службеникот за прифат мора секогаш да го праша лицето дали боледува од некаква болест и дали му се потребни лекарства или медицински третман.

Лицето има право на бранител којшто ќе го одбере самиот или пак, доколку не е финансиски поткрепен за да го плати својот бранител, ќе му биде доделен бранител по

[44] Лажетиќ-Бужаровска, Г., Калајџиев, Г., Мисовски, Б., Илиќ-Димоски, Д., (2015) Казнено процесно право – Скопје, страна 166.

службена должност, лицето може насамо да се советува со својот бранител во било кое време и во времето од 20:00 навечер до 08:00 наутро, лицето има право да добие адвокат од листата на дежурните адвокати која ја составува Адвокатската комора на РСМ.

Задржувањето може да трае најдолго 24 часа од моментот на лишување од слобода и во овој рок лицето може да се изведе пред надлежниот судија. По истекот на овој рок, доколку не постојат услови за притвор, лицето мора да биде пуштено на слобода.

Ова задржување се спроведува во посебно уредени полициски станици или посебно уредени простори на Царинската управа и Управата за Финансиската полиција.

Службеникот за прифат при составување на записникот мора да ги внесе податоците за: денот и часот на лишување на слобода, причините за лишувањето од слобода, причините за задржувањето, времето кога е поучено за неговите права, знаци на видливи повреди, болест, ментална растроеност и сл. Кога е контактирано со семејството, бранителот, лекар, дипломатско-конзуларно преставништво и сл. податоци кој и кога разговарал со него, дали е префрлено во друга полициска станица, ослободување или изведување пред суд и други податоци. Лицето лишено од слобода мора да се потпише на овој записник.[45]

5. Стадиуми на кривичната постапка

Кривичната постапка во РСМ се состои од четири стадиуми кои се надоврзуваат еден на друг и сочинуваат една систематска целина, а тоа се:

1. Претходна постапка;
2. Обвинување (со евентуална контрола на обвинението);
3. Главна расправа со донесување и објавување на пресудата; и
4. Постапка по правни лекови.

[45] член 161, ст. 4 од Закон за кривична постапка – Службен весник на РМ,бр.150 од 18/11/2010 година.

5.1. Претходна постапка

Во оваа претходна постапка, всушност, се собираат доказите кои се потребни за да се дојде до заклучок дали е сторено кривично дело и дали на сторителот ќе му се суди. Затоа можеме да кажеме дека оваа постапка е поделена во неколку етапи, кои започнуваат по претходно барање на јавниот обвинител или пак, се покренува од страна на полицијата доколку се сомнева дека е сторено кривично дело кое се гони по службена должност. Во следната етапа доаѓа до проверување од страна на јавниот обвинител да ја провери основаноста на сомневањето која подоцна преминува во истражна постапка.

5.1.1. Предистражна постапка

Оваа постапка, всушност, е и најраната фаза на започнување на кривичната постапка, започнува со собирање на доказите од страна на правосудната полиција и јавниот обвинител за да се дојде до заклучок доколку постои сомневање дека е сторено кривично дело овоа сомневање да премине во основано сомнение.

При собирањето на доказите на Јавниот обвинител му помага правосудната полиција но голема улога имаат и Управата за јавни приходи, Дирекцијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, Инспекторати и други државни органи.[46]

За сторените кривични дела кои се гонат по службена должност се дознава од различни извори кои претставуваат поводи за поведување на кривичната постапка и можат да бидат:

- Глас[47]: кога се зборува дека е сторено кривично дело;
- Ноторност[48]: познат факт кој покажува дека постои кривично дело и
- Непосредно забележување: од страна на јавниот обвинител.[49]

Според ЗКП е пропишана обврска на сите јавни институции и установи доколку се известени за сторено кривично дело или пак, дознале да го пријават доколку тоа

[46] Витларов, Т., (2010) НОВАТА УЛОГА НА ЈАВНИОТ ОБВИНИТЕЛ ВО КАЗНЕНАТА ПОСТАПКА, Научна статија, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип.

[47] Fama.

[48] Notus.

[49] Бужаровска, Г., Ре, Д., Карнасас ,М., (2010) Истражни дејствија: Прирачник за практичари, Скопје, страна 264.

дело е пропишано да се гони по службена должност, освен да пријават имаат и обврска да ги наведат доказите кои им се познати и да преземат мерки за нивно зачување кога станува збор пример за траги.

Кривичната пријава, која се поднесува до јавниот обвинител, може да биде поднесена усно, по електронски пат, писмено, преку телефон и слично.

Јавниот обвинител, откако ќе ја прими кривичната пријава, е должен во рок од 30 дена да започне со преземањето на дејствија за кои е овластен според законот,[50] односно во рок од 90 дена да одлучи за истата.

Обвинителот за доставената кривична пријава може да одлучи на три начина и тоа со:

- Решение за отфрлање;
- Наредба за истрага и
- Обвинителен предлог во скратена постапка.[51]

Обвинителот доколку не одлучи по поднесената кривична пријава во овој рок има за обврска да го извести повисокиот Јавен обвинител, кој му е хиерарски претпоставен и да ги наведе причините поради неодлучување.

5.1.2. Полициски извиди – прва фаза во предистражната постапка

Во оваа прва фаза во претходната постапка кривичното дело сè уште не е откриено така што овде се дознава за кривичното дело, се собираат потребните податоци за сторителот на кривичното дело и за жртвата и се собираат доказите кои ќе помогнат во процесот на кривичната постапка.

Овие мерки полицијата може да ги преземе и сама, но и по налог на јавниот обвинител, односно полицијата може да го пронајде сторителот на казненото дело, да го спречи од бегство, или пак, да спречи негово сокривање, да ги собере сите потребни известувања кои можат да бидат во корист на водење на делото и да ги обезбеди трагите или предметите кои можат да послужат при утврдувањето на фактите во постапката. Најупотребувани мерки во откривањето се мерките од криминалистиката.[52]

[50] Чл. 39 ст. 3 од Закон за јавно обвинителство („ Службен весник на РМ“80/92, 19/93, 9/94 и 9/96, 38/04, 150/07).

[51] Само за кривични дела за кои е пропишана парична казна или казна затвор со пет години (чл.468 од ЗКП).

[52] Стамевски, В., Криминалистика, избрани теми, авторизирани предавања - страна 6.

Полициските извиди го земаат условот за основано сомневање дека е сторено кривичното дело коешто се гони по службена должност, овие извиди служат за да му обезбедат доволно материјал на јавниот обвинител за да се дојде до основано сомнение дека е сторено кривично дело, односно да се дојде до заклучок дека одредено лице сторило кривично дело.

Овие извиди можат да бидат општи и посебни, односно општи извиди се оние кои се поведуваат кога постојат основи на сомневање дека е сторено кривично дело кое се гони по службена должност, каде што се собираат докази и податоци за да му се помогне на јавниот обвинител за да ја покрене казнената постапка, и посебни извиди се оние во кои се употребуваат посебни истражни мерки само за одредени казнени дела уредени со закон.

Според новиот ЗКП, ЈО добива поактивна улога во предистражната постапка и сите овие мерки може да ги презема јавниот обвинител сам или со помош на правосудната полиција. Јавниот обвинител раководи со постапката и тој дава оперативни наредби и насоки на полицијата. Во практика, за полесните кривични дела[53] полицијата може и сама без помош на јавниот обвинител да ги преземе сите потребни мерки, додека за потешките кривични дела јавниот обвинител презема поактивна улога. Односно, кога станува збор за потешки случаи за кои е пропишана казна затвор над 5 години, јавниот обвинител може со насоки и мислења на полицијата да ѝ посочи но, полицијата е таа која ќе ги врши извидите или може јавниот обвинител непосредно да ги води извидите со наредби за преземање на конкретни мерки и дејствија од страна на полицијата.

Во оваа фаза се можни повеќе ситуации, односно кога полицијата непосредно секогаш ги презема итните и неодложливи дејствија за пронаоѓање на сторителот, спречување на негово бегство, обезбедувањето на трагите или предметите кои се опфатени со кривичното дело и потоа веднаш да го извести јавниот обвинител; полицијата се служи и со криминалистичко разузнавање за да дојде до степен на основано сомневање за да може подоцна да го извести јавниот обвинител; по информирањето на јавниот обвинител полицијата може сама да ги води извидите па подоцна откако ќе собере доволно докази да може да ја комплетира кривичната пријава; по информирањето полицијата извидите ги води под надзор на јавниот обвинител и мора да го информира за секој преземан чекор; доколку се води постапка

[53] Кражба, лесна телесна повреда, лесни сообраќајќи, и слично.

против полициски или царински службеници јавниот обвинител постапката може да ја спроведе и самостојно со својот тим на соработници и инспектори, затоа што оваа постапка се води тајно.

Според нашиот ЗКП постојат повеќе степени на сомневање како што се сознание, основи на сомневање и основано сомневање.[54]

Полицијата има право и да ги повика граѓаните на информативни разговори писмено со покана во која ќе го наведе името и презимето на граѓанинот, адресата и називот на организационата единица на Полицијата во којашто се повикува и причините за повикувањето[55], времето и местото за повикувањето и правото на бранител. Повикувањето може да се направи и по пат на јавно информирање доколку е потребно итност.

Сослушувањето на граѓаните не се одвива во формално својство, односно повиканите граѓани не се повикуваат како можни сведоци или осомничени, но доколку полицијата оцени дека повиканиот граѓанин може да се јави во својство на осомничен, мора веднаш за тоа да го извести јавниот обвинител. Лицето коешто ќе биде повикано на разговор не може да се задржи повеќе од 4 часа.

5.1.3. Прибирање потребни известувања на јавниот обвинител

За да може јавниот обвинител да почне да ги презема овластувањата коишто ги има за да може да се соочи со овој кривично-правен настан, тој најпрвин треба да биде известен за истиот тој настан.

Известувањето од страна на полицијата до јавниот обвинител може да биде дадено писмено или пак, усно доколку се работи за кривично дело за кое е пропишано казна затвор од најмалку 5 години.

Товарот на докажување дека постои кривично дело е на обвинителот, односно јавниот обвинител е одговорен во откривањето и гонењето на сторителите на кривични дела во државата. [56]

По добивањето на кривичната пријава постојат и случаи кога јавниот обвинител не може да одлучи по истата, и поради тоа да почне да собира нови информации и

[54] Бужаровска, Г., Мисоски, Б., Калајџиев Г., Димоски, Д., (2015) Казнено процесно право, Скопје, страна 199, 200.

[55] Не е доволно да се наведе само „службен разговор“.

[56] Министерство за внатрешни работи (2012), Прирачник за закон за кривична постапка.

докази кои му се потребни за одлучувањето и тоа самостојно или пак, преку неговите соработници. [57]

Тој може и самиот да го повика подносителот на пријавата доколку тоа му е потребно за да ги утврди наводите во пријавата, може да повикува и сведоци но претходно да ги извести во кое својство ги повикува и доколку сведокот дојде на главната расправа тој мора да биде испрашуван лично и не може да му се прочита изјавата којашто ја дал претходно пред јавниот обвинител. Јавниот обвинител може да го повика и самиот осомничен и неговата изјава има за право да ја снима. Јавниот обвинител за сите известувања коишто ги прибавил мора да состави записник во кој мора да се содржани сите поуки за сведоците или пак, за осомниченият, во спротивно не би можеле да се изведат како доказ во текот на постапката.

Доколку се работи за кривично дело за кое е пропишана казна затвор над 5 години, а повиканите лица кои биле уредно поканети не се појавиле на разговор со јавниот обвинител, на кој му биле потребни за расветлување на случајот, јавниот обвинител може да побара од судијата во претходна постапка да нареди да се доведат присилно.

Во предистражната постапка, јавниот обвинител има овластување и да бара привремено одземање на пари, предмети и документи, невообичаени трансакции, потрага по имот стекнат со извршување на кривично дело и слично. Овие податоци може да ги бара од државните органи, правни и физички лица, односно од каде што му се потребни сите податоци. Сите овие субјекти имаат рок од 30 дена за да му ги достават бараните податоци на јавниот обвинител, доколку не го сторат тоа, јавниот обвинител има овластување да бара од судот да им изрече парична казна од 2500 евра до 5000 евра во денарска противредност на одговорното лице, и може и самиот да бара увид во потребните информации. Додека претходно увидот во трансакциските сметки претставуваше банкарска тајна, ова повеќе сега не постои.[58]

Јавниот обвинител може да донесе Решение со кое ќе ја отфрли кривичната пријава доколку пријавеното дело не е кривично дело кое се гони по службена должност[59], односно доколку делото се поведува со приватна кривична тужба. Доколку

[57] Витларов, Т., (2010) НОВАТА УЛОГА НА ЈАВНИОТ ОБВИНИТЕЛ ВО КАЗНЕНАТА ПОСТАПКА, Научна статија, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип.

[58] Министерство за внатрешни работи (2012) Прирачник за закон за кривична постапка.

[59] Материјалноправен основ за отфрлање на кривичната пријава.

пак, настапила застареност или пак, делото е опфатено со амнестија,[60] исто така, може да биде отфлрлена кривичната пријава.

Јавниот обвинител не може да ја отфрли кривичната пријава доколку постојат услови кои ја исклучуваат кривичната одговорност[61] на осомничениот, од причина што овие околности треба да бидат утврдени во текот на постапката.

Оштетениот има право на жалба до повисокиот јавен обвинител поради отфрлање на кривичната пријава во рок од 8 дена која правна поука ќе биде наведена во Решението за отфрлање на кривичната пријава. Повисокиот јавен обвинител има рок од 30 дена да одлучи по истата, односно може да ја отфрли жалбата или пак да го задолжи понискиот јавен обвинител да ја продолжи постапката, што би значело да се прибават дополнителни податоци или докази или пак да се спроведе истрага.

Во текот на оваа постапка јавниот обвинител и полицијата се должни да ја почитуваат презумпцијата на невиност во однос на дадените информации на медиумите, затоа што сите нивни преземени дејствија се сметаат за тајна.

Табела бр. 3 – Споредба на обемот на работа на Јавните обвинителства по добиени кривични пријави во 2014, 2015, 2016, 2017 и 2018 година.

Сторители – ОЈО	**2014**	**2015**	**2016**	**2017**	**2018**
Полнолетни	28.108	21.068	18.796	17.402	20.259
Деца	1.698	1.358	1.186	1.074	1.152
Непознати	19.728	9.060	9.111	10.277	10.000
Вкупно	**49.464**	**31.486**	**29.093**	**28.753**	**31.511**

Извор- Годишен извештај за работењето на Јавното обвинителство во Република Северна Македонија за 2014, 2015, 2016, 2017 и 2018 година, достапно на - http://jorm.gov.mk/category/dokumenti/izvestai/

Можеме да заклучиме дека бројот на сторители варира, односно тој се зголемува па, се намалува, но е навистина голем број за децата сторители на кривични дела, додека за полнолетните сторители има голем пораст повторно во 2018 година, а пак, бројот на непознати можеме да кажеме дека добил благ пад.

[60] Процесноправен основ за отфрлање на кривичната пријава.
[61] Пресметливост, правна или стварна заблуда.

5.1.4. Истражна постапка

Истражната постапка претставува надоврзување на предистражната постапка. Јавниот обвинител има овластување во оваа постапка да собира докази коишто одат во прилог на осомничениот или пак, на негов товар.

Постапката започнува со донесувањето на наредбата од страна на јавниот обвинител за започнување на истражната постапка, тогаш кога ќе дојде до заклучок дека постои основано сомневање[62] дали осомничениот сторил кривично дело кое се гони по службена должност.

По прибавените докази коишто му се потребни на јавниот обвинител, тој оценува дали постои основано сомневање. Во истражната постапка не се изведуваат доказите, туку само се собираат за да можат подоцна да се изведат на јавна судска расправа каде што ќе постои начелото на контрадикторност. Самиот јавен обвинител оценува кои докази му се потребни за да покрене формално обвинение.

Доколку е пропишана казна затвор над 5 години за кривично дело кое се гони по службена должност, јавниот обвинител донесува наредба за спроведување на истражна постапка, додека за дела во кои е пропишана главна парична казна или казна затвор до 5 години, не се донесува наредба за спроведување на истражна постапка.

Не се донесува наредба за спроведување на истражна постапка и тогаш кога веќе дошло до спогодување помеѓу јавниот обвинител и осомничениот или пак, откако јавниот обвинител ќе ја отфрли кривичната постапка.

Како цел на истражната постапка е да се соберат доволно докази и податоци кои ќе му бидат потребни на јавниот обвинител за да одлучи дали ќе поднесе обвинение против осомничениот или пак, би се откажал од кривично гонење.

Оваа постапка повеќе наликува на подготвителна отколку на истражна од причина што во предистражната постапка веќе се собрани доказите и во оваа постапка јавниот обвинител само оценува кои докази би ги извел пред судот за да би ја докажал вината на осомничениот.

Постои можност и за изведување на одредени докази на доказно рочиште доколку за тие докази постои опасност да не можат да бидат изведени во текот на главната расправа.

[62] Основаното сомневање е повисок степен на сомневање кој е заснован врз прибавените докази кои упатуваат на заклучок дека определеното лице сторило кривично дело.

Доказите коишто се веќе собрани во текот на предистражната постапка, не постои основ да се собираат повторно во истражната постапка од причина што нивниот начин на собирање би бил ист, но доколку станува збор за исказ на сведок, тој може повторно да биде испрашан во текот на истражната постапка само доколку би требало да даде изјава за некои нови околности за кои претходно не бил испрашуван или пак, доколку јавниот обвинител оценил дека му треба појаснување на веќе кажаното во претходниот исказ.

Како што претходно кажавме, истражната постапка започнува со донесување на наредба од страна на јавниот обвинител во која мора да бидат наведени личните податоци на осомничениот, опис и правна класификација на кривичното дело.[63] Треба да се наведе и што треба да се преземе, кои истражни дејства треба да се преземат и слично, односно на некој начин оваа наредба претставува како план на јавниот обвинител за истражната постапка.

Оваа наредба не се доставува до никого, но е доста релевантна затоа што со неа започнува кривичното гонење и престанува основот на застарување на кривичното гонење. Со оваа наредба започнуваат и роковите на истражната постапка така што доколку се потребни одредени мерки, како што се мерките за обезбедување или гаранција на осомничениот, можат да се определат.

Целата истражна постапка треба да заврши во рок од 6 месеци од донесувањето на наредбата за започнување на истражната постапка од страна на јавниот обвинител. Овој рок може да биде продолжен најдолго 15 месеци, доколку е потребен поголем временски период и доколку станува збор за сложени кривични дела.

Јавниот обвинител ја завршува истражната постапка со донесувањето на обвинението или ја запира истражната постапка. Тој има за обврска, пред истекот на рокот, да достави писмено известување до осомничениот и неговиот бранител во кое ќе даде опис за кривичното дело за кое е спроведена истражна постапка, правна класификација на истото и напомена дека списите од истражната постапка се наоѓаат кај јавниот обвинител и дека имаат право на увид во списите и нивен препис.

Во известувањето е содржана и поука во која се наведува дека осомничениот и неговиот бранител имаат рок од 15 дена да достават докази до јавниот обвинител, или пак да бараат од него да собере одредени докази, во законот не е децидно наведено колку пати може бранителот и осомничениот да бараат да се соберат докази, но е

[63] Нанев, Л., (2013) Практикум по предметот Казнено процесно право, УГД, Штип.

ограничено на овие 15 дена. Јавниот обвинител е должен бараните докази да ги собере во рок од 30 дена.

Јавниот обвинител по изминатиот рок од 30 дена доколку оцени дека треба да ја запре истражната постапка мора за тоа да го извести осомничениот и неговиот бранител, но по истекот на овие 30 дена, јавниот обвинител има нов рок од 15 дена во кој мора да донесе одлука дали да поднесе обвинение или да ја запре постапката.

Доколку се собрани сите докази кои водат до донесување на осудителна пресуда, по завршувањето на истражната постапка и јавниот обвинител оцени дека има основано сомневање, тогаш тој изготвува обвинителен акт.

Јавниот обвинител ја запира истражната постапка само доколку делото кое се става на товар на осомничениот се гони со приватна кривична тужба, доколку е застарено кривичното гонење или е опфатено со помилување или амнестија, доколку се појавиле околности кои го исклучуваат гонењето, или пак не постојат докази дека осомничениот го сторил кривичното дело кое му се става на товар.

Запирањето на постапката се донесува со наредба која ја изготвува јавниот обвинител и мора да биде доставена до осомничениот и оштениот, кои имаат рок од 8 дена по приемот на истата да поднесат приговор до повисокиот јавен обвинител, кој има рок од 30 дена да одлучи по истиот дали ќе го усвои и би донел решение со кое би ја потврдил наредбата или пак решение со кое ќе го задолжи понискиот јавен обвинител да ја продолжи постапката.[64]

Јавниот обвинител може да ја прекине истражната постапка доколку осомничениот е во бегство или е недостапен, доколку по извршувањето на делото дошло до душевно заболување или растројство кај осомничениот поради што не би можел да учествува во постапката, или пак дошло до околности кои го спречуваат кривичното гонење привремено.[65]

Ова запирање се донесува, исто така, со наредба од страна на јавниот обвинител против која нема право на жалба. Кога би престанале причините за запирањето на истражната постапка, јавниот обвинител може да ја продолжи постапката, но притоа сето тоа мора да го евидентира јавниот обвинител, но доколку во меѓувреме дојде до застареност на кривичното гонење, јавниот обвинител мора да донесе наредба за запирање на истражната постапка.

[64] Витларов, Т., (2010) НОВАТА УЛОГА НА ЈАВНИОТ ОБВИНИТЕЛ ВО КАЗНЕНАТА ПОСТАПКА, Научна статија, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип.

[65] Нанев, Л., (2013) Практикум по предметот Казнено процесно право, УГД, Штип.

Табела бр. 4- Вкупен број на одлуки донесени од поединечни јавни обвинителства во 2018 година.

Вишо јавно обвини-телство	**Обви-нението**	**Изјави за откажување од гонење и наредби за запирање на истрагата**	**Прекра-тени**	**Решени на друг начин**	**Предлог спогодба по поднесен обвините-лен акт**	**Предлог спогодба во истражна постапка**
ОЈО ОКК	142	85	16	6	/	6
Скопје	370	107	30	29	3	51
Битола	132	29	1	5	1	14
Штип	153	23	2	11	/	15
Гостивар	126	14	/	2	2	20
Вкупно	**923**	**258**	**49**	**53**	**6**	**106**

Извор- Годишен извештај за работењето на Јавното обвинителство во Република Северна Македонија за 2018 година, достапно на - http://jorm.gov.mk/wp-content/uploads/2020/01/godishen-izveshtaj-za-raboteneto-na-javnoto-obvinitelstvo-na-republika-severna-makedonija-za-2018-godina.pdf

Според овие податоци, можеме да заклучиме и да ја докажеме хипотезата бр.2 дека Јавните обвинителства во РСМ, солидно си ја извршуваат работата и дека бројот на поднесените обвинениј е доста голем од оној во кој се откажале од гонење. Бројот на поднесените предлог спогодби подобро се одвива во текот на истражната постапка отколку по поднесениот обвинителен акт. Додека оние коишто се наведени како решени на друг начин, се оние одлуки каде што јавното обвинителство се прогласува за стварно или месно ненадлежно.

5.1.5. Доказно рочиште

Во текот на истражната постапка е дозволено и одржување на доказно рочиште, кое може да биде по барање од страна на јавниот обвинител или пак на осомничениот. За ова барање одлучува судија во претходна постапка во рок од три дена. Кога судијата го прифаќа барањето тој донесува решение во кое мора да се наведат доказите кои ќе

бидат изведени на доказното рочиште и датумот на ова рочиште кое мора да биде во рок од десет дена откако е донесено решението.[66]

Доказно рочиште може да се одржи само во одредени случаеви односно доколку постои можност сведокот којшто треба да се испита на главната расправа поради болест или смрт да не може да присуствува, доколку е потребно вештачење на предмети, лице или место кои се подложни на одредени промени или пак постојат околности сведокот да е спречен да сведочи или лажно да сведочи поради закани, насилство или подмитување на главната расправа.

На доказното рочиште се поканети осомниченият, неговиот бранител, јавниот обвинител и оштетениот, а го спроведува судија на претходна постапка. Доколку некоја странка која е уредно поканета не се појави на ова рочиште, а воедно и не го оправда својот изостанок, ова не го одложува одржувањето на доказното рочиште. Доколку осомниченият остане без својот бранител судијата е надлежен да му додели нов бранител.

Изведувањето на доказите се одвива исто како изведувањето на доказите на главната расправа.

5.2. Обвинување

Обвинувањето е вториот стадиум во кривичната постапка, до обвинувањето се доаѓа со поднесувањето на обвинението од страна на јавниот обвинител до судот.

Во нашето законодавство постојат три вида на обвинување, и тоа:

1. Обвинител акт: поднесен од страна на јавниот обвинител по претходна завршена истражна постапка во редовната кривична постапка;
2. Обвинител предлог: поднесен од страна на јавниот обвинител без претходна истражна постапка со можности за преземање некои истражни дејствија во скратена постапка;
3. Приватна кривична тужба: поднесена од страна на приватен тужител, кој е овластен да поведува кривично гонење, за дела од кои гонењето зависи од диспозицијата на приватниот тужител.

[66] Витларов, Т., (2010) НОВАТА УЛОГА НА ЈАВНИОТ ОБВИНИТЕЛ ВО КАЗНЕНАТА ПОСТАПКА, Научна статија, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип.

5.2.1. Обвинител акт

Обвинителниот акт се поднесува од страна на јавниот обвинител до судот во онолку примероци колку има странки во постапката по завршувањето на претходната постапка, каде јавниот обвинител собрал доволно докази кои водат до донесување на осудителна пресуда, овде е запазено начелото на акузаторност каде обвинителот одлучува за обемот и содржината на обвинителниот акт, но е запазена строго законската определена форма. Обвинителниот акт мора да биде поднесен писмено но постои и можност да биде поднесен и усно но само во текот на главната расправа доколку би дошло до проширување на обвинението.

По примањето на обвинителниот акт, судот има задача да одлучи дали овој обвинител акт е основан за да закаже главна расправа или пак, да го отфрли како неоснован.

Во обвинителниот акт мора да бидат наведени името и презимето на осомниченият со точни податоци за тоа каде се наоѓа дали во притвор или на слобода, целосен опис на кривичното дело со време место и начин на извршување, средство на извршување, законски назив на кривичното дело, означување на судот каде ќе се одржува главната расправа и собраните докази врз кои се темели обвинителниот акт. Во прилог секогаш се доставуваат и сите докази, освен доказите мора да се приложи и предлог на обезбедување на осомниченият доколку тој се наоѓа во притвор. Во еден обвинител акт е дозволено да се наведат повеќе кривични дела или пак, повеќе сторители.

Овие елементи се задолжителни во составот на обвинителниот акт и доколку би дошло до технички грешки во него, судијата го враќа обвинителниот акт кај јавниот обвинител за да може да го исправи во рок од три дена.

При оцената на обвинителниот акт, судијата може да одлучува самостојно или пак, колегијално. Самостојно одлучува судијата тогаш кога за кривичното дело во обвинителниот акт е пропишана казна затвор до 10 години.

Судијата може да закаже и рочиште составено од тројца професионални судии за оценување на основаноста на обвинителниот акт во кој е наведено кривично дело за кое е пропишана казна затвор над 10 години.

Советот за оцена на обвинителниот акт може да донесе решение во кое би се прогласил за ненадлежен поради месната и стварната надлежност и целиот предмет да го предаде на надлежниот суд.

Судот има рок од 24 часа во кој мора да одлучи доколку во обвинителниот акт постои предлог за продолжување на притворот, да се пушти на слобода осомничениот или пак, да се определи мерка за обезбедување на присуство. Овде жалбата не го задржува извршувањето на решението.

При доставувањето на обвинителниот акт до осомничениот мора да бидат пропишани и неговите права, односно правото на приговор против обвинителниот акт во рок од 8 дена по приемот на истиот по кој ќе одлучи советот од тројца судии дали да го отфрли доколку е ненавремен или неоснован. Овде е значајно правото на здружување,[67] односно доколку се наведени повеќе осомничени во обвинителниот акт и само дел од нив поднесат приговор, судијата или советот при одлучувањето ќе ги опфатат и оние кои не поднеле приговор. Изјавата за признавање вина со која осомничениот има право да ја поднесе, исто така, во рок од 8 дена по приемот на обвинителниот акт која може да се однесува на сите кривични дела кои му се стават на товар на осомничениот или пак, само на одредени кривични дела. Осомничениот, оваа изјава може да ја даде на рочиштето за оцена на обвинителниот акт. Осомничениот има и обврска да достави листа на докази кои ги предлага на судот да се изведат во текот на главната расправа, тие, исто така, можат да бидат доставени и во текот на рочиштето за оцена на обвинителниот акт.

5.2.1.1. Рочиште за оцена на обвинителен акт

Доколку судијата или советот оцени дека е потребно рочиште за оджување за оцена на обвинителниот акт, тоа рочиште мора да биде закажано во рок од 15 дена по приемот на приговорот или по истекот на неговото поднесување. На ова рочиште е задолжително присуството на осомничениот, неговиот бранител и јавниот обвинител. Доколку не постои уредна достава, рочиштето се одложува во рок од 15 дена, уредно поканетите странки коишто нема да се појават на ова рочиште и нивното отсуство нема да го образложат, нема да придонесат за одложување на ова рочиште. Рочиштето би се одржало и доколку осомничениот е во отсуство.

Ова рочиште започнува со воведен говор од страна на јавниот обвинител кој се обраќа до судот и до присутните странки и го образложува обвинителниот акт, односно текот на истражната псотапка и собраните докази кои го товарат

[67] Beneficium cohaesionis.

осомниченият за стореното кривично дело поради што е и поднесен овој обвинителен акт. По јавниот обвинител на ред стапува одбраната која мора да го образложи истакнатиот приговор, па доколку не постои приговор против обвинителниот акт, одбраната треба да образложи во кој дел го оспорува обвинителниот акт, да ги произнесе доказите кои одат во прилог на осомниченият, да ги воочи пропустите во истражната постапка, и да ги оспорува незаконски прибавените докази, да предложи докази кои ќе бара да бидат изведени на главната расправа. Јавниот обвинител и одбраната можат само еднаш да ги контрираат наводите на спротивната страна. Кога може да се донесе одлука од страна на судијата или советот за оцена на обвинителниот акт, тогаш рочиштето е прогласено за завршено.[68]

5.2.1.2. Рочиште за признавање на вина

Ова рочиште може да се одржи само доколку при претходно наведеното рочиште за оцена на обвинителниот акт, осомниченият признае дека се чувствува виновен за стореното кривично дело или за одделни кривични дела кои му се стават на товар, или пак осомниченият или неговиот бранител поднел изјава за признавање на вина за стореното кривично дело или за одделни кривични дела кои му се стават на товар. Оваа изјава мора да биде запишана во записник.[69]

Судот е должен да утврди дали оваа изјава е дадена доброволна со чиста свест и разум и дали ги сфатил последиците од истата во однос на трошоците во постапката и имотно-правното побарување и дали постојат доволно докази за докажување на вината на осомниченият за делото кое му се става на товар. Доколку судијата или советот за оцена на обвинителниот акт не ја прифати дадената изјава за вина, рочиштето продолжува исто како оваа изјава воопшто и да не била дадена.

Доколку изјавата за признавање на вина биде прифатена, рочиштето може да се одложи за да може да се спроведе постапката на спогодување и тоа во рок од 15 дена.

Доколку во овој временски рок од 15 дена странките достават до судот предлог спогодба, судијата пристапува кон оцена на оваа предлог спогодба. Оваа предлог спогодба доколку биде прифатена од страна на судот се донесува пресуда онаква што

[68] Бужаровска, Г., Карнавас, М., Ре, Д., (2010) Спогодување за вина- прирачник за практичари, OSCE, Скопје, страна 15-95.

[69] Бужаровска, Г., Карнавас, М., Ре, Д., (2010) Спогодување за вина- прирачник за практичари, OSCE, Скопје, страна 15-95.

ги содржи одредбите на осудителната пресуда но, доколку оваа предлог спогодба не биде прифатена од страна на судот, тогаш изјавата за признавање на вина со предлог спогодбата се затвораат во посебна обвивка и се извојуваат од списите на предметот.[70]

5.2.1.3. Одлуки на судијата, односно на советот

Судот, односно советот може да донесе одлука и тоа:

- Решение за издвојување докази од списите: доколку се докаже дека постојат недозволени докази, овие докази се пакуваат и се враќаат кај судијата на претходната постапка и не можат ниту да се разгледуваат, ниту пак, да се користат понатаму во текот на расправата;
- Решение за раздвојување на постапката: кога обвинителниот акт е одобрен за одделни кривични дела;
- Решение за запирање на постапката: кога јавниот обвинител би се откажал од обвинителниот акт пред донесување одлука за неговот одобрување;
- Решение за одбивање на обвинителниот акт како неоснован: доколку образложеното дело не е кривично дело, постоење на околности за исклучување на кривичната одговорност, постоење на околности за исклучување на кривичното гонење и сл.
- Решение за одобрување на обвинителниот акт: во однос на сите или на одредени кривични дела кои се наведени;
- Клаузула за одобрување на обвинителниот акт: во случаи кога не е поднесен приговор или судијата или советот не дошле до одржување на рочиште.

Осомниченият добива статус на обвинет откако обвинителниот акт ќе стапи на сила.

Сите докази кои се собрани се изнесуваат во текот на главната расправа, во која може да дојде и до измена на обвинението што ѝ дава можност на одбраната да го одложи рочиштете со цел да може да ја спреми одбраната. Исто така, може да дојде и проширувањето на обвинението доколку во текот на главата расправа се открие некое порано сторено кривично дело од обвинетиот или пак, самиот обвинет сторил ново

[70] Нича, Ј., Коневска, М., Кадиев, Д., (2013) „Напредна обика за новиот ЗКП МОДУЛ: 4 ЗАБРЗАНИ ПОСТАПКИ – Прирачник, Академија за судии и обвинители, Скопје, страна 40-46.

кривично дело пред одржувањето на главната расправа. Ова обвинение може да биде проширено и усно од страна на обвинителот, одбраната и овде може да го одложи рочиштето или пак, да побара да се одделат овие две обвиненија во различни постапки.

5.2.2. Обвинителен предлог

Обвинителен предлог се поднесува, исто така, од страна на јавен обвинител но само за кривични дела во кои е пропишана казна затвор до пет години или пак, парична казна, во рочиште во кое заседава судија поединец.

Обвинителниот предлог не ги има истите елементи како обвинителниот акт, односно е поедноставен и го содржи идентитетот на осомничениот, кратко опишување на кривичното дело, името на судот каде ќе се води главната расправа, предлог доказите што треба да се изведат и предлог осомничениот да се огласи за виновен, може да се стави и предлог за определување мерка за обезбедување на присуство.

Обвинителниот предлог не се оценува, судијата поединец може да одлучи да го отфрли обвинителниот акт кога ќе утврди дека постои некоја од причините поради кои може да се одбие обвинителниот акт[71] или доколку не е надлежен за постапување.

5.2.3. Приватна тужба

Приватната тужба се поднесува од страна на приватен тужител и ги има истите обележја како и обвинителниот предлог, само што во приватната тужба не може да се бара определеување на мерка за обезбедување на присуство.

5.3. Главна расправа

Овој стадиум може да се каже и дека е и најважниот стадиум, овде се изведуваат доказите од странките кои можат да бидат изведени само во текот на доказната постапка. Главната расправа е усна, јавна, контрадикторна во која по одржувањето се донесува пресуда, таа е составена од процесни дејствија на странките

[71] Чл. 377 од Закон за кривичната постапка (Сл.весник на РМ бр. 44/2002, 74/2002, 83/2008, 67/2009, 51/2011, 100/2012).

и судот од претходно законски утврден редослед. Главната расправа е правична и се одвива според ЗКП.

Како битен елемент на главната расправа е донесувањето на пресуда која може да биде донесена по претходно изведување и оценување на доказите.

Постојат правила за одржување на расправата, односно присутните лица секогаш мораат да стоат додека не седне советот или пак судијата, јавниот обвинител или пак тужителот секогаш седат од левата страна на советот, додека обвинетиот и неговиот бранител на десната страна.

Пред да започне главната расправа претходи **заседание** кое е воедно и дел на главната расправа во кое: советот е должен да го објави предметот, да утврди дали се присутни сите повикани лица, да земе лични податоци од обвинетиот за да го утврди неговиот идентитет, должен е да ги предупреди сведоците и вештаците за нивната обврска да ја зборуваат само вистината и да им укаже за последиците за лажно сведочење и да внимава да не постои контакт помеѓу сослушаните сведоци и оние кои што сè уште не излегле да сведочат.

Додека за **главната расправа** е битно да се напомене дека барање за изземање на судија или на судија-поротник странките можат да поднесат до започнување на главната расправа[72].

Главната расправа започнува со воведните говори кои прв ги има секогаш обвинителот или овластениот тужител, а подоцна бранителот или обвинетиот доколку нема свој бранител, каде ги изложуваат собраните докази, ги изложуваат правните прашања по кои ќе решаваат и решавачките факти. Овде може и да се пријави имотно-правно барање.

По воведните говори следува задолжение на претседателот на советот да го праша обвинетиот дали е свесен за што го обвинуваат, односно дали ја разбира содржината на обвинението и накратко да му го објасни обвинението, да му посочи дека има право да молчи, но и да се произнесе за вината, дека има право да ги испрашува сведоците и да го следи нивното сведочење. [73]

Обвинетиот доколку се произнесе дека се чувствува виновен за сите дела или пак за дел од нив, може да му се изрече пресуда за признавање на вината, но претходно претседателот на советот или пак судијата мора да оцени дали ова признание е дадено

[72] Чл.35, ст.2 од Закон за кривичната постапка (Сл.весник на РМ бр. 44/2002, 74/2002, 83/2008, 67/2009, 51/2011, 100/2012).

[73] Бужаровска, Г., (2010) Спогодување за вина: Прирачник за практичари (Гордана Бужаровска, Мајкл Г. Карнавас, Дејвид Ре) – Скопје: OBSE, страна 15-95.

доброволно, без заблуда и свесно за последиците кои произлегуваат од него, односно кои се однесуваат на имотно-правното побарување доколку го побарал оштетениот, надоместувањето на трошоците во постапката и заминувањето веднаш во затвор доколку е таква санкцијата.

Најзначајна фаза овде е доказната постапка од причина што пресудата се донесува врз основа на изведените докази. При изведувањето на доказите предност има обвинителот и оштетениот за имотно-правното барање, подоцна одбраната, обвинението има право на реплика[74], а одбраната на дуплика[75]. Секоја странка има право и да се откаже од предложениот доказ, но само при претходна согласност на двете страни.

Сведоците, исто така, претставуваат суштински дел на постапката кои чекаат надвор се додека не бидат повикани, откако ќе бидат повикани тие можат да се испрашуваат директно, вкрстено и дополнително, а претходно да им се укаже за последиците од лажно сведочење[76].

Секогаш сведокот треба да биде испрашуван од онаа странка која го повикала како сведок, инаку јавниот обвинител настапува прв со директно испрашување со кратки и јасни прашања за да се утврдат фактите. Подоцна, спротивната странка настапува со вкрстено испрашување, односно со прашања за факти кои претходно биле изведени од директното испрашување, се со цел да го елиминира исказот кој бил претходно даден. По вкрстеното испрашување е дозволено и дополнително испрашување од странката која претходно го водела директното испрашување, но само на прашања кои биле поставени во текот на вкрстеното испрашување. При дополнителното испрашување кое го врши странката која го повикала сведокот, а воедно и при вкрстенето испрашување на странките можат да им помогаат техничките советници.[77]

Вештите лица,[78] исто така, можат да се јават како сведоци на начин исти како и сведоците. Вештите лица изработуваат вешт наод и мислење и доколку ни една од странките не побара испрашување на вештото лице неговиот вешт наод и мислење

[74] Докази на обвинението за побивање на доказите на одбраната.

[75] Докази на одбраната како одговор на побивањето.

[76] Димовски, С., Илиевски, Ј., Димитриевски, З., (2014) Јавност во кривичната постапка, Скопје, страна 52.

[77] Член 21, точка 19 од Закон за кривичната постапка (Сл.весник на РМ бр. 44/2002, 74/2002, 83/2008, 67/2009, 51/2011, 100/2012).

[78] Технички советници се стручни лица од регистарот на вештаци кои странките ги ангажираат тогаш кога во текот на постапката им е потребна експертска помош од определена област.

може да влезе во доказниот материјал, но доколку едната странка побара негово испрашување на главната расправа, а вештото лице нема да биде испрашано, тогаш неговиот вешт наод и мислење не влегува во доказниот материјал.

Одбраната, исто така, може да го предложи и обвинетиот како свој сведок кој ќе биде испрашуван на истиот начин, но сето тоа спаѓа под ризик на одбраната.

Доколку постојат писмени докази, како на пример, што се записниците тие се читаат и секогаш до судот се доставуваат во оригинал или како заверен препис, можат да постојат и материјални докази[79] кои по барање од обвинетиот можат да му се покажат во текот на главната расправа или пак, на сведоците или вештите лица. При завршувањето на доказната постапка, странките имаат право да предложат и нови докази доколку се појавиле по изменети околности, но доколку не предложат, целата доказна постапка е завршена.

По завршувањето на доказната постапка настапуваат странките со давањето на нивните завршни зборови. Секоја странка си ја брани својата страна и се стреми кон тоа да го докаже обвинението или пак, да го оспори и ослободи обвинетиот од вина. Овде се оценуваат доказите, и се даваат предлози до судот како да пресуди во конретниот случај.

При одредувањето на санкцијата на обвинетиот, главен фактор претставува личноста на обвинетиот и неговата казнена историја, затоа што во нашиот систем се става акцент на ресоцијализацијата на личноста.

При давањето на завршните зборови постои повторно редослед во кој јавниот обвинител или тужителот е секогаш прв кој мора да го образложи и зацврсти обвинението и да ги произнесе фактите кои се релевантни за обвинението, подоцна оштетениот кој доколку побара имотно-правно барање да го истакне, и на крај настапува обвинетиот или неговиот бранител кој се стреми да го побие обвинението и да го ослободи обвинетиот.

5.3.1. Видови пресуди

По завршувањето на главната расправа, судот мора да донесе пресуда со која ќе одлучи за конкретен кривично-правен настан. Во нашето законодавство постојат три вида на пресуди и тоа:

[79] Corpora delicti.

- Пресуда со која се одбива обвинението: која судот може да ја донесе доколку се погласи за стварно ненадлежен, тужителот до завршувањето на главната расправа се откаже од обвинението, постапката почнала да се води без барање од овластен тужител кој нема процесна способност, обвинетиот претходно за истото дело веќе бил осуден или ослободен од обвинениет, доколку настапила застареност, делото е опфанато со амнестија или помилување и слично.
- Ослободителна пресуда: доколку делото кое се товари на обвинениот не е кривично дело според законот, постојат околности кои ја исклучуваат кривичната одговорност на обвинетиот, и доколку не се докаже дека обвинетиот го сторил кривичното дело за кое се товари.
- Осудителна пресуда: оваа пресуда ја докажува основаноста на вината на обвинетиот и нејзината форма мора да биде според ЗКП, односно во неа мора да се опише кривичното дело за кое обвинетиот е прогласен за виновен заедно со законскиот назин на тоа кривично дело, да се опише кривичната санкција која му ја изрекува судот за стореното кривично дело, да се наведе и времето кое бил во притвор за стореното дело или доколку веќе издржал казна затвор за некое друго дело, се наведуваат и мерките за безбедност или алтернативни мерки доколку постојат и на крај се наведува одлуката за настанатите трошоци во постапката кои обвинетиот треба да ги надомести или за имотно-правното барање.

Судот, за да донесе пресуда, најпрвин се советува и гласа, а подоцна и ја објавува донесената пресуда, која може да биде објавена веднаш по завршувањето на главната расправа или пак во рок од три дена.

По објавувањето на пресудата, судот има обврска во рок од 15 дена писмено да ја изработи објавената пресуда во која ќе бидат наведени податоците на судот кој ја донесува оваа пресуда, странките и делото кое е предмет на обвинение. Секоја пресуда има изрека која е и воедно најбитниот елемент на пресудата во која мора да бидат содржани податоците за обвинетиот, одлуката во која обвинетиот го огласуваат за виновен за кривичното дело за кое му се става на товар, или пак, за сите кривични дела доколку станува збор за стек на кривични дела. Подоцна следува образложението во кое мора да бидат јасно наведени причините за ваква одлука на судот, и фактите кои се утврдени.

Обвинетиот има право веднаш да се откаже од своето право на жалба по објавувањето на пресудата.

Изработената пресуда треба да биде доставена до јавниот обвинител или овластениот тужител, обвинетот и неговиот бранител доколку го има и во неа мора да биде наведена поука за правото на жалба. [80]

Табела бр.5 – Вид на пресуди и нивен број за 2014, 2015, 2016, 2017 и 2018 година.

Вид на пресуди	Број на лица 2014	Број на лица 2015	Број на лица 2016	Број на лица 2017	Број на лица 2018	Процент на поединечни видови пресуди во однос на вкупен број на пресуди за 2018 година
Осудителни Пресуди	15.526	11.706	8.612	7.386	7.978	91.1%
Ослободителни Пресуди	411	387	259	1280	258	2.9%
Одбивателни Пресуди	565	451	319	308	327	3.7%
Запирање по предавање на Обвинителниот акт на судот и по повлеченото обвинение	176	224	110	123	91	1%
Мерка на безбедност	227	207	82	109	86	1%
Судска опомена	54	37	26	9	18	0.2%
Вкупно	**16.959**	**12.810**	**9.408**	**8.215**	**8.758**	**100%**

Извор- Годишен извештај за работењето на Јавното обвинителство во Република Северна Македонија за 2014, 2015, 2016, 2017 и 2018 година, достапно на - http://jorm.gov.mk/category/dokumenti/izvestai/

[80] Лажетиќ-Бужаровска, Г., Калајџиев, Г., Мисовски Б., Илиќ-Димоски, Д., (2015) Казнено процесно право – Скопје, страна 237-242.

Според дадените податоци најголем број од случаите завршиле со осудителна пресуда, односно 91.1% за 2018 година. Бројките според годините варираат, но сепак осудителните пресудит се изрекуваат најмногу.

5.4. Постапка по правни лекови

Во нашето законодавство се предвидени редовните правни лекови и вонредните правни лекови.

5.4.1. Редовни правни лекови

5.4.1.1. Жалба против пресуда на првостепениот суд

Како редовен правен лек во нашето законодавство е предвидена Жалбата која ги напаѓа фактичките и правните повреди. Оваа жалба се однесува на пресудата. Жалбата треба да биде изјавена навремено и се доставува до повисокиот суд односно Апелациониот суд или пак ВСРСМ.

Жалбата ја изјавуваат странките во постапката, но исто така истите можат и да се откажат од своето право на жалба, или пак да ја повлечат веќе поднесената жалба.

Секоја жалба си има законски предвиден редослед во која најпрво треба да се наведе преку кој суд до кој се доставува, да се наведе пресудата против која се поднесува жалбата, да се наведат основите за побивање на пресудата, да се образложат наводите, предлог до насловниот суд да ја укине целосно или делумно пресудата или пак да ја преиначи и за крај потпис од лицето кое ја поднесува жалбата. Жалбата се поднесува во рок од 15 дена од доставувањето на пресудата.

При изјавувањето на жалбата се користат следниве основи:

-Суштествена повреда на одредбите на кривичната постапка: кога станува збор за суштествена повреда на одредбите од кривичната постапка анализирајќи ги истите може да се утврди дека тие можат да се поделат и тоа на апсолутно суштествени повреди и на релативно суштествени повреди.

Како апсолутно суштествени повреди на одредбите на кривичната постапка спаѓаат оние кај кои може да се претпостави причинската врска меѓу сторената повреда и неправилноста на пресудата и овие се кога:

1. Судот е непрописно составен или ако при изрекување на пресудата учествувал судија или судија-поротник кој не учествувал на главната расправа или кој со правосилна одлука е изземен од судењето;
2. На главната расправа учествувал судија или судија – поротник кој морал да биде изземен;
3. Главната расправа е одржана без лице чие присуство на главната расправа е задолжително, односно кое претставува претпоставка за одржување на главната расправа на што мора да внимава претседателот на советот;
4. Јавноста била исклучена на главната расправа;
5. Повреда на прописите на кривичната постапка по однос на околноста дали постои обвинение од јавен обвинител или приватна кривична тужба од оштетениот како приватен тужител;
6. Дали пресудата ја донел стварно надлежен суд, доколку постои стварна ненадлежност судот не можел да суди по тој предмет;
7. Нецелосно решавање на предметот на обвинението;
8. Доколку пресудата е заснована врз доказ кој според одредбите на овој закон не може да се заснова пресуда;
9. Доколку обвинението е пречекорено;
10. Со донесената пресуда се повредува одредбата за забрана на преиначување на полошо;
11. Пресудата е нејасна, неразбирлива и противречи на самата себеси;
12. Се повредува одредбата за употреба на јазикот во постапката.

Во релативните суштествени повреди во одредбите на кривичната постапка не треба само да се претпоставува дека повредата придонела за неправилно донесена пресуда, туку мора да се утврди која е точната повреда, и постои во два случаи само доколку со сигурност ќе утврди дека таа повреда влијаела врз пресудата Апелациониот

суд или само доколку претпоставува дека повредата на одбраната можело да влијае врз пресудата.[81]

-Погрешно утврдена фактичка состојба: во однос на овој основ за поднесување на жалба можеме да кажеме дека претставува еден од поважните основи бидејќи судот ја засновува својата одлука врз основа на изведените докази во текот на постапката. Судот за да ја утврди правилно фактичката состојба треба да ги изведе сите предложени докази и факти, било да се предложени од страна на застапникот на обвинението или, пак, од страна на одбраната. Доколку судот одбие да изведе некој доказ, може погрешно да ја утврди фактичката состојба, бидејќи може само врз основа на еден исказ од сведок кој бил очевидец на настанот судот правилно да утврди дали обвинетиот е виновен за делото коешто му се става на терет, дали има околности што ја исклучуваат неговата одговорност или пак други факти коишто се многу значајни за донесувањето на правилната одлука.

Поради ова, судот треба се до заклучување на главната расправа да ги изведе сите докази предложени од сите страни, па и доколку се предложат пред самото заклучување на главната расправа.

-Повреда на материјалното право: постои кога судот не го применил или неправилно применил некоја одредба од КЗ.

Овие повреди се точно наведени во кривичниот закон и се однесуваат кога се поставуваат прашањата:

-Дали делото што му се става на товар на обвинетиот е кривично дело;

-Дали постојат околности што можат да ја исклучат кривичната одговорност на обвинетиот;

-Дали постојат околности што го исклучуваат кривичното гонење, како што се негово застарување, амнестија, помилување или се работи за веќе пресудена работа;

-Применување на закон што не може да се примени;

-При донесување на одлуката, алтернативните мерки и мерките за безбедност постои пречекорување на овластувањето на судот;

-Кога се повредени одредбите при засметувањето на притворот во казната.[82]

[81] Лажетиќ-Бужаровска, Г., Калајџиев, Г., Мисовски, Б., Илиќ-Димоски, Д., (2015) Казнено процесно право – Скопје, страна 255-259.

[82] Лажетиќ-Бужаровска, Г., Калајџиев, Г., Мисовски, Б., Илиќ-Димоски, Д., (2015) Казнено процесно право – Скопје, страна 258-259.

-Одлука за казната: Пресудата може да се побива поради одлуката за казната којашто е донесена кога судот ќе утврди дека сторителот е виновен за делото што му се става на товар, поради што ќе му изрече соодветна казна.

Оваа причина наоѓа свое место кога судот не ја правилно одмерил казната во однос на фактот што одмерил или поголема или помала казна, затоа што воопшто не водел сметка за околностите со коишто се ублажува казната или доколку може да му изрече наместо ефективна казна затвор алтернативна мерка условна осуда, бидејќи се работи за лице коешто никогаш не било осудувано, а судот не го зел во предвид тоа, па му изрекол веднаш казна затвор, па поради ова може да се напаѓа пресудата во делот за казна. Исто така, судот овој основ може да го примени кога не ги зел во предвид околностите дека во случајот постои нужна одбрана, или дека обвинетиот бил предизвикан од оштетениот.

-Пресудата може да се напаѓа и во делот за трошоците. Имено, овој основ за побивање на пресудата може да се поднесе и како единствен основ, односно доколку обвинетиот не сака да се жали на одлуката на казната бидејќи таа му одговара, а тоа е случај кога истиот го признава делото за коешто е обвинет и кога судот му изречува мерка условна осуда или опомена, тогаш истиот е задолжен да ги плати трошоците, па така тој може во таков случај да поднесе жалба само по однос на трошоците во постапката, а во останатите случаи покрај другите наведени напред причини може да се жали и на утврдените трошоци во постапката. [83]

Жалба може да поднесе или застапникот на обвинението доколку се работи за обвинение подигнато од јавен обвинител, или приватниот тужител доколку е поднесена приватна кривична тужба од оштетениот како приватен тужител или, пак, од обвинетиот, друг нема право да поднесе жалба.

Жалбата се поднесува преку судот што ја донел првостепената пресуда до апелациониот суд на коешто подрачје е првостепениот суд. Во оваа постапка жалбата не се доставува директно до апелациониот суд туку и првостепениот суд има свои законски обврски, а тоа е да ја провери дали е поднесена од овластен подносител, дали ги содржи сите елементи дали е навремена, дали е наведен основот поради кој се побива, дали е потпишана и дали е наведена пресудата против која се поднесува, па доколку утврди дека недостига некој елемент истата може да биде отфрлена.

[83] Лажетиќ-Бужаровска, Г., Калајџиев, Г., Мисовски, Б., Илиќ-Димоски, Д., (2015) Казнено процесно право – Скопје, страна 253-271.

Но, доколку истата е уредна и навремена тогаш еден примерок од жалбата му се доставува на спротивната страна кој има законски рок од 10 дена да достави до судот одговор на жалба.

По завршувањето на осумте дена од доставување на жалбата, било да се достави одговор на жалба од спротивната страна или, пак, да не се достави, првостепениот суд целокупниот предмет со сите списи го доставува по службена должност на второстепениот суд.

Кога предметот ќе стигне пред Апелациониот суд, се одредува судија известител кој го проучува целокупниот предмет со сите списи во предметот од почетокот до крајот, потоа ги проучува наводите во жалбата и наводите во одговорот во жалбата и целокупниот предмет го излага пред советот, односно пред другите двајца судии.

Притоа, второстепениот суд ја донесува својата одлука или на седница на совет доколку се работи за кривично дело кое е поведено од страна на јавен обвинител тогаш судијата известител ги доставува списите до вишиот јавен обвинител за мислење.

Второстепениот суд може да одлучи на седница да биде повикан и бранителот, обвинетиот доколку во жалбата постои предлог од страна на обвинетиот или неговиот бранител дека бара да биде присутен на јавната седница.

Седницата започнува со известување на судијата известител за целокупниот тек на предметот од самиот почеток до неговиот крај, потоа продолжува со излагање на жалбата на подносителот на жалбата во однос на неговите наводи, но не за целокупната жалба, туку само се бара суштинското, подносителот на жалбата да образложи во што се состои повредата и поради што смета дека пресудата треба да биде укината, за наредно се дава збор на подносителот на Одговорот на жалбата да ги образложи неговите наводи во одговорот, но како и кај подносителот на жалбата, се бара накратко да се објасни зошто смета дека жалбата е неоснована и дека треба да биде одбиена како неоснована.

Апелациониот суд може да одлучи на седница и без присуство на сите овие странки во постапката само во совет бидејќи ова не претставува услов за донесување на одлуката, затоа што судот го има целокупниот предмет со сите записници и со сите изјави на сведоци и странки, односно на сите изведени докази во постапката.

Вториот начин по кој одлучува Апелациониот суд е по одржана расправа, на овој начин може да се одлучи судот доколку смета дека постојат нови факти и нови докази кои првпат се изнесуваат во жалбата, па не мора предметот да се враќа на

првостепениот суд од причина што поекономично е пред истиот да се одржи главна расправа во која ќе одлучи да се поканат сите странки во постапката, како и сведоци, вештаци кои сака да ги сослуша.

Апелациониот суд по правило ја испитува првостепената пресуда само во делот кајшто се напаѓа, освен во случаите кога по службена должност испитува дали има повреда во кривичната постапка.

Второстепениот суд донесува пресуди или решенија со коишто одлучува по однос на поднесената жалба и тоа:

-Пресуда со којашто се потврдува првостепената пресуда а се одбива жалбата како неоснована;

-Пресуда со која се преиначува првостепена пресуда, а таква се донесува кога второстепениот суд ја уважува жалбата и донесува поинаква одлука од првостепената пресуда;

-Решение со кое жалбата се отфрла како ненавремена;

-Решение со кое се отфрла жалбата како недозволена;

-Решение со кое се уважува жалбата, првостепената пресуда се укинува и предметот се враќа на повторно судење, овој е најчест начин на одлучување на второстепениот суд по жалба бидејќи второстепениот суд доколку утврди дека првостепениот суд сторил суштествена повреда на одредбите на кривичната постапка или доколку утврди дека првостепениот суд несфатливо при непостоење на докази ја донел одлуката, тој во своето решение дава укажување, односно задолжување на првостепениот суд да закаже и одрже нова главна расправа на којашто ќе го задолжи да преземе одредени дејствија дали повторно сослушување на странките.[84]

5.4.1.2. Жалба на пресуда на второстепениот суд

Оваа жалба е дозволена само во одредени случаи, бидејќи во нашата кривична постапка е дозволена само жалба на првостепената пресуда, а ваква жалба може да се достави доколку е изречена казна доживотен затвор, доколку второстепениот суд одржал јавна расправа, но утврдил различна фактичка состојба од првостепениот суд и

[84] Лажетиќ-Бужаровска, Г., Калајџиев, Г., Мисовски, Б., Илиќ-Димоски, Д., (2015) Казнено процесно право – Скопје, страна 253-266.

доколку ја преиначил пресудата на првостепениот суд со која обвинетиот кој бил ослободен од обвинение, истиот донел одлука дека се огласува за виновен.

Сите одредби за поднесувањето на жалбата се исти како и за жалбата против првостепената одлука, разликата е само што за оваа жалба одлучува ВСРСМ, кој суди на седница на совет и овде не постои јавна расправа.

Одредбите за ненавремноста и недозволеноста на жалбата се однесуваат и за ВСРСМ.

Притоа ВСРСМ ја испитува само промената на квалификацијата на делото и на одлуката за казната, но не влегува во фактичката состојба.

5.4.1.3. Жалба на решение

Во текот на целото водење на кривичната постапка, првостепениот суд донесува формално-правни решенија и тоа најпрво судијата во претходната постапка, потоа судот при водењето на самата кривична постапка. Против некои решенија е дозволено изјавување на жалба, а постојат решенија во коишто е наведено дека изјавување на посебна жалба не е дозволено, а можат да се побиваат само во жалбата на пресудата.

Доколку според законот е дозволена жалба, тогаш по истата може да одлучува кривичниот совет ако е донесена од судија на претходна постапка како што е, на пример, одредување на мерка притвор.

Ваква жалба може да биде поднесена не само од странките, туку и од нивните роднини, вон/брачен другар, бранител и слично. Рокот за поднесување на ваквите жалби е многу пократок најчесто 3 дена, а постои и 24-часовен рок за решение за притвор (48 часа за продолжување на мерка притвор) и така натаму.

Основите за поднесување на вакви жалби се истите како претходно наведените основи кај поднесувањето на жалба на пресуда, само што разликата е во тоа што се поднесува до првостепениот суд кој го донел решението.

5.4.2. Вонредни правни лекови

Доколку првостепениот суд донесе одлука со којашто, на пример, жалбата ја отфрла, или доколку жалбата биде одбиена како неоснована, па првостепената одлука се потврди, тоа значи дека постапката е завршена, односно судот пресудил. Но, што

ако по извесно време се појават нови факти или постоела можност да биле изведени во текот на постапката, тогаш судот ќе донел поинаква одлука, поради ова законодавецот предвидел, освен редовни, да постојат и вонредни правни лекови коишто можат да се изјават по првосилно завршување на постапката, а тие се:

-Повторување на кривичната постапка;

-Барање за заштита на законитоста;

-Барање за вонредно преиспитување на првосилна пресуда.

-Повторување на постапката: постои кога ќе се појават нови факти и нови докази и постапката се повторува доколку е завршена со правосилна пресуда, доколку е запрена со решение, доколку постапката е водена во отсуство на обвинетиот и кога се дозволува повторување на постапката само со преиначување на одлуката во делот на казната.

Повторувањето на постапката може да покренат странките, бранителот и сите оние лица коишто можат да го овластат бранителот да ја поведе постапката и да го брани осуденото лице и ова право нема посебен рок, туку се поврзува со застарувањето на кривичното дело, а и по издржувањето на казната, без оглед дали имало амнестија или помилување.

Причини поради коишто може да се поднесе се: доколку правосилната пресуда е донесена врз основа на лажен исказ на сведок, лажна исправа и други лажни докази, доколку се докаже дека пресудата е донесена поради кривично дело на судија или други лица коишто извршувале истражни дејствија, доколку се дознаат нови факти или нови докази која е и најчеста причина и кои доколку постоеле во претходната постапка, би дошле до поинаква фактичка состојба, доколку се работи за веќе пресудена работа, доколку едно лице е осудено за продолжено кривично дело, а пак, е суден со други пресуди за поединечни дела од продолженото кривично дело.

Повторувањето на постапката се води пред истиот суд кој ја водел првостепената постапка, дали ќе се дозволи одлучува советот, притоа истиот може да донесе решение со кое ќе го отфрли барањето, а доколку го усвои, постапката ќе продолжи со тоа што ќе го достави на спротивната страна и ќе ѝ даде рок од 8 дена за да се изјасни, потоа судот се впушта во расправање и може да донесе решение постапката да се повтори или да го одбие барањето.

Во Законот е предвидено да доколку некое лице е судено, во негово отсуство да може да бара постапката да му биде повторена, во тој случај судот задолжително мора

да обезбеди повторување на постапката и предметот да се врати во фаза на доставување на обвинителниот акт.

-Барање за заштита на законитоста: за разлика од повторувањето на постапката каде акцент се става на неправилно утврдената фактичката состојба во барањето за заштита на законитоста, примат се става на правен недостаток на правосилната одлука, односно во случај кога е повреден законот може да се поднесе овој вонреден правен лек. Овој правен лек може да го користи само јавниот обвинител и може да ја побива само правосилната судска одлука.

Целта на овој лек е сите судови да ги донесуваат своите одлуки врз снова на еднообразна примена на правото, односно да не постои разновидност во донесувањето на одлуките со којшто се повредува законот.

За овој правен лек одлучува ВСРСМ, и истиот може да донесе Решение да го отфрли барањето или Пресуда за одбивање, а доколку го усвои може да ја преиначи правосилната одлука поради повреда на материјалното право и тоа само во корист на осуденият или пак, да ги укине првостепена и второстепената одлука или само одлуката на апелациониот суд и да го врати предметот на повторно судење, и тоа сето го прави доколку е повреден законот на штета на осуденият.

-Барање за вонредно преиспитување на правосилна пресуда; Овој вонреден правен лек се поднесува кога лицето е осудено на казна затвор или на малолетнички затвор од најмалку една година, но за да се поднесе, постои услов, а тоа е да осуденият претходно да го имал користено редовниот правен лек.

За ова барање стварно надлежен суд е ВСРСМ и точно се определени основите кога може да се поднесе, а тоа е кога е повреден КЗ на штета на осуденият, а тоа е дали делото за кое се гонел е кривично дело, дали постојат околности што ја исклучуваат кривичната одговорност, кривичното гонење, настапила застареност на кривичното гонење, се применил закон кој не можел да се примени или се пречекорени границите на казната.

Во другиот дел се вбројуваат случаи кога се повредени одредбите од кривичната постапка кои спаѓаат во суштествени повреди наброени во ЗКП и тоа ако судот е неправилно составен, ако е подигнато обвинение од неовластен тужител, ако пресудата е донесена врз основа на доказ кој е недозволен, ако е пречекорено обвинението и поради повреда на правата на одбраната, со тоа што не му е дадено на обвинетиот целосно да се брани и да ја изложи својата одбрана.

Овој вонреден лек го поднесува само осуденият и неговиот бранител, и тоа во рок од 30 дена од правосилноста на пресудата. За ваквиот вонреден правен лек одлучува првостепениот суд којшто решавал во прв степен и доколку не го отфрли барањето, кривичниот совет донесува одлука со којашто го дозволува и може да донесе и одлука да се прекине извршувањето на правосилната пресуда.

Во текот на постапката судот ќе утврди дали е повреден законот преку судија известител кој на седница дава објаснување во однос на испитувањето на повредата на законот и ВСРСМ може да донесе одлука со која или да го одбие барањето или пак, ќе го усвои и ќе ја преиначи првосилната одлука во корист на осуденият или ќе ги укине и двете одлуки или на само повисокиот суд и предметот ќе го врати на повторно судење.[85]

6. Забрзани постапки

Со измената на на ЗКП во 2010 година се изврши реформа и се воведе најголемата новина во нашето законодавство коешто не беше содржано во стариот ЗКП, а тоа се трите нови постапки со скратено времетраење покрај реформираната скратена постапка, каде што се одзема главната и доминантна улога на судот а се става примат на забрзанати постапки каде што судот се става настрана, а главна улога зазема јавното обвинителство и самиот обвинет.

Потребата од донесување на вакви постапки со скратено времетраење беше поради фактот што постапките по стариот ЗКП траеја многу долго, трошоците поради времетраењето беа енормно високи, често настапување и застарување на кривичното гонење, па и на казната, неекономичност на постапката, па поради ова се јави потребата да се донесат нови одредби со којшто ќе се забрзат постапките, а целта сепак ќе биде остварена.

Скратената кривична постапка може да најде примена доколку се работи за кривично дело за кое е предвидена казна затвор до 5 години и, исто така, се поведува со обвинителен предлог и за разлика од обвинителниот акт, не е дозволен приговор, исто може да биде определена мерката притвор кој може да трае до осум дена, а од

[85] Лажетиќ-Бужаровска, Г., Калајџиев, Г., Мисовски, Б., Илиќ-Димоски, Д.. (2015) Казнено процесно право – Скопје, страна 268-271.

моментот на поднесувањето до завршувањето на постапката во времетраење од 60 дена[86].

Новина во оваа постапка е и рочиштето за помирување кадешто судијата поединец пред да ја закаже главната расправа ги повикува странките заради помирување каде што истиот вложува напор за да ги помири и доколку постои согласност, судијата може да даде предлог и да ги упати во постапка за медијација.

Доколку не успее да ги помири, ниту пак не сакаат да бидат упатени на медијација, тој закажува главна расправа повикувајќи ги да ги достават сите докази. На главната расправа доколку не дојде обвинетиот, истата може да се одржи и во негово отсуство, доколку не дојде приватниот тужител, се смета дека се откажал од тужбата, обвинетиот се поучува дека има право да земе бранител, но доколку нема, расправата ќе се одржи и без бранител.

Целта на оваа постапка е расправата да се одржи брзо по можност без прекини, и пресудата се објавува по заклучувањето на главната расправа и во рок од осум дена истата да се изработи, за кој рок е предвиден и за изјавување на жалба.[87]

Трите нови постапки покрај реформираната скратена постапка, коишто беа донесени со измените на ЗКП се постапка за медијација, постапка за издавање на казнен налог и постапка на спогодување.

6.1. Постапка за медијација

Постапката за медијација може да се примени само кога се работи за кривично дело кое се гони по приватна кривична тужба. Карактеристично за медијацијата е тоа што судијата им предлага на страните спорот да го решат со медијација, и тие изречно треба да дадат согласност дека сакаат спорот да го решат по пат на медијација.

Во таков случај судијата донесува формално решение дека се покренува постапка за медијација и им се остава рок од три дена да се упатат на постапка за медијација кај овластен медијатор. Доколку странките во рокот од три дена не се упатат кај медијатор судијата ја закажува главната расправа.

[86] Димовски, С., Илиевски, Ј., Димитриевски, З., (2014) Јавност во кривичната постапка, Скопје, страна 57.

[87] Бужаровска, Г., Мисовски, Б., (2009) Спогодување и медијација, ЗДРУЖЕНИЕ ЗА КРИВИЧНО ПРАВО И КРИМИНОЛОГИЈА НА МАКЕДОНИЈА, страна 1-29.

Медијаторот се определува спогодбено при што се известува судијата кој медијатор е одбран. Постапката кај медијаторот се спроведува согласно Законот за медијација и истата постапка може да трае најдолго до 45 дена, но целта на медијаторот е да ги спогоди страните во постапката.

Доколку се постигне спогодба, медијаторот ја составува во писмена форма и двете страни ја потпишуваат, тоа значи дека постапката за медијација е успешно завршена, во истата се наведува како се договориле во однос на штетата, одлуката за надоместокот на трошоците за бранителот, медијаторот, материјалните трошоци за лечење, односно болнички трошоци, висината на штетата и начин на исплата и истата ќе биде заверена со потпис и печат на медијаторот.

Оваа спогодба се доставува до судијата којшто ја води постапката, но и доказ дека лицето ги исполнило договорените обврски како и дека ги надоместил сите трошоци и доколку овие услови се исполнети, судијата донесува Решение за запирање на постапката, но доколку не се исполнети обврските тогаш се смета дека медијацијата е неуспешна и судијата ја продолжува скратената постапка.

Медијација е неуспешна и кога медијаторот му достави до судот дека постапката е неуспешна, помине рокот од 45 дена, а не се постигне спогодба, една од странките се повлече од постапката за медијација или пак, самиот медијатор си донесе Решение дека постигнатата спогодба е незаконска, за што во сите случаи мора да го извести судијата.

6.2. Постапка за издавање на казнен налог

Како најчест начин на завршување на скратените кривични постапки е постапката за издавање казнен налог. Велиме најчесто затоа што се применува за кривични дела за коишто е предвидена казна затвор до пет години или парична казна или скратена постапка. [88]

Карактеристично за оваа постапка е тоа што целосно се отфрла главната расправа, изведувањето на доказите, а тоа е и најтешкиот дел којшто одзема многу време и кој предизвикува големи трошоци.

[88] Нича, Ј., Коневска, М., Кадиев, Д., (2013) „Напредна обика за новиот ЗКП МОДУЛ: 4 ЗАБРЗАНИ ПОСТАПКИ – Прирачник, Академија за судии и обвинители, Скопје, страна 29-31.

Со предлогот за издавање казнен налог се предлага изрекување на парични казни, условна осуда, забрана за управување на моторно возило до две години, конфискација на имот и имотна корист прибавена со кривично дело и одземање на предмети. [89]

Овој предлог го доставува јавниот обвинител или приватниот тужител со приватната кривична тужба до судот и судијата поединец најпрвин оценува дали предлогот е дозволен, доколку не е дозволен ќе го отфрли, но доколку оцени дека нема основ за издавање на ваков казнен налог бидејќи се работи за дело за коешто треба да се изрече построга казна, тој може предлогот за издавање на казнен налог да го оцени како обвинителен предлог и да ја води постапката според одредбите за скратена постапка.

Но, доколку судијата поединец оцени дека предлогот треба да го прифати, тогаш тој донесува пресуда со којашто го издава казнениот налог со предложените мерки во однос на кривичната санкција од страна на јавниот обвинител, наведувајќи ги само доказите кои се предложени од страна на јавниот обвинител и врз основа на кои е донесен казнениот налог.

Ваквата пресуда се доставува до обвинетото лице. Задолжително во истата е наведено дека против овој казнен налог е доволен приговор во рок од осум дена, доколку обвинетиот не го поднесе приговорот во дадениот рок од осум дена тогаш истиот станува правосилен и обвинетото лице е обврзано со кривичната санкција која што му е изречена во казнениот налог.

Но, доколку истиот изјави приговор против казнениот налог, тогаш судијата поединец оценува дали е навремен, дали е дозволен и доколку истиот е навремен и дозволен, тогаш се смета дека пресудата како и воопшто да не е донесена и се закажува главна расправа.

6.3. Спогодување

Постапката за спогодување помеѓу јавниот обвинител и осомничениот и неговиот бранител е најголема новина во нашето законодавство, која влече корени од

[89] Димовски, С., Илиевски, Ј., Димитриевски, З., (2014) Јавност во кривичната постапка, Скопје, страна 66.

англосаксонското право од САД и Велика Британија, а од Европа: Италија, Босна и Херцеговина и Хрватска.[90]

Ваквото спогодување може да најде место кога ЈО има собрано доволно неспорни докази за стореното кривично дело, за неговиот сторител и сите овие докази наведуваат дека постои причинско-последична врска помеѓу стореното кривично дело и обвинетиот, односно дека лицето коешто е осомничено е сторителот на кривичното дело за коешто се обвинува.

Карактеристично е тоа што полза од ваквото спогодување има највеќе сторителот на кривичното дело затоа што доколку дојде до судење, отварање на главна расправа, изведување на докази во постапката се предизвикуваат големи трошоци, а со тоа се раѓа и неизвесност од висината на кривичната санкција што би му се одредила по завршувањето на главната расправа, а којашто висина целосно ќе биде помала доколку дојде до постигната спогодба помеѓу јавниот обвинител и сторителот на кривичното дело.[91]

Како доблест со ова спогодување е и економичноста на постапката така што доколку се постигне спогодба, таа се завршува брзо, едноставно и без вклучување на судот.

Во нашето законодавство, како предмет на спогодување помеѓу јавниот обвинител и осомничениот, може да биде видот и висината на кривичната санкција, трошоците во постапката и имотното-правно побарување[92] доколку го побара оштетениот.

Спогодувањето наоѓа место уште во текот на истражната постапка, односно од самиот почеток, па се до доставувањето на обвинението до судот, притоа интересно е тоа што доколку се работи за едно кривично дело, тогаш е едноставно, но доколку постојат повеќе кривични дела, може да се спогоди за дел од нив, но и за сите нив.

Во оваа постапка странки можат да бидат само јавниот обвинител и осомничениот и неговиот бранител. Карактеристично е што без присуство на бранител не може да се случи ваква спогодба и претставува важен услов за полноважност на

[90] Бужароска, Г., (2010) Спогодување за вина: Прирачник за практичари (Гордана Бужароска, Мајкал Г. Карнавас, Дејвид Ре), Скопје, Мисија на ОБСЕ во Скопје.

[91] Бужаровска, Г., Нанев, Л., Мисовски, Б., (2008) Компаративно истражување на решенијата за забразување и поедноставување на казнената постапка, МРКК, бр. 1/2008.

[92] Имотно-правното побарување се определува според изјавата што ја дал оштетениот и се внесува евентуално постигнатата согласност за начинот на остварување на ова побарување во предлог спогодбата.

спогодбата, а заради отстранување на каква било повреда и кршење на правото на одбрана.[93]

Осомниченият, со ниту една постапка не смее да биде присилен да склучи ваква спогодба што значи дека не смее да се присили да ја признае вината, туку неговата волја треба да биде слободна, односно самиот да изрази желба за да се склучи ваква спогодба.[94]

За оваа постапка важно е тоа што не може да учествува оштетениот, но тоа не значи дека во спогодбата нема да се покрене прашањето за имотно-правното побарување, односно за висината на штетата и нејзиното надоместување, но и доколку не биде опфатено, тој ќе биде упатен своето имотно-правно побарување да го бара во граѓански спор.

Како што оштетениот не смее да учествува во постапката за спогодување, така и постои изречна забрана на судот да учествува или на каков било начин да се бара негова дозвола за да се склучи спогодбата. Но, ова е и логично затоа што со измените на одредбите на ЗКП, целокупната истражна постапка која беше во рамките на судот преку истражниот судија е пренесена во целосна одговорност на јавното обвинителство.

Неучеството на судот е добро решение од причина што доколку не дојде до склучување на оваа спогодба и се води главна расправа пред судот, најдобра солуција е судот да нема никакви сознанија за изјавите што се дадени во текот на спогодувањето, за понудите од страна на јавниот обвинител, за да ваквите сознанија понатаму не влијаат за правилно донесување на одлуката на судот и правилно утврдување на фактичката состојба, затоа што судот не треба да знае ништо за предметот кој треба да отпочне од почеток кај него.

Веќе наведовме дека доколку дојде до спогодба јавниот обвинител предлага во понудата ублажување на казната, во законски определените рамки за тоа кривично дело, но не под границите определени во КЗ.[95]

По завршувањето на сите преговори и доколку дојде до спогодба помеѓу јавниот обвинител, осомниченият и неговиот бранител во однос на сите елементи

[93] Димовски, С., Илиевски, Ј., Димитриевски, З., (2014) Јавност во кривичната постапка, Скопје, страна 61-65.

[94] Бужаровска, Г., Мисовски, Б., (2009) Спогодување и медијација, ЗДРУЖЕНИЕ ЗА КРИВИЧНО ПРАВО И КРИМИНОЛОГИЈА НА МАКЕДОНИЈА, Скопје, страна 1-29.

[95] Бужаровска, Г., Мисовски, Б., Спогодување и медијација, страна 221.

тогаш се оди кон донесување на писмена предлог-спогодба потпишана од сите страни кои биле присутни на спогодувањето, која се доставува до судот. [96]

Како задолжителни елементи на спогодбата се странките во постапката, опис на кривичното дело коешто му се става на товар, постигнатата согласност за висината на казната, висината на штетата, односно имотно-правното побарување, изјави од јавниот обвинител, изјави од осомничениот, трошоците во постапката и задолжително своерачен нивен потпис.

Оваа предлог спогодба се доставува до судијата на претходната постапка кој е надлежен за нејзина оцена дали е донесена согласно законот за да може да ја прифати, за да може да ја прифати тој задолжително закажува рочиште на коешто ги повикува сите странки коишто учествувале во спогодувањето за да утврди: дали предлог-спогодбата е донесена и потпишана доброволно од странките во постапката, дали осомничениот е свесен за последиците од нејзино прифаќање, дали е известен дека не може да поднесе жалба на пресудата, дали му е објаснето дека има обврска за надомест на штета, односно за имотното-правно побарување и дали му е објаснето за висината на трошоците коишто треба да ги намири по завршување на постапката.

Па така, доколку судијата на претходната постапка утврди дека осомничениот бил во заблуда кога ја потпишувал спогодбата и дека немал никакво познавање во однос на овие погоре наведени околности, тогаш судијата ќе ја одбие предлог спогодбата со решение и ќе го врати предметот до јавниот обвинител, но доколку донесе одлука да ја прифати предлог спогодбата, тогаш ќе ги извести дека со самото прифаќање се откажуваат од правото на жалба на донесената пресуда и дека имаат право до донесување на одлуката од страна на судот да се откажат од истата. [97]

Законодавецот предвидел, и доколку настане измена во однос на кривичната санкција и доколку се откажат од предлог спогодбата, во тој случај се смета дека ако настане измена околу кривичната санкција, дека се откажале од предлог спогодбата, но станува збор за откажување и кога изречно во текот на рочиштето се поднесе барање за висината на казната која е содржана во предлог-спогодбата, и во таков случај судијата на претходната постапка донесува Решение за одбивање на предлог-спогодбата.

[96] Бужаровска, Г., Мисовски, Б., (2009) Спогодување и медијација, ЗДРУЖЕНИЕ ЗА КРИВИЧНО ПРАВО И КРИМИНОЛОГИЈА НА МАКЕДОНИЈА, Скопје, страна 1-29.

[97] Бужаровска, Г., (2010) Спогодување за вина: Прирачник за практичари (Гордана Бужаровска, Мајкл Г. Карнавас, Дејвид Ре) – Скопје: OBSE, страна 42-43.

Против ова Решение не е дозволена жалба, а предметот со сите списи се враќа кај јавниот обвинител. Во нашиот ЗКП не постои забрана за потворно поднесување на ваква предлог-спогодба, што значи дека може и повторно да се поднесе.

Судијата на претходната постапка доколку оцени дека не постои пречка за предлог-спогодбата, донесува пресуда согласно предлог-спогодбата која се објавува веднаш, а се изготвува во рок од три дена и се доставува до сите странки во постапката и на оштетениот кој има право своето имотно-правно побарување да го оствари во оваа постапка по оваа донесена пресуда, но и во граѓанска постапка доколку е незадоволен.

Во фазата на оцена на обвинението до судот додека не донесе одлука во однос на основаноста на обвинението договарање или спогодување може да се пристапи само по барање на одбраната и осомничениот може да го признае делото коешто е наведено во наредбата за спроведување на истражната постапка.[98]

Осомничениот има можност во дадениот рок од осум дена откако ќе го прими обвинителниот акт да даде согласност за спогодување, односно да даде изјава за признавање на вина, за имотно-правно побарување и трошоците во кривичната постапка.

Судијата во претходната постапка на записник констатира дали изјавата е дадена доброволна, дали постои заблуда и доколку е така, тој не ја прифаќа изјавата и продолжува по постапката за оцена на обвинителниот акт. Најважно е дека оваа изјава не смее да се користи како доказ во понатамошната постапка, таа исто како да не постоела претходно, се издвојува од предметот и се става во посебна обвивка.[99]

Карактеристично за постапката за спогодување во овие две фази е тоа што во истражната постапка, таа постапка може да трае додека трае истражната постапка. Додека во постапката за оцена на обвинителниот акт таа трае само петнаестина дена.

Во секој случај, судијата на претходната постапка мора да закаже рочиште за оцена на предлог спогодбата и доколку спогодувањето е неуспешно, продолжува постапката за оцена на обвинителниот акт. Ваквата постапка продолжува и кога судијата донесе решение за неприфаќање на предлог-спогодбата, но доколку прифати, тогаш донесува пресуда врз основа на предлог-спогодбата.

[98] Нича, Ј., Коневска, М., Кадиев, Д., (2013) „Напредна обика за новиот ЗКП МОДУЛ: 4 ЗАБРЗАНИ ПОСТАПКИ – Прирачник, Академија за судии и обвинители, Скопје, страна 31-40.

[99] Нича, Ј., Коневска, М., Кадиев, Д., (2013) „Напредна обика за новиот ЗКП МОДУЛ: 4 ЗАБРЗАНИ ПОСТАПКИ – Прирачник, Академија за судии и обвинители, Скопје, страна 29-31.

Доколку осомниченият го пропуштил ова право за поднесување изјава за признавање на вина, тој може, доколку судот донесе одлука за одржување на рочиште за оцена на обвинителниот акт, да даде ваква изјава.

Наредна фаза и последна фаза за давање изјава за признавање на вина е фазата на главната расправа, но на самиот почеток кога застапникот на обвинението и бранителот ги даваат своите воведни говори. Во оваа фаза, обвинетиот ќе се повика да даде изјава дали се чувствува виновен за делата коишто му се ставаат на товар, и тој има право да даде изјава со којашто ќе ја признае вината дали за сите кривични дела или пак, за дел од нив зависи само од него.

Исто како претходните случаи судијата има обврска да ја преиспита изјавата во однос на фактот дали е свесен за изјавата, да не е во заблуда за последиците, за имотноправното побарување како и трошоците на кривичната постапка.

Разликата во оваа фаза е тоа што не се поднесува предлог спогодба, туку судијата може да го прифати признанието, формално ја започнува доказната постапка, но само ги изведува оние докази кои можат да се однесуваат само на одлуката за кривичната санкција и судот донесува осудителна пресуда, која не може во никој случај да биде нападната со жалба поради погрешно или нецелосно утврдена фактичка состојба.

Но, доколку судот оцени дека не може да го прифати признанието, истиот продолжува со главната расправа со изведување на предложените докази кои судот ги прифатил и признанието заедно со записникот да го издвои од списите од предметот и да го стави во посебна папка.

Табела бр.6 – Податоци за институтот спогодба помеѓу јавниот обвинител и обвинетиот за 2014, 2015, 2016, 2017 и 2018 година.

	Скратена Постапка	**Истражна Постапка**	**По поднесен обвинителен акт**	**Вкупно**
2014 година	105	269	15	389
2015 година	166	124	10	300
2016 година	226	213	19	458
2017 година	137	174	16	327
2018 година	168	106	6	280

Извор- Годишен извештај за работењето на Јавното обвинителство во Република Северна Македонија за 2014, 2015, 2016, 2017 и 2018 година, достапно на - http://jorm.gov.mk/category/dokumenti/izvestai/

Според оваа табела можеме да заклучиме дека најголем број на спогодби има направено во 2016 година и тоа 458 спогодби за една година, што ни тоа не е доволно затоа што бројот би требало да биде многу поголем од причина што со овој институт не се пренатрупува работата на судот, постапката е поекономична, поефикасна и побрза. Најмал број има во 2018 година. Со ова, ја образложивме нашата хипотеза бр. 3.

Спогодбата може да се одвива и кога е пропишана казна затвор над пет години не само за условна осуда или за парична казна.

ГЛАВА ТРЕТА – СЛИЧНОСТИ И РАЗЛИКИ ПОМЕЃУ САД И РСМ

Треба да се има во предвид дека практично не постојат две идентични казнени постапки кога зборуваме за различни држави, односно за нивните правни системи, затоа што меѓусебно често и прилично се разликуваат казнените постапки на конкретни држави кои инаку доминанто припаѓаат на еден или друг казнено-процесен систем. Од тоа произлегува дека во оваа анализа во рамките на еден сумарен табеларен приказ ќе укажеме на некои најдоминантни карактеристики на едниот или другиот казнен систем споредбено.

Кај овие два споредбени типови на казнената постапка ќе ги споредиме неколкуте основни карактеристики кои, пред сè, се однесуваат на следните прашања:

1. Општите казнено-процесни проблематики како што е учењето за забраната за основни докази, (не)можноста на користење на т.н. индиректни докази, односно индиции, начинот на организацијата на судот (порота/ професионален судија), значењето кое се дава на поединечни казнено-процесни начела како што е начелото на вистина, значењето на признавањето на вина како доказ и неговата поврзаност со останатите докази итн.
2. Организација на казнената постапка во смисла на стадиуми, каде спаѓаат прашањата како што се степенот на (не)формалност на истрагата, бројот на процесни стадиуми доминантниот начин на организација на главниот претрес, со доказно активен или пасивен кривичен суд итн.

За да ја образложиме хипотеза бр.4 табеларно и компаративно ќе ги претставиме казнено-правните системи во САД и РСМ со нивните доминантни карактеристки што би изгледало вака:

Табела бр. 7 – Доминантни кривично-процесни карактеристики помеѓу САД и РСМ

Доминантни кривичнопроцесни Карактеристики	**Кривичната постапка во САД**	**Кривичната постапка во РСМ**
1	2	3
Основни карактеристики на функционалната организација на кривичниот суд	Судот се дели на: 1)поротен суд – составен од обични граѓани кои одлучуваат за не/постоењето на вина 2)судија професионалец кој води грижа за спроведување и почитување на процесните формалности, и ја изрекува кривичната санкција доколку претходно поротата одлучила дека е докажана вината на обвинетиот.	Овде е застапен мешовит систем на организација на кривичниот суд, затоа кога се однесува за полесни кривични дела судењето го води судија поединец, а додека за потешките кривични дела совет од три судии.
Степен на доказниот активитет, односно самоактивирањето на кривичниот суд	Судот со САД има пасивна улога во постапката, односно тој не собира докази само се грижи за процесните формалности на постапката.	Судот во РСМ, исто така, има пасивна улога во постапката, односно тој води грижа за формалноста на постапката и заштитата на правата на учесниците.
Начело на материјалната вистина	Судот и овде има пасивна улога во докажувањето на обвинението, бидејќи целиот товар на докажување му припаѓа на застапникот на обвинението.	Исто така и во РСМ, судот нема обврска во докажување на вината, тоа го прави Јавниот обвинител или приватниот тужител, а обвинетиот ги има сите потребни средства за одбрана.
Поделба на доказите на посредни и	Во САД се земаат во предвид само непосредните докази, врз основа на кои се базира	Исто така и во РСМ не може да се донесе одлука врз основа на посреден доказ (сведек кој не е

непосредни докази	целокупната доказна постапка.	очевидец).
Значење на признавање на вина	Во САД признавањето на вина е најјак доказ и тогаш кога има признавање, не се бараат дополнителни докази.	Во РСМ, исто така, признанието на вина е цврст доказ и постапката може да заврши со самото признавање, но судот има и активна улога утврдувајќи дали признанието е дадено доброволно, дали е свесен обвинетиот за последиците и имотно-правни барања и трошоци.
Обврска на обвинетиот за активна одбрана	Овде обвинетиот не е должен да се брани и доколку не се брани, тогаш застапникот на обвинението доминира во постапката. Доколку обвинетот одлучи да биде сослушан може и да одговара за давање лажен исказ.	Доколку одбраната не предложи негово испитување, тогаш обинетиот не се сослушува и Јавниот обвинител не може да му поставува директни прашања. Обвинетиот може и да се брани со молчење.
Концепција за плодовите на отровното дрво	Кога се работи за непосредни докази кои се прибавени на незаконски начин во САД е карактеристично дека во никој случај не би биле земени во предвид за да се обвини или осуди, бидејќи тие докази се добиени на нелегален начин.	Во РСМ исто така има ограничување во доказите кои се допуштаат а тоа е претресот во домот на обвинетиот и без налог, телесниот преглед на обвинетиот и без негова согласност, но овие мерки како и условите на нивното изрекување, примена и обем се точно определени во ЗКП.
Задолжителна стручна одбрана на обвинетиот	Во повеќето кривични постапки обвинетиот има право на бранител по службена должност доколку нема финансиски средства за да си го дозволи. Доколку не сака, тогаш во никој	Додека кај нас за полесни кривични дела за коишто е предвидена казна до три години затвор не е задолжително присуство на бранител, додека за потешките кривични дела за кои

	случај не му се доделува, туку истиот може и самиот да се брани.	е предвидена казна над три години затвор е задолжително присуство на бранител, ако истиот не ангажира се поставува бранител по службена должност.
Улогата на оштетениот и жртвата во кривичната постапка	Во САД улогата на оштетениот е многу мала тој ја нема доказната иницијатива, ниту пак може да оствари имотно-правно побарување. Додека жртвата може да биде повторно повредена како последица на испрашувањата на обвинителот или одбраната во постапката.	Оштетениот има право да истакне имотно-правно побарување, да предлага докази, да му помага на јавниот обвинител во нивното изведување и слично. Додека жртвата може да истакне имотно-правно побарување и да соработува со Јавниот обвинител и судот при самото испрашување не дозволува жртвата да биде малтретирана.
Непостоење на правило за обострано испитување на сведокот или вештакот	Секоја странка може да ангажира вешто лице да даде наод и мислење и на самото судење се врши испитување на вештакот или на стручниот сведок и се врши така што прв директно го испитува оној што го предложил, а после завршувањето на директното испрашувања, другата страна има право на вкрстено испрашување, и потоа пак доаѓадо повторно сослушување на сведокот од странката која го предложила.	И кај нас е дозволено секоја странка да користи свое вештачење, односно да ангажира свое вешто лице кое ќе даде наод и мислење. Карактеристично е кај нас што директни прашања поставува онаа страна којашто го предложила, а вкрстени прашања спротивната страна, најважно е што не може да се дозволи вкрстено прашање доколку не произлегува од директното прашање или доколку воопшто не било поставено такво директно прашање.
Формална и неформална истрага	Овде целата истрага ја води полицијата без претходно добивање формална наредба од	Кај нас истрагата има формален карактер и ја води јавниот обвинител, кој и е надреден на

	страна на судот или јавниот обвинител. Истрагата овде е целосно неформална и е ставена главна улога на полицијата.	правосудната полиција и ѝ дава насоки и наредби за водењето на истрагата.
Непостоење на обврска на ЈО во текот на истрагата да собира докази кои одат во прилог на одбраната	Полицијата нема формална обврска да собира докази кои одат во прилог на одбраната иако се очекува да не бидат „слепи“ за доказите кои би биле во корист на одбраната.	За разлика од САД кај нас ЈО има должност со еднакво внимание да ги собира сите докази како доказите што го теретат обвинетиот така и тие што одат во прилог на неговата одбрана.
Активно учество на судот во истрагата	Целата истрага ја води полицијата додека во многу мал број на случаи Државниот обвинител. Во некои случаи постои комбинација на полициско-државно-обвинителска истрага.	Судот има мала улога и неговата улога се состои со тоа што по предлог на јавниот обвинител донесува наредби за претрес на дом или прислушкување на телефонски разговори. Решение за одредување на мерка притвор со кое се обезбедува присуство на обвинетиот или давање дозвола за прибирање податоци со посебни истражни мерки.
Судско обезбедување на докази	Не постои никаква можност за доказно ангажирање на судот во текот на истрагата бидејќи не може да се заснова пресуда на докази изведени во текот на истрагата, доколку истите не се изведени на главниот претрес.	Се дозволува изведување на докази пред судија на претходна постапка доколку постои опасност тие докази да не можат да се повторат на главната расправа.
Целта на истрагата	Целта на истрага е единствено собирање на докази кои се потребни за покренување на обвинение.	Примарна цел на истрагата е за донесување на одлука на Јавниот обвинител дали да покрене обвинение или да се откаже од кривично гонење, но и собирање на други докази за кои постои опасност дека нема да можат да се изведат при главната расправа.

Лимитирање на доказните предлози и непостоење на установата beneficium novorum	Строго лимитирана форма со којашто не е дозволено предлагање на нови докази во текот на целата постапка, туку само на претходното рочиште.	Не постојат строги лимити за предлагање на изведување на нови докази, но на одбраната ѝ е дозволено да предлага докази се до заклучување на главната расправа, но истата може и да предлага нови докази во постапката по жалба.
Активна или пасивна улога на судот во доказната постапка	Судот е пасивен при изведувањето на доказите и не смее никако да се вмеша во доказниот материјал кој му го презентираат странките во текот на судењето.	Исто така судот и овде има пасивна улога и како што кажавме претходно тој води грижа за формално-правниот дел на изведувањето на доказите.
Начело на непосредност	Доказите кои се изведени во текот на истрагата не можат да се користат на главната расправа освен исказот на самиот осомничен ако е даден во полиција или кај државниот обвинител, другите искази без оглед на тоа дали се дадени со аудио-видео запис или записник (за судот по правило не постојат), сведоците мора да се испрашуваат пред судот, и не може да се чита нивната изјава дадена во текот на истрагата.	Кај нас, исто така, не се отстапува од начелото на непосредност бидејќи судот, односно судијата го започнува предметот практично од почеток, тој не смее да донесе одлука врз основа на претходно изведени докази во текот на истрагата, туку врз основа на докази само кои се изведени во текот на главната расправа.
Неможност на судење во отсуство на обвинетиот	Не е дозволено судење во отсуство на обвинетиот.	Во нашето кривично законодавство е дозволено судење во отсуство на обвинетиот, но само во строго одредени законски услови и дозволено е повторување на постапката тогаш кога ќе се створат услови за негово

		присуство.
Постоење на порота	Во САД одлуката за прогласување на вина ја донесува поротата која може да го прогласи обвинетиот за виновен по сите точки, само по неколку или пак за невин. Во одредени случаи таа, исто така, може да донесе и одлука за санкцијата која ќе му ја одреди	Во РСМ не постои порота затоа што со судењето раководи и ја донесува одлуката за дела до 15 години затвор тоа е судија професионалец и двајца судии поротници, додека над 15 години затвор двајца судии професионалци и тројца судии поротници.
Спогодба за вина	Постојат повеќе варијанти како што се: Редукција на обвинението така што обвинителот се фокусира на полесно кривично дело, односно полесен облик на кривично дело кое е предмет на обвинението. Откажување на обвинителот од кривично гонење во поглед на поединечни кривични дела. Постигнување на согласност на обвинителот и одбраната во поглед на казната чие изрекување ќе се предложи на судијата.	Кај нас постои спогодување за вина помеѓу јавниот обвинител и обвинетиот заедно со неговиот бранител, но само за видот и висината на казната, имотно правното побарување и трошоците во постапката.
Жалба	Се поднесува само за процедурални прашања или за погрешна примена на законот што влијаело за погрешна целисходност на постапката.	Се поднесува за суштествена повреда на одредбите на ЗКП, неправилно утврдена фактичка состојба, погрешна примена на материјалното право, против одлуката за казната и против одлуката за трошоците.

Заклучок

Анализирајќи ги казнените системи во САД и во РСМ, можеме да извлечеме заклучок дека казниот систем во РСМ со вметнатите измени од 2011 година кои стапија на сила во 2013 година стана многу пофункционален, поекспедитивен и поекономичен. Имено, казниот систем на РСМ воведе новини во однос на спогодување, признавање на вина, кое претставува најголема придобивка бидејќи се скрати кривичната постапка во однос на фактот што нема потреба од распрашување на сведоци, вешти лица, а со тоа не само што се скрати времето за водењето на постапката се скратија и трошоците на самото водење на постапката.

Оваа новина произлезе од законодавството на САД каде што тие долго време го применуваат овој модус и имаат доволно теорија и практика при спроведувањето на истите модуси. Законодавството во РСМ при спроведувањето на реформите во кривичната постапка ги црпеше искуствата на законодавството во САД како позитивните така и негативните страни при примената на овие модуси.

Негативното искуство кое се покажа при примената на новата кривична постапка во РСМ е делот каде што за кривични дела за коишто е предвидена казна затвор до 3 години, каде што одбраната не е задолжителна, се појави проблем, бидејќи нема кој да предложи во листата на докази да биде изведен доказ, распит на обвинетиот, нема кој да му поставува директни прашања, бидејки судот нема право да поставува директни прашања. Штом судот нема право да поставува директни прашања, а обвинетиот нема ангажирано бранител, тогаш тој не може да ја изложи својата одбрана ако нема ангажирано бранител, па поради ова сметаме дека во овој дел треба да има измени во кривичната постапка, на начин да се овозможи на обвинетиот да даде своја одбрана, дали ќе му се дозволи самиот да ја даде својата одбрана, дали ќе му се овозможи бранител по службена должност, или ќе му се даде можност да раскаже што се случило или пак ќе се изнајде друг начин, не е битно, но битно е дека не смее да му се ускрати одбраната на обвинетиот.

Исто така, уште една негативна страна на измените во кривичната постапка е делот каде што јавното обвинителство со Решение ја отфрла кривичната пријава на оштетениот и против ова Решение е дозволена Жалба до Вишото јавно обвинителство, која е и последна истанца што одлучува по жалбата. Така што на Вишото јавно обвинителство му е дадена преголема улога, бидејќи на одлуката на Вишиот јавен

обвинител не е дозволен ниту редовен, ниту вонреден правен лек, со тоа фактички тој има поголема улога и од суд.

Додека најголем допринос претставува Признавањето на вина и Спогодувањето помеѓу јавниот обвинител, обвинетиот и неговиот бранител, како и Пресудите за издавање казнен налог по предлог на Јавен обвинител, сите овие постапки се скратени постапки и за разлика од претходниот систем којшто беше застапен во РСМ во кој се водеа долги и скапи постапки, овие скратени постапки ја олеснија постапката бидејќи не се изведуваат доказите, во многу голем обем ја скратија, а со тоа се намалија и трошоците во самата постапка.

Спогодувањето за вина е повеќе застапено во САД додека во РСМ се применува во помал обем од причина што кај нас постои спогодување само за видот и висината на казната за разлика од САД каде што е пообемно. Спогодувањето како новина во РСМ е позитивно од причина што се води и по принципот „кој признава, половина му се простува“ и при спогодувањето казната може само да се намали, но не и да се зголеми. Оваа новина треба да се доработи во нашето законодавство и да се прошири за да може повеќе од случаите да можат да се затворат со Спогодба, а со тоа се и растовари работата на судот и не се прават големи трошоци.

За разлика од законодавството во САД каде што испрашувањето на сведоците, вештите лица, самиот обвинет се води на таков начин што е премногу груб и адвокатот на одбраната или државниот обвинител можат да одат до крајност (грубо испрашување) со вербален напад за да ги добијат потребните одговори од оној кој го испрашуваат, кај нас не е дозволен таков тип на испрашување, туку само се дозволени директни прашања на оној кој го предлага сведокот и вкрстени прашања од спротивната страна, но само доколку произлегуваат од директните прашања, и сето тоа на поблаг начин.

Полицијата во САД има далеко поголеми овластувања и право на донесување на самостојни одлуки за преземање на истражни мерки за разлика од од РСМ, каде што без одлука на судија во претходна постапка не смее да се преземе ниту едно дејствие.

Можеме да заклучиме дека во РСМ се донесуваат пообјективни и стручни одлуки (пресуди) за разлика од САД, бидејќи во РСМ со судењето раководи стручен судија професионалец заедно со двајца судии поротници или пак, во совет од тројца судии и двајца судии поротници во Кривичен совет на повисокиот суд и сите тие се професионални, стручни правници. Додека во САД поротата е составена од различни граѓани со различни професии и образование во обем во зависност од тежината на

кривичното дело, но тие не се стручно правно оспособени и можат одлуката да ја донесат врз основа на емоции, а не врз основа на стручно, утврдвање на фактичката состојба.

Исто така, во предност е тоа што во РСМ се предвидени бројни правни редовни и вонредни правни лекови, а со тоа се зголемува и заштита на правата на обвинетиот и му е дадена голема можност да ја докаже својата невиност за разлика од САД каде што вакви лекови не се предвидени и им е дозволена само Жалба за погрешна примена на материјалното право или за процедурални прашања.

Од досегашната примена на Законот за кривична постапка произлезе дека доколку настане промена во составот на судечкиот совет, тогаш судењата треба да отпочнат повторно, односно Главната расправа треба да продолжи таму каде што застанала.

Имено, во досегашната кривична постапка доколку се случи ваква ситуација, тогаш судијата кој го води предметот бара согласност од застапникот на обвинението и бранителот на одбраната да можат да се изведат веќе изведените докази, а тоа е сослушување на сведоци или вештаци само со читање на веќе дадените нивни изјави на главната расправа, и доколку на судијата му се даде дозвола тогаш истите се читаат, се скратува времето на постапката.

Но, настанува проблем доколку судијата не добие таква согласност од застапникот на обвинението и одбраната и тогаш се губи многу време, пак се повикуваат сведоците или вештите лица, повторно се сослушуваат кое нешто е нелогично, па поради ова произлезе да се направи реформа во тој дел Законот да трпи измена на начин што новиот состав може претходно на нејавна седница да биде запознат со сите изјави на сослушаните сведоци или вештаци, како на пример, што известителот ги известува другите членови на советот на повисокиот суд на нејавна седница, па потоа откако членовите на советот ќе се запознаат со веќе дадените изјави, да продолжи постапката.

Исто така, сметаме дека треба да се предложат и промени во законската регулатива која се однесува на кривичната постапка во заштитата на правата на жртвата или оштетениот.

Имено, во старото законодавство на РСМ постоеше модус супсидиарен обвинителен акт. Овој модус му даваше право на оштетениот да доколку застапникот на обвинението не сакаше да ја води постапката против обвинетиот, поради кои било причини, даде изјава дека се откажува од обвинението, тогаш оштетениот имаше право

да стапи на местото на јавниот обвинител и само со една изјава да изјави дека го продолжува гонењето против обвинетиот да ја продолжи постапката која, за жал, со измените во новото кривично законодавство и новата кривична постапка ова право на оштетениот е укинато и доколку застапникот на обвинението се откаже од кривичното гонење од било кои причини тогаш постапката овде и завршува, бидејќи на оштетениот не му е дадено право да ја продолжи постапката.

Со ваквото донесено Решение за укинување на супсидијарниот обвинителен акт се даде и простор за злоупотреба на правата коишто ги има Јавниот обвинител бидејќи на ваквата донесена негова одлука никој нема право да се жали, па така никој не може да има контрола над работата на јавниот обвинител, а тоа фактички доведува до разни злоупотреби на правата што ги има, а на штета на жртвата или пак на оштетениот.

Според досега кажаното, Законот за кривична постапка во РСМ треба да трпи измени во овој дел на начин што пак ќе се врати овој модус за да може оштетениот да го оствари своето право да ја докаже вината на обвинетиот и да си го оствари своето имотно-правно побарување, но треба да има само измени во делот на надоместување на трошоците така што во претходниот систем доколку оштетениот не ја докажеше вината на обвинетиот, тогаш трошоците паѓаат на товар на буџетските средства, а промената би била да наместно државата ги исплаќа овие трошоци и истите да паднат на товар на оштетениот кој ја продолжил постапката.

Втората измена во поглед на правата на жртвата или оштетениот во кривичната постапка би била во делот од постапката каде што оштетениот поднесува кривична пријава до Основното јавно обвинителство и кога обвинителството донесува решение со коешто пријавата ја отфрла, тогаш против таквото решение на Основното јавно обвинителство е дозволена жалба до Вишото јавно обвинителство кое може да донесе одлука да ја одбие жалбата како неоснована и да го потврди Решението на Основното јавно обвинителство или пак, да го укине решението и да му нареди да спроведе истрага. Промената која треба да се направи, конкретно се однесува на ситуација кога се одбива жалбата, а се потврдува решението на ОЈО бидејќи против ваквата одлука на Вишото јавно обвинителство не е дозволена жалба и овде постапката завршува.

Нелогичноста е во тоа што на Вишото јавно обвинителство му е дадена преголема моќ и никој нема никаква контрола на ваквите донесени одлуки, бидејќи не е дозволена жалба. Бидејќи има преголема моќ која никој не ја контролира и може да дојде до злоупотреба на таа моќ, сметаме дека во овој дел треба да се направат измени

во законот на начин што ќе биде дозволена жалба до Советот на јавните обвинители или пак ВСРСМ.

Со оглед на фактот дека кривично-правниот систем во РСМ е понов, треба да се даде примат на алтернативните мерки посебно на општо корисната работа којашто во САД е позастапена и корисна за општеството, а со тоа ќе има придобивки и државата и оштеството затоа што превентивно ќе делува за останатите да не бидат сторители на кривични дела, а како главна цел треба да биде ресоцијализацијата и рехабилитацијата на сторителот, а не негово затварање во казнените установи коишто и се пренатрупани и ја чинат државата.

Користена литература

1.Книги:

1. Алексоски, С., (2009) Криминологија, Штип.
2. Арнаудовски, Љ., (2007) Криминологија, 2-ри Август С – Штип.
3. Арнаудовски, Љ., Груевска-Дракулевски, А.,(2013) Пенологија (прв дел), Правен факултет „Јустинијан Први", Скопје.
4. Аслимовски, П., Станојоска, А., (2014) Криминологија, Битола.
5. Бужаровска, Г., Калајџиев, Г., Мисовски, Б., Илиќ-Димоски, Д., (2015) Казнено процесно право – Скопје.
6. Бужаровска, Г., Калајџиев, Г., Мисовски, Б., Илиќ-Димоски, Д., (2011) Компаративно казнено процесно право – Скопје.
7. Бужаровска, Г., (2010) Истражни дејствија, Приручник за практичари, Скопје.
8. Бужаровска, Г., Карнавас, М., Ре, Д., (2010) Спогодување за вина- приручник за практичари, OSCE, Скопје.
9. Бужаровска, Г., Мисовски, Б., (2009) Спогодување и медијација, ЗДРУЖЕНИЕ ЗА КРИВИЧНО ПРАВО И КРИМИНОЛОГИЈА НА МАКЕДОНИЈА.
10. Бужаровска, Г., Нанев, Л., Мисовски, Б., (2008) Компаративно истражување на решенијата за забразување и поедноставување на казнената постапка, МРКК, бр. 1/2008.
11. Buzarovska, G., Koshevaliska, O., (2013) Digital evidence in criminal proceedings, Balkan Social Science Review, Vol.II, UGD, Shtip,
12. Бојлке, В., (2009) Закон за кривична постапка, Датапонс, Скопје.
13. Bajovic, V., (2009) Sporazum o priznanju krivice- uporedno-pravni prikaz, Pravni fakultet Univerziteta u Beogradu, Beograd.
14. Витларов, Т., (2010) НОВАТА УЛОГА НА ЈАВНИОТ ОБВИНИТЕЛ ВО КАЗНЕНАТА ПОСТАПКА, Научна статија, Универзитет „Гоце Делчев", Штип.
15. Витларов, Т., (2014) Казнено право, општ дел- применета програма. Авторизирани предавања, Универзитет „Гоце Делчев" Штип.
16. Витларов Т. (2014): Казнено право, посебен дел со практични примери Авторизирани предавања, Универзитет „Гоце Делчев" Штип
17. Гроздановска, М., (2018) ПРИМЕНА НА СПОГОДУВАЊЕТО ЗА ВИД И ВИСИНА НА КРИВИЧНАТА САНКЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА -

докторска дисертација - Правен факултет “Јустинијан Први” Скопје, Универзитет “Св. Кирил и Методиј” Скопје, Скопје
18. Димовски, С., Илиевски, Ј., Димитриевски, З., (2014) Јавност во кривичната постапка, Скопје.
19. Илиевски, Ј., (2013) Историја на јавното обвинителство во Македонија – Положба, улога, Перспективи, Докторски труд, Скопје.
20. Iyall, F., (2000) An introduction to British law,”Nomos Verlagsgesellschaft”, Baden-Baden.
21. J.M. Scheb and J.M.I. Scheb (2002) Criminal Law and Procedure, Fourth Edition, Wadsworth & Thomson Learning, Belmont.
22. Калајџиев, Г., Лажетиќ, Г., Неделкова, Л., Денковска, М., Тромбева, М., Витларов, Т., Јанкуловска, П., Кадиев, Д., (2018) Коментар на законот за кривична постапка Скопје.
23. Камбовски, В., (2004) Казнено право, општ дел, Второ издание, Култура, Скопје.
24. Камбовски, В., (2006) Казнено право, општ дел, Трето изменето издание, 2 – ри Август С - Штип.
25. Камбовски, В., (2003) Казнено право, посебен дел, Четврто дополнето издание, Скопје.
26. Камбовски, В., (2008) Кривичен Законик на РМ, интегрален текст, предговор, интегрален текст, предговор, кратки објаснувања и регистар на поими, ЈП Службен весници на Република Македонија.
27. Камбовски, В., (2005) Коментар на Кривичниот законик на Република Македонија, Матица, Скопје.
28. Камбовски, В., (2006) Правда и внатрешни работи на Европската Унија, Правен факултет „Јустинијан Први”, Скопје.
29. Камбовски, В., (2010) Судско право 2 Август С Штип
30. Касезе, А., (2009) Меѓународоно кривично право, второ издание
31. Марјановиќ, Г., (2010) Македонско кривично право, Просветно дело, Скопје.
32. Марјановиќ, Г., (2003) Македонско кривично право, општ дел, шесто изменето и дополнето издание, Просветно дело, Скопје.
33. Нанев, Л., (2013) Практикум по предметот Казнено процесно право, УГД, Штип.

34. Нича, Ј., Коневска, М., Кадиев, Д., (2013) „Напредна обика за новиот ЗКП МОДУЛ: 4 ЗАБРЗАНИ ПОСТАПКИ – Прирачник, Академија за судии и обвинители, Скопје.
35. OSCE (2012) „Прирачник за закон за кривична постапка“, Министерство за внатрешни работи, Биро за јавна безбедност, Центар за обука, Скопје.
36. Поповска, Б., (2006: За природата на правосудната функција, - Настанување направосудните функции во општесвото (Зборник ПФ Скопје) Правен факултет, Скопје.
37. Skulic, M., (2010) Nacelo zakonitosti u krivicnom pravo, Analiza Pravnog fakulteta Univerziteta u Beogradu, br.1/10, Beograd.
38. Стамевски, В., - Криминалистика, избрани теми, авторизирани предавања
39. Fletcher, G., Sheppard, S., (2005) American law in Global context: The basics, Oxford University Press, New York.
40. Фолк, К., (2008) Казнено процесно право, Основен курс, Минхен.
41. Clack, G., (Ed) (2004) Outline of the U.S.Legal System , Bureau of Internatinal Information Programs United States Department of State , Washington.
42. Chirich, J., (2008) Introduction to the law of the USA, Belgrade.
43. Џиков, С., (2001) Јавно обвинителство, Академик, Скопје.

2.Закони:

1. Закон за судовите, (Службен весник на РМ бр.58/2006, 35/2008, 150/2010.)
2. Закон за јавно обвинителство (Службен весник на РМ“80/92, 19/93, 9/94 и 9/96, 38/04, 150/07)
3. од Закон за кривичната постапка (Сл.весник на РМ бр. 44/2002, 74/2002, 83/2008, 67/2009, 51/2011, 100/2012).
4. Закон за адвокатура (Сл. Весник на РМ, бр.59/2002, 60/2006, 29/2007, 106/2008, 135/2011 и 113/2012).
5. Закон за внатрешни работи (Сл. Весник на РМ, бр. 92/09, 35/10, 36/11, 158/11, 114/12, 187/13, 42/14, 116/14, 33/15, 33/15, 5/16, 127/16, 142/16, 190/16 и 21/18)
6. Закон за извршување на санкциите (Сл. весник на РМ бр. 2/2006, 57/10, 170/13, 43/14, 166/14, 33/15 и 98/15).
7. . Закон за медијација (Сл. Весник на РМ, бр.188/13, 148/15, 192/15 и 55/16 – пречистен текст).

8. Закон за полиција (Сл. Весник на РМ, бр. 114/06, 06/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16 и 21/18 – пречистен текст).
9. Кривичен законик (пречистен текст) Сл. Весник на Р.Македонија бр.19 од 30.03.2004 година.

3.Статии:

1. Акционен план за имплементација на Законот за кривична постапка, Скопје, јуни 2009 година
2. *Годишен извештај за работењето на Јавното обвинителство во* Република Северна Македонија за 2018 година,
3. Министерство за внатрешни работи (2012), Прирачник за закон за кривична постапка
4. Miranda v. Arizona, 436 US. 499, 56 L. ED. 2nd 694, 86 S. Ct. 1602 (1966)
5. US Supreme Court, U.S. v. Brady, 397 U.S. 742,90 S.ct. 1463 (1970)
   Sentencing Reform Act of 1987
6. Miranda V. Arizona, 348 US 436(1966)
7. Federal Rules of Evidence 2009, www.FederalEvidence.com
8. Federal Rules of Criminal Procedure 2009, http://www.law.cornell.edu/rules/frermp/